# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 114 Год. LXV Понеделник, 14 септември 2009 Цена на овој број е 280 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2160. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за државните службеници. | 2 |
| 2161. | **Закон** за изменување и дополнување на Кривичниот законик........................ | 14 |
| 2162. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за спречување судир на интереси................................................ | 44 |
| 2163. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител.......................................................... | 50 |
| 2164. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за медијација...................... | 52 |
| 2165. | **Закон** за судските такси...................... | 57 |
| 2166. | **Закон** за дополнување на Законот за работните односи................................. | 74 |
| 2167. | **Закон** за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност............ | 75 |
| 2168. | **Закон** за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КФВ по Договорот за заем по Проектот „Водовод и канализација на општините Фаза I“........... | 75 |
| 2169. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој, по Договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба........ | 76 |
| 2170. | **Закон** за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга.................... | 77 |
| 2171. | **Закон** за изменување на Законот за јавните патишта……………………… | 78 |
| 2172. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај…………………………………… | 78 |
| 2173. | **Завршна сметка** на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.... | 97 |
| 2174. | **Автентично толкување** на членот 2 став 1 точка 1 од Законот за заштита и спасување.......................................... | 120 |
| 2175. | **Уредба** за методологија за распределба на наменски дотации за јавни установи за деца - детски градинки по општини за 2010 година........................... | 120 |
| 2176. | **Уредба** за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца – детски градинки по општини за 2010 година................................. | 120 |
| 2177. | **Уредба** за дополнување на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на европските заедници за распоредување на одредени стоки во комбинираната номенклатура......... | 121 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2178. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на основните и средните училишта во Република Македонија | **135** |
| 2179. | **Одлука** за основање на водостопанство „Битолско поле“ | **146** |
| 2180. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажни цени за станови и подруми за објектот Б1.12 РЦ Аеродром во Скопје | **146** |
| 2181. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажни цени за станови и подруми за објектот Б1.4 РЦ Аеродром во Скопје | **147** |
| 2182. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за образование и наука | **147** |
| 2183. | **Одлука** за давање на времено користење на движна ствар | **147** |
| 2184. | **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовна активност во Република Албанија | **148** |
| 2185. | **Упатство** за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи | **148** |
| 2186. | **Одлука** за избор на заменик претседател на Судскиот совет на Република Македонија | **160** |
| 2187. | **Одлука** за избор на судии поротници на Основен суд Струга | **160** |
| 2188. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија | **160** |
| 2189. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија | **160** |
| 2190. | **Оглас** од Судски совет на Република Македонија | **160** |
| 2191. | **Оглас** од Судски совет на Република Македонија | **161** |
| 2192. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности | **161** |
| 2193. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата | **161** |
| 2194. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со нафта и нафтени деривати | **163** |
| 2195. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност намешување на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогориво | **165** |
| 2196. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност складирање на нафта и нафтени деривати | **168** |
| | **Огласен дел** | **1-24** |


## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2160.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 септември 2009 година.

Бр. 07-3877/1
10 септември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008 и 06/2009), во членот 1 по зборот „уредуваат“ се додаваат зборовите: „опфатот на државната служба“.

Член 2

Членот 3 се менува и гласи:

„(1) Државен службеник е лице вработено во државната служба кое врши стручни, нормативно-правни, извршни, управни, управно-надзорни, плански, материјално-финансиски, сметководствени, информатички и други работи од надлежност на органот во согласност со Уставот и со закон.

(2) Државна служба, во смисла на овој закон, се органите на државната и локалната власт и другите државни органи, основани согласно со Уставот и со закон.

(3) Вработените во државната служба кои вршат помошни и технички работи за државната служба немаат статус на државни службеници.”

Член 3

Членот 3-а се менува и гласи:

„Определени прашања поврзани со правата, обврските и одговорностите на вработените во Агенцијата за разузнавање, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Армијата на Република Македонија, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, вработените кои вршат работи на обезбедување во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, вработените во царинската и даночната администрација, лицата со посебни должности и овластувања и полициските службеници во Министерството за внатрешни работи, ревизорите во Државниот завод за ревизија, вработените во агенциите, дирекциите, регулаторните тела и другите институции во кои со закон е формиран управен одбор, освен во Агенцијата за катастар на недвижности и Агенцијата за управување со одземен имот, можат да бидат уредени со закон, на начин различен од овој закон, ако тоа е неопходно поради специфичната природа на работните задачи и посебноста на извршувањето на посебните должности и овластувања."

Член 4

Членот 6 се менува и гласи:

„(1) Во државната служба, во зависност од видот на образованието, работното искуство, одговорноста и сложеноста на работните задачи, се утврдуваат 13 звања систематизирани во три групи:

- I раководни,
- II стручни и
- III стручно-административни.

(2) Раководни звања се:

- генерален секретар, секретар на градот Скопје и секретар на општина (во натамошниот текст: секретар),
- државен советник со стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку шест години работно искуство во струката, од кои две години во државната служба,
- раководител на сектор со стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку пет години работно искуство во струката, од кои две години во државната служба,
- помошник раководител на сектор со стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку четири години работно искуство во струката, од кои една година во државната служба и
- раководител на одделение со стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку четири години работно искуство во струката, од кои една година во државната служба.

(3) Стручни звања се:

- советник со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство во струката,
- виш соработник со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку две години работно искуство во струката,
- соработник со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку една година работно искуство во струката и
- помлад соработник со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и без работно искуство.

(4) Стручно-административни звања се:

- самостоен референт со завршено више или средно образование и најмалку три години работно искуство во струката,
- виш референт со завршено више или средно образование и најмалку две години работно искуство во струката,
- референт со завршено више или средно образование и најмалку една години работно искуство во струката и
- помлад референт со завршено више или средно образование и без работно искуство.

(5) На предлог на Агенцијата за државни службеници, Владата на Република Македонија донесува уредба за описот на звањата утврдени со овој закон.

Член 5

По членот 6 се додава нов член 6-а, кој гласи:

„Член 6-а

(1) Генерален секретар се именува во Уставниот суд на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавни обвинители на Република Македонија, Јавното обвинителство, Народниот правобранител, Државното правобранителство на Република Македонија, Агенцијата за државни службеници, Државниот завод за ревизија, Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Комисијата за верификација на фактите, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и Дирекцијата за заштита на личните податоци.

(2) Државен секретар се именува во министерствата, Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

(3) Секретар на градот Скопје се именува во градот Скопје, секретар на општина се именува во општина со седиште во град и во општина со седиште во село."

Член 6

Членот 7 се менува и гласи:

„(1) Агенцијата за државни службеници (во натамошниот текст: Агенцијата) е самостоен државен орган со својство на правно лице.

(2) Агенцијата за својата работа поднесува годишен извештај на усвојување до Собранието на Република Македонија, најдоцна до крајот на првото тримесечје на тековната, за претходната година.

(3) Агенцијата ги врши следниве работи:

- поднесува иницијатива до овластениот предлагач за донесување и изменување на Законот за државните службеници,
- подготвува подзаконски акти кои се однесуваат на државните службеници, а ги донесува Владата на Република Македонија,
- донесува подзаконски акти за кои е овластена со закон,
- ја пропишува содржината и начинот на подготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места,
- дава писмена согласност на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на органите од членот 3 став (2) на овој закон,
- дава писмена согласност за вработување на државен службеник на систематизирано слободно работно место,
- организира постапка за селекција и вработување на државен службеник,
- учествува во постапката за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност на државните службеници,
- ги собира извештаите за оценување на државните службеници од органите од членот 3 став (2) на овој закон,
- најдоцна во рок од 15 дена од крајниот рок за исполнување на обврските од овој закон, кои се однесуваат на доставување на извештаи и за оценување, годишни планови за соодветна и правична застапеност и програми за обука, за непостапувањето на секретарите,

односно на функционерите кои раководат со органите од членот 3 став (2) на овој закон во кои не се именува секретар, ја известува Владата на Република Македонија,

- подготвува стратешки документи поврзани со стручното усовршување и обуката на државните службеници,
- дава писмено мислење на програмите за обука на органите од членот 3 став (2) на овој закон,
- организира и спроведува генерички обуки за државните службеници,
- одлучува по жалби и приговори на државните службеници, како второстепен орган,
- води Регистар на државните службеници,
- обезбедува единствената примена на овој закон и прописите што се однесуваат на државните службеници,
- ги собира годишните планови за соодветна и правична застапеност на заедниците во органите од членот 3 ставови (2) на овој закон,
- донесува упатство за содржината на годишниот план за соодветна и правична застапеност на заедниците во органите од членот 3 ставови (2) на овој закон,
- собира и обработува податоци за вработените припадници на заедниците во органите од членот 3 став (2) на овој закон и
- врши други работи утврдени со закон."

Член 7

Во член 8 ставот (4) се брише.

Член 8

Главата „II. ВРАБОТУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ" се менува и гласи:

„ II. ВРАБОТУВАЊЕ И МОБИЛНОСТ ВО ДРЖАВНАТА СЛУЖБА

Член 9

(1) Слободно работно место во државната служба се пополнува преку следниве постапки:

- објавување на јавен оглас за вработување во државната служба,
- објавување на интерен оглас за вработување на државен службеник,
- преземање на државен службеник од еден во друг орган на работно место во исто звање и
- распоредување на државен службеник во истиот орган на друго работно место во исто звање.

(2) Постапките за пополнување на слободно работно место од ставот (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член, се спроведуваат по претходна согласност на Агенцијата и по известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финасии, односно градоначалникот на градот Скопје или на градоначалник на општина.

Член 10

(1) Секретарот се именува од редот на раководни државни службеници, со завршено високо образование и најмалку три години работно искуство во раководно звање во државната служба.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член за секретар може да се именува лице вработено во јавната администрација со завршено високо образование, три години работно искуство на раководно работно место и положен испит за раководен државен службеник.

Член 11

(1) Генералниот секретар го именува функционерот кој раководи со органите од членот 6-а став (1) на овој закон.

(2) Државниот секретар го именува Владата на Република Македонија.

(3) Секретарот на градот Скопје и секретарот на општината го именува градоначалникот.

(4) Мандатот на секретарот завршува со мандатот на органот кој го именува.

(5) По истекот на мандатот, секретарот од членот 10 став (1) на овој закон се распоредува на работно место со звање што го имал пред да е именуван за секретар.

1. Вработување во државната служба

Член 12

Вработувањето во државната служба се спроведува низ транспарентна постапка, врз основа на критериумите на стручност и компетентност и примена на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

Член 13

(1) Во државната служба може да се вработи лице кое ги исполнува општите и посебните услови.

(2) Општи услови се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност и
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење професија, дејност или должност.

(3) Посебни услови се:

- да има соодветно образование,
- да има потребно работно искуство во струката и
- други услови утврдени во актот за систематизација на работните места.

Член 14

(1) По барање на органот од членот 3 став (2) на овој закон, Агенцијата објавува јавен оглас.

(2) Агенцијата го објавува јавниот оглас од ставот (1) на овој член, на својата интернет страница и во најмалку два дневни весника од кои во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (1) на овој член не може да биде пократок од пет дена од денот на неговото објавување.

Член 15

(1) Агенцијата формира Комисија за селекција на државен службеник (во натамошниот текст: Комисијата за селекција) која ја спроведува постапката од членот 16 став (1) на овој закон.

(2) Комисијата за селекција е составена од државни службеници, и тоа претседател и два члена од кои претседателот и еден член се од органот од членот 3 став (2) на овој закон, а еден член е од Агенцијата, при што се обезбедува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

(3) Претседателот на Комисијата за селекција е од редот на раководните државни службеници од органот од членот 3 став (2) на овој закон.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, во органот од членот 3 став (2) на овој закон, во кој нема раководни државни службеници, претседателот на Комисијата за селекција се определува од редот на стручните државни службеници.

(5) Во новоформираните органи, во кои нема вработени државни службеници, Комисијата за селекција е составена од државни службеници вработени во Агенцијата.

Член 16

(1) Постапката за селекција на кандидат за државен службеник се состои од административна селекција, испит за државен службеник и интервју.

(2) Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас.

(3) Испитот за државен службеник се состои од општ и посебен дел.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член испитот за државен службеник за кандидатите кои се вработуваат на работно место со звање помлад соработник и помлад референт се состои само од општ дел.

(5) Агенцијата издава потврда за положен општ дел од испитот за државен службеник, која има важност од две години, сметано од денот на полагањето на испитот.

(6) Начинот на селектирање и вработување на државните службеници го пропишува директорот на Агенцијата.

Член 17

(1) Административната селекција од членот 16 став (2) на овој закон се спроведува во рок од пет дена по завршувањето на јавниот оглас.

(2) Испитот за државен службеник од членот 16 став (3) на овој закон се спроведува во рок од 20 дена, но не пократок од 16 дена, по завршување на административната селекција.

(3) По завршувањето на испитот за државен службеник, врз основа на резултатите од образованието и од испитот, Комисијата за селекција спроведува интервју со петте најуспешни кандидати кои го положиле испитот.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член интервју се спроведува и со кандидатите кои имаат ист резултат како и петтиот кандидат на листата.

(5) Врз основа на резултатите од образованието, испитот за државен службеник и интервјуто, во рок од три дена од денот по спроведувањето на интервјуто, Комисијата за селекција доставува ранг-листа од три најуспешни кандидати до секретарот, односно функционерот кој раководи со органот од членот 3 став (2) на овој закон, каде што не се именува секретар.

Член 17-а

(1) Секретарот односно функционерот кој раководи со органот од членот 3 став (2) на овој закон каде што не се именува секретар, во рок од три дена по добивањето на ранг-листата од членот 17 став (9) на овој закон, е должен да изврши избор на кандидат.

(2) Избраниот кандидат во рок од пет дена од денот на приемот на известувањето за извршениот избор на кандидат е должен да достави докази за исполнување на општите и посебните услови од членот 13 ставови (2) и (3) на овој закон до органот од членот 3 став (2) на овој закон.

(3) Доказот за исполнетоста на условот од членот 13 став (2) алинеја 4 на овој закон, во рок од пет дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на кандидат го обезбедува органот од членот 3 став (2) на овој закон.

(4) Ако избраниот кандидат не ги исполнува општите и посебните услови од членот 13 ставови (2) и (3) на овој закон, постапката од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се повторува за следните двајца кандидати од ранг-листата.

(5) Ако и следните двајца кандидати не ги исполнуваат условите, постапката за вработување на државен службеник се повторува.

(6) Ако во рокот од ставот (1) на овој член секретарот, односно функционерот кој раководи со органот каде што не се именува секретар, не изврши избор на кандидат кој ги исполнува условите од членот 13 ставови (2) и (3) на овој закон, нова постапка за вработување на државен службеник на истото работно место не може да се спроведе пред истекот на шест месеца од денот на истекот на рокот од ставот (1) на овој член.

(7) Одлуката за избор на државен службеник се објавува на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за државни службеници.

(8) Против одлуката за избор од ставот (1) на овој член незадоволниот државен службеник има право на жалба преку органот за чии потреби бил објавен јавен оглас до Агенцијата во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за државни службеници.

(9) Органот од ставот (6) на овој член е должен во рок од три дена да ја достави до Агенцијата жалбата и одговорот на жалбата. Агенцијата одлучува во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата.

(10) Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

(11) Против одлуката за избор на кандидат незадоволниот кандидат има право на тужба пред надлежниот суд.

(12) По завршувањето на постапката за избор секретарот, односно функционерот кој раководи со органот каде што не се именува секретар, донесува решение за вработување на државен службеник.“

Член 9

По членот 17-а се додаваат десет нови члена 17-б, 17-в, 17-г, 17-д, 17-ѓ, 17-е, 17-ж, 17-з, 17-ѕ и 17-и, кои гласат:

“Член 17-б

(1) Лицето кое за прв пат се вработува како државен службеник, пред секретарот, односно функционерот кој раководи со органот од членот 3 став (2) на овој закон, во кој не се именува секретар, дава и потпишува заклетва со следниов текст: „Се колнам дека во својата работа ќе ги почитувам Уставот и законите на Република Македонија и ќе ја вршам својата должност во согласност со Етичкиот кодекс за државните службеници“.

(2) Потпишаната заклетва се чува во работното досие на државниот службеник.

(3) Ако државниот службеник одбие да ја даде или потпише заклетвата од ставот (1) на овој член, решението за вработување е ништовно.

(4) При врачувањето на решението за вработување и примерокот од заклетвата, на државниот службеник задолжително му се врачува и примерок од Етичкиот кодекс за државните службеници и извадок од правилникот за систематизација на работните места со описот од неговото работно место.

Член 17-в

(1) Избраните кандидати за работните места со звања помлад соработник и помлад референт, се вработуваат како приправници.

(2) Приправничкиот стаж за помладите соработници изнесува 12 месеца, а за помладите референти изнесува шест месеца.

(3) Приправникот го полага посебниот дел од испитот за државен службеник од членот 16 став (3) на овој закон во рок од 15 дена пред истекот на приправничкиот стаж.

(4) Приправникот кој го положил приправничкиот испит се стекнува со статус на државен службеник.

(5) На приправникот кој не го положил приправничкиот испит му престанува вработувањето во државната служба.

2. Мобилност во државната служба

Член 17- г

(1) Органот од членот 3 став (2) на овој закон, кој има потреба од пополнување на слободно работно место, може да објави интерен оглас за вработување на државен службеник (во натамошниот текст: интерен оглас).

(2) Интерниот оглас може да се спроведува за пополнување на работни места во сите звања, освен во звањата помлад соработник и помлад референт.

(3) Интерниот оглас се објавува на интернет-страницата на Агенцијата.

(4) Рокот за пријавување на интерниот оглас не може да биде пократок од пет дена од денот на неговото објавување.

(5) Заинтересираниот државен службеник по објавениот интерен оглас од ставот (1) на овој член доставува пријава до Агенцијата.

(6) Формата и содржина на пријавата од ставот (5) на овој член ги пропишува директорот на Агенцијата.

Член 17-д

Право да се пријави на интерен оглас има секој државен службеник, кој ги исполнува посебните услови од членот 13 став (3) на овој закон, како и:

- да бил оценет со оцена „се истакнува" или „задоволува" за работењето во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години во непосредно пониско звање од звањето за кое е објавен интерниот оглас и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во период од 12 месеца пред објавувањето на интерниот оглас.

Член 17-ѓ

(1) Постапката за селекција на пријавените државни службеници ја спроведува Комисијата за селекција од членот 15 на овој закон.

(2) Постапката за селекција од ставот (1) на овој член се состои од административна селекција и интервју.

(3) Административната селекција од ставот (2) на овој член се спроведува во рок од пет дена по завршувањето на интерниот оглас.

(4) Интервјуто се состои од прашања од делокругот на работата на организациониот облик на органот и описот на работното место согласно со актот за систематизација на работните места за кое е распишан интерниот оглас.

(5) Интервјуто од ставот (4) на овој член се спроведува во рок од пет дена по завршувањето на административната селекција.

(6) Врз основа на резултатите од интервјуто, Комисијата за селекција во рок од три дена од денот по спроведувањето на интервјуто, доставува ранг-листа од тројца најуспешни државни службеници до секретарот, односно функционерот кој раководи со органот од членот 3 став (2) на овој закон каде што не се именува секретар.

Член 17-е

(1) Секретарот, односно функционерот кој раководи со органот од членот 3 став (2) на овој закон, каде што не се именува секретар, во рок од три дена по добивањето на ранг-листата од членот 17-ѓ став (6) на овој закон, е должен да изврши избор на државниот службеник.

(2) Избраниот државен службеник во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за извршениот избор е должен да достави докази за исполнување на посебните услови од членот 13 став (3) на овој закон, до органот од членот 3 став (2) на овој закон.

(3) Ако избраниот државен службеник не ги исполнува посебните услови од членот 13 став (3) на овој закон, постапката од ставовите (1) и (2) на овој член се повторува за следните двајца кандидати од ранг-листата.

(4) Ако и следните двајца кандидати не ги исполнуваат условите, постапката за вработување на државен службеник се повторува.

(5) Ако во рокот од ставот (1) на овој член секретарот, односно функционерот кој раководи со органот каде што не се именува секретар, не изврши избор на кандидат кој ги исполнува условите од членот 13 став (3) на овој закон, слободното работно место се пополнува по пат на јавен оглас.

(6) Против одлуката за избор од ставот (1) на овој член незадоволниот државен службеник има право на жалба преку органот за чии потреби бил објавен интерниот оглас, до Агенцијата во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

(7) Органот од ставот (6) на овој член е должен во рок од три дена да ја достави до Агенцијата жалбата и одговорот на жалбата. Агенцијата одлучува во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата.

(8) Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

(9) По завршувањето на постапката за избор секретарот, односно функционерот кој раководи со органот каде што не се именува секретар, донесува решение за вработување на државен службеник.

Член 17-ж

Државен службеник кој ги исполнува посебните услови од членот 13 став (3) на овој закон, по потреба на органот и со негова согласност, може да биде преземен од еден во друг орган од членот 3 став (2) на овој закон, на работно место во исто звање, ако за тоа се согласат секретарите, односно функционерите кои раководат со органите во кои не се именува секретар, по претходна согласност на Агенцијата.

Член 17- з

Државен службеник кој ги исполнува посебните услови од членот 13 став (3) на овој закон, по потреба на органот или по негово барање, може да се распореди во истиот орган на друго работно место во исто звање согласно со актот за систематизација за работни места.

Член 17-ѕ

Државен службеник на работно место од групата стручно-административни звања, кој ги исполнува посебните услови од членот 13 став (3) на овој закон со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен може да се распореди на работно место во звање соработник, доколку тоа е утврдено во актот за систематизација на работните места и не е пополнето.

Член 17-и

Вработен од членот 3-а на овој закон, без статус на државен службеник, кој ги исполнува посебните услови од членот 12 став (3) на овој закон, по потреба на органот или по негово барање, може да биде распореден во истиот орган на друго работно место во соодветно звање и да се стекне со статус на државен службеник, по претходна согласност на Агенцијата и положен испит за државен службеник."

Член 10

Членот 22-а се брише.

Член 11

Во членот 24 по ставот (5) се додаваат три нови става (6), (7) и (8), кои гласат:

„(6) Органот од членот 3 став (2) на овој закон е должен да достави полугодишен извештај за спроведените специјализирани обуки на државните службеници.

(7) Полугодишниот извештај содржи податоци за прашањата од надлежноста на Агенцијата од членот 6 алинеи 13 и 14 на овој закон.

(8) Содржината и формата на извештајот од ставот (6) на овој член се утврдува со акт на Агенцијата.“

Член 12

Членот 32 се брише.

Член 13

Во членот 35 ставот (2) се менува и гласи:

„Образованието утврдено во членот 6 став (1) на овој закон се вреднува, и тоа за:

- стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен 200 бода,
-вишо образование 150 бода и
- средно образование 100 бода.“

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) На државниот службеник кој покрај стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен е доктор на науки, образованието му се вреднува со 250 бода, а доколку е магистер на науки со 225 бода.“

Во ставот (3) кој станува став (4) зборовите: „за соодветната група“ се заменуваат со зборовите: „и додатокот на плата за звање“.

Член 14

Членот 37 се менува и гласи:

„(1) Секое звање од членот 36 став (2) на овој закон, освен секретарот, има четири степени на кариера.

(2) Државен службеник, освен секретарот, стекнува степен на кариера со што се обезбедува професионален развој и вреднување на успехот и стручноста во неговото работење.

(3) Државен службеник се стекнува со соодветен степен на кариера, и тоа во:

- степен А по три последователни оцени „се истакнува“ или „задоволува“,
- степен Б по три последователни оцени „се истакнува“ или „задоволува“ по стекнувањето со степен А,
- степен В по три последователни оцени „се истакнува“ или „задоволува“ по стекнувањето со степен Б и
- степен Г по три последователни оцени „се истакнува“ или „задоволува“ по стекнувањето со степен В.

(4) Приправничкиот стаж не се засметува при стекнувањето со степен А на кариера.

(5) Државен службеник кој ќе биде оценет со оцена „се истакнува“ две години последователно може да биде унапреден во кариерата за една година порано од условите утврдени во ставот (3) на овој член.“

Член 15

Членот 38 се менува и гласи:

„Степенот на кариера обезбедува право на исплата на додаток на плата за кариера во соодветен процент од додатокот за звање, и тоа:

- степен А – 5%,
- степен Б – 10%,
- степен В – 15% и
- степен Г – 20%.“

Член 16

Членовите 40 и 41 се бришат.

Член 17

Во членот 43 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Вредноста на бодот од ставот (1) на овој член не може да биде повисока од вредноста на бодот од членот 42 на овој закон.“

Член 18

Членот 44 се брише.

Член 19

Членот 57 се брише.

Член 20

По членот 76 се додава нов член 76-а, кој гласи :

„Член 76-а

(1) Органот од членот 3 став (2) на овој закон е должен да достави годишен извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на државните службеници, најдоцна до 31 јануари во тековната година, за претходната.

(2) Содржината и формата на извештајот од ставот (1) на овој член се утврдува со акт на Агенцијата.“

Член 21

Во членот 78 став (3) зборовите: „член 16“ се заменуваат со зборовите: „членовите 17-ж и 17-з“.

Член 22

Во член 81-в став 1 по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

“- му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност, со денот на правосилноста на судската пресуда,“.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

“- наврши 64 години старост.“

Член 23

Членот 82 се менува и гласи:

„(1) Органот од членот 3 став (2) на овој закон, кој се укинува или трансформира чија надлежност се намалува или зголемува, е должен да предложи програма за распоредување на државните службеници чии работни места се укинуваат.

(2) Програмата од ставот (1) на овој член се доставува на усвојување до Владата на Република Македонија.

(3) Државниот службеник чие работно место е укинато се распоредува на работно место во исто или во непосредно пониско звање во ист или друг орган од органите од членот 3 став (2) на овој закон.

(4) Државниот службеник на кој ќе му биде понудено непосредно пониско звање може да го прифати или одбие распоредувањето.

(5) Во случај на одбивање од ставот (4) на овој член на државниот службеник му престанува вработувањето.”

Член 24

По Главата „IX. Регистар на државни службеници“ се додава нова Глава IX-а со пет нови члена 82-и, 82-ј, 82-к, 82-л и 82-љ, кои гласат:

„IX-а. НАДЗОР

Член 82-и

(1) Агенцијата врши надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во органите од членот 3 став (2) на овој закон.

(2) Надзорот од ставот (1) на овој член го вршат раководни и стручни државни службеници од Агенцијата, овластени за тоа со решение на директорот на Агенцијата.

Член 82-ј

(1) Надзорот може да биде редовен, вонреден или контролен.

(2) Редовниот надзор опфаќа надзор на спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и надзор на спроведувањето на соодветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците на сите нивоа систематизирани согласно со членот 6 од овој закон. Редовниот надзор се врши според годишна програма што директорот на Агенцијата ја донесува до крајот на тековната за наредната година.

(3) Вонредниот надзор се врши врз основа на поднесено барање од функционерот кој раководи со органот од членот 3 став (2) на овој закон, во случај на сомневање на Законот и прописите донесени врз основа на овој закон.

(4) Контролниот надзор се врши по истекот на рокот определен во извештајот за отстранување на утврдени недостатоци.

(5) Директорот на Агенцијата го пропишува начинот на вршење на надзорот.

Член 82-к

(1) При вршење на надзор, државниот службеник е должен да го презентира овластувањето од членот 82-и став (2) на овој закон.

(2) Органот од членот 3 став (2) на овој закон, во кој се врши надзор, е должен на вршителот на надзорот од членот 82-и на овој закон да му овозможи:

- влез во просториите на органот од членот 3 став (2) на овој закон,
- писмено или усно објаснување во врска со предметот на надзорот,
- увид во документација и
- други информации во врска со предметот на надзорот.

(3) При вршењето на надзорот не смее да биде повредена тајноста на личните податоци.

(4) За вршењето на надзорот Агенцијата не е должна претходно да го извести органот на членот 3 став (2) на овој закон.

Член 82-л

(1) За спроведениот надзор се составува записник кој, во рок од седум дена од денот на завршениот надзор, задолжително се доставува до органот од членот 3 став (2) на овој закон.

(2) Органот од членот 3 став (2) на овој закон, во рок од седум дена од денот на приемот на записникот од ставот (1) на овој член задолжително мора да достави одговор до Агенцијата.

(3) Агенцијата во рок од седум дена по приемот на одговорот од ставот (2) на овој член, доставува извештај во кој може да го прифати или отфрли одговорот на органот од членот 3 став (2) на овој закон.

(4) Органот од членот 3 став (2) на овој закон е должен во рок од 30 дена од денот на приемот на извештајот да постапи по дадените укажувања.

(5) Ако органот од членот 3 став (2) на овој закон во рокот утврден во ставот (4) на овој член не постапи по дадените укажувања, Агенцијата поднесува пријава до надлежната институција за натамошно постапување.

Член 82-љ

(1) Агенцијата за спроведениот надзор во тековната година, најдоцна до 31 јануари, донесува годишен извештај од членот 7 став (2) на овој закон.

(2) Годишниот извештај од ставот (1) на овој член е составен дел на Извештајот за работа на Агенцијата за претходната година.

(3) Содржината и формата на извештајот од ставот (1) на овој член се утврдува со акт на Агенцијата."

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 25

Законите со кои се уредуваат посебните прашања од членот 3-а да се усогласат со овој закон најдоцна до денот на започнувањето на примената на овој закон.

Член 26

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 27

Органите од членовите 3 став (2) и 3-а на овој закон, актите за систематизација на работните места да ги усогласат со овој закон најдоцна до денот на започнувањето на примената на овој закон.

Член 28

Државен службеник кој на денот на започнувањето на примената на овој закон се стекнал со звање согласно со Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008 и 6/2009), го задржува стекнатото звање и по денот на започнувањето на примената на овој закон.

Член 29

Работното искуство стекнато во последните две години пред започнувањето на примената на овој закон, на вработените во органите од членот 3 став (2) на овој закон, кои немале статус на државен службеник, им се засметува во исполнувањето на условите од членот 6 став (2) на овој закон.

Член 30

Започнатите постапки за вработување и дисциплинските постапки на државните службеници пред денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе се завршат според Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008 и 6/2009).

Потврдите за положен стручен испит за вработување на државен службеник издадени пред денот на започнувањето на примената на овој закон важат до истекот на рокот за кој се издадени.

Член 31

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за државните службеници.

Член 32

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува шест месеца од денот на неговото влегување во сила, освен членот 6-а кој ќе започне да се применува 30 дена од денот на неговото влегување во сила.

# L I G J
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR NËPUNËSIT SHTETËRORË

Neni 1

Në Ligjin për nëpunësit shtetërorë ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008 dhe 6/2009), në nenin 1, pas fjalës "rregullojnë", shtohen fjalët: "përfshirja e shërbimit shtetëror".

Neni 2

Neni 3 ndryshon si vijon:

"(1) Nëpunës shtetëror është personi i punësuar në shërbimin shtetëror i cili kryen punë profesionale, normative-juridike, ekzekutive, administrative, administrative-mbikëqyrëse, planifikuese, materiale-financiare, të kontabilitetit, të informatikës dhe punë të tjera në përputhje me Kushtetutën dhe me ligjin.

(2) Shërbimi shtetëror në kuptim të këtij ligji janë organet e pushtetit shtetëror dhe lokal dhe organet tjera shtetërore, të themeluara me Kushtetutë dhe ligj.

(3) Të punësuarit në shërbimin shtetëror, të cilët kryejnë punë ndihmëse dhe punë teknike për administratën shtetërore nuk e kanë statusin e nëpunësve shtetërorë."

Neni 3

Neni 3-a ndryshohet si vijon:

"Çështje të caktuara të lidhura me të drejtat, obligimet dhe përgjegjësitë e të punësuarve në Agjencinë për zbulim, Drejtorinë për sigurinë e informatave të klasifikuara, Armatën e Republikës së Maqedonisë, Qendrën për menaxhim me kriza, Drejtorinë për mbrojtje dhe shpëtim, të punësuarit të cilët kryejnë punë të sigurimit në institucionet ndëshkimore-përmirësuese dhe edukative-përmirësuese, të punësuarit në administratën doganore dhe tatimore, personat me detyra dhe autorizime të posaçme dhe nëpunësit e policisë në Ministrinë e Punëve të Brendshme, revizorët në Entin shtetëror për revizion, të punësuarit në agjencitë, drejtoritë, trupat rregullatorë dhe në institucionet tjera, në të cilat me ligj është formuar këshill drejtues, përveç në Agjencinë për kadastrën e patundshmërive dhe në Agjencinë për menaxhim me pronën e konfiskuar, mund të rregullohen me ligj, në mënyrë të ndryshme nga ky ligj, nëse kjo është e domosdoshme për shkak të natyrës specifike të detyrave të punës dhe veçorisë së zbatimit të obligimeve dhe autorizimeve të veçanta."

Neni 4

Neni 6 ndryshohet si vijon:

"(1) Në shërbimin shtetëror, varësisht nga lloji i arsimit, përvoja e punës, përgjegjësia dhe ndërlikimi i detyrave të punës, përcaktohen 13 tituj të sistematizuar në tre grupe:

- I udhëheqëse,
- II profesionale, dhe
- III profesionale-administrative.

(2) Titujt udhëheqës janë:

- sekretar i përgjithshëm, sekretar i Qytetit të Shkupit dhe sekretar i komunës (në tekstin e mëtejshëm: sekretar),
- këshilltar shtetëror, me 300 kredi të fituara sipas EKST ose me shkallën e kryer VII/1 dhe së paku gjashtë vjet përvojë pune në profesion, prej të cilave 2 vjet në shërbimin shtetëror,
- udhëheqës sektori, me 300 kredi të fituara sipas EKST ose me shkallën e kryer VII/1 dhe së paku pesë vjet përvojë pune në profesion, prej të cilave dy vjet në shërbimin shtetëror,
- ndihmës-udhëheqës sektori, me 300 kredi të fituara sipas EKST ose me shkallën e kryer VII/1 dhe së paku katër vjet përvojë pune në profesion, prej të cilave një vit në shërbimin shtetëror, dhe
- udhëheqës seksioni, me 300 kredi të fituara sipas EKST ose me shkallën e kryer VII/1 dhe së paku katër vjet përvojë pune në profesion, prej të cilave një vit në shërbimin shtetëror.

(3) Tituj profesionalë janë:

- këshilltar, me 240 kredi të fituara sipas EKST ose me shkallën e kryer VII/1 dhe së paku tre vjet përvojë pune në profesion,
- bashkëpunëtor i lartë, me 240 kredi të fituara sipas EKST ose me shkallën e kryer VII/1 dhe së paku dy vjet përvojë pune në profesion,
- bashkëpunëtor, me 240 kredi të fituara sipas EKST ose me shkallën e kryer VII/1 dhe së paku një vit përvojë pune në profesion, dhe
- bashkëpunëtor i ri, me 240 kredi të fituara sipas EKST ose me shkallën e kryer VII/1 dhe pa përvojë pune.

(4) Tituj profesionalë-administrativë janë:

- referent i pavarur, me arsim të lartë ose të mesëm të kryer dhe së paku tre vjet përvojë pune në profesion,
- referent i lartë, me arsim të lartë ose të mesëm të kryer dhe së paku dy vjet përvojë pune në profesion,
- referent, me arsim të lartë ose të mesëm të kryer dhe së paku një vit përvojë pune në profesion dhe
- referent i ri, me arsim të lartë ose të mesëm të kryer dhe pa përvojë pune.

(5) Me propozimin e Agjencisë për Nëpunës Shtetërorë, Qeveria e Republikës së Maqedonisë miraton dekret për përshkrimin e titujve të përcaktuar me këtë ligj.

Neni 5

Pas nenit 6 shtohet nen i ri 6-a, si vijon:

"Neni 6-a

(1) Sekretar i përgjithshëm emërohet në Gjykatën Kushtetuese të Republikës së Maqedonisë, Këshillin Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë, Këshillin e Prokurorëve Publikë të Republikës së Maqedonisë, Prokurorinë Publike, Avokatin e Popullit, Avokatin Shtetëror të Republikës së Maqedonisë, Agjencinë për Nëpunës Shtetërorë, Entin Shtetëror për Revizion, Komisionin Shtetëror të Zgjedhjeve, Komisionin shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit, Komisionin për Verifikimin e Fakteve, Komisionin për Mbrojtjen e Konkurrencës, Komisioni për Mbrojtjen e së Drejtës për Qasje të Lirë te Informatat me Karakter Publik dhe Drejtorinë për Mbrojtjen e të Dhënave Personale.

(2) Sekretar shtetëror emërohet në ministritë, Sekretariatin për Çështje Evropiane dhe Sekretariatin për Implementimin e Marrëveshjes Kornizë.

(3) Sekretar i Qytetit të Shkupit emërohet në Qytetin e Shkupit, sekretar i komunës emërohet në komunë me seli në qytet dhe në komunë me seli në fshat."

Neni 6

Neni 7 ndryshohet si vijon:

"(1) Agjencia për Nëpunës Shtetërorë (në tekstin e mëtejshëm: Agjencia) është organ i pavarur shtetëror me cilësi të personit juridik.

(2) Agjencia për punën e vet i dorëzon raport vjetor për miratim Kuvendit të Republikës së Maqedonisë, më së voni deri në fund të tremujorit të parë të vitit në vijim, për vitin paraprak.

(3) Agjencia i kryen punët si vijon:

- i parashtron iniciativë propozuesit të autorizuar për miratimin dhe ndryshimin e Ligjit për nëpunësit shtetërorë,
- përgatit akte nënligjore që kanë të bëjnë me nëpunësit shtetërorë, kurse i miraton Qeveria e Republikës së Maqedonisë;

- miraton akte nënligjore për të cilët është e autorizuar me ligj;
- e përcakton përmbajtjen dhe mënyrën e përgatitjes së akteve për organizimin e brendshëm dhe sistematizimin e vendeve të punës;
- jep pëlqim me shkrim për aktet për organizimin e brendshëm dhe sistematizimin e vendeve të punës së organeve nga neni 3 paragrafi (2) të këtij ligji;
- jep pëlqim me shkrim për punësimin e nëpunësit shtetëror në vendin e lirë të sistematizuar të punës;
- organizon procedurë për seleksionimin dhe punësimin e nëpunësit shtetëror;
- merr pjesë në procedurën për përcaktimin e përgjegjësisë disiplinore dhe materiale të nëpunësve shtetërorë;
- i mbledh raportet për vlerësimin e nëpunësve shtetërorë nga organet e nenit 3 paragrafi (2) të këtij ligji;
- më së voni në afat prej 15 ditësh nga afati i fundit për përmbushjen e detyrimeve të këtij ligji, që kanë të bëjnë me dërgimin e raporteve dhe për vlerësim, planet vjetore për përfaqësim përkatës dhe të drejtë dhe programet për trajnim, për mosveprimin e sekretarëve, përkatësisht të funksionarëve të cilët udhëheqin me organet nga neni 3 paragrafi (2) në të cilat nuk emërohet sekretar, e informon Qeverinë e Republikës së Maqedonisë;
- përgatit dokumente strategjike lidhur me aftësimin profesional dhe trajnimin e nëpunësve shtetërorë;
- jep mendim me shkrim për programet për trajnim të organeve nga neni 3 paragrafi (2) i këtij ligji,
- organizon dhe zbaton trajnime gjenerike për nëpunësit shtetërorë;
- vendos për ankesat dhe kundërshtimet e nëpunësve shtetërorë, si organ i shkallës së dytë;
- mban Regjistrin e nëpunësve shtetërorë;
- siguron zbatimin unik të këtij ligji dhe të dispozitave që kanë të bëjnë me nëpunësit shtetërorë;
- i grumbullon planet vjetore për përfaqësim përkatës dhe të drejtë të bashkësive në organet nga neni 3 paragrafi (2) të këtij ligji;
- miraton udhëzim për përmbajtjen e planit vjetor për përfaqësim adekuat dhe të drejtë të bashkësive në organet nga neni 3 paragrafi (2) i këtij ligji;
- grumbullon dhe përpunon të dhëna për pjesëtarët e punësuar të bashkësive në organet nga neni 3 paragrafi (2) të këtij ligj dhe
- kryen punë tjera të verifikuara me ligj."

Neni 7

Në nenin 8 paragrafi (4) shlyhet.

Neni 8

Kreu II. "PUNËSIMI I NËPUNËSVE SHTETËRORË" ndryshohet si vijon:

"II. PUNËSIMI DHE MOBILIZIMI NË SHËRBIMIN SHTETËROR

Neni 9

(1) Vendi i lirë i punës në shërbimin shtetëror plotësohet nëpërmjet procedurave si vijon:
- publikimit të shpalljes publike për punësim në shërbimin shtetëror,
- publikimit të shpalljes interne për punësimin e nëpunësit shtetëror,
- ndërmarrjes të nëpunësit shtetëror nga një organ në organin tjetër në vend pune në titullin e njëjtë, dhe
- sistemimit të nëpunësit shtetëror në organin e njëjtë në vend tjetër pune në titullin e njëjtë.

(2) Procedurat për plotësimin e vendit të lirë të punës nga paragrafi (1) alinetë 1, 2 dhe 3 të këtij neni, zbatohen pas pëlqimit paraprak të Agjencisë dhe pas njoftimit për mjetet e siguruara financiare nga Ministria e Financave, përkatësisht kryetari i Qytetit të Shkupit ose kryetari i komunës.

Neni 10

(1) Sekretari emërohet nga radhët e nëpunësve shtetërorë udhëheqës, me arsim të lartë të kryer dhe së paku tre vjet përvojë pune në titull udhëheqës në shërbimin shtetëror.

(2) Me përjashtim të paragrafit (1) të këtij neni, sekretar mund të emërohet personi i punësuar në administratën shtetërore me arsimim të lartë të kryer, me tre vjet përvojë pune në vendin udhëheqës të punës dhe me provimin e dhënë për nëpunës shtetëror udhëheqës.

Neni 11

(1) Sekretarin e përgjithshëm e emëron funksionarin i cili udhëheq me organet nga neni 6-a paragrafi (1) i këtij ligji.

(2) Sekretarin e përgjithshëm e emëron Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

(3) Sekretarin e Qytetit të Shkupit, sekretarin e komunës e emëron kryetari i komunës.

(4) Mandati i sekretarit përfundon me mandatin e organit i cili e emëron.

„Како странско службено лице кога тоа е означено како сторител на кривично дело, се смета лице кое во странска држава, меѓународна организација или јавна институција врши некоја од функциите или должностите определени во ставот (4) точки а) до д) од овој член.“

Ставот (12) се менува и гласи:

„Пари се средства за плаќање во готово во апоени или електронски пари кои врз основа на закон се во оптек во Република Македонија или во странска држава.“

Во ставот (14) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „во Република Македонија или во странска држава“.

По ставот (14) се додаваат два нови става (15) и (16), кои гласат:

„(15) Под платежни картички се подразбира секаков вид средства за плаќање издадени од банкарски или други финансиски инситутции кои содржат електронски податоци за лица и електронски генерирани броеви со кои се овозможува вршење на каков било вид на финансиски трансакции.

(16) Принос од казниво дело е секој имот или корист прибавена посредно или непосредно со извршување на казниво дело, како и принос од казниво дело сторено во странство, под услов во времето кога било сторено да било предвидено како казниво дело и според законите на државата во која е сторено и според законите на Република Македонија.“

Ставовите (15), (16), (17), (18) и (19) стануваат ставови (17), (18), (19), (20) и (21).

По ставот (20) кој станува став (22) се додава нов став (23), кој гласи:

„(23) Под повеќе лица се подразбираат најмалку три или повеќе лица кои се здружиле за вршење на кривични дела.“

По ставот (21) кој станува став (24) се додава нов став (25), кој гласи:

„(25) Под семејство се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето живее во семејна заедница.“

Ставовите (22), (23), (24), (25), (26), (27), (28), (29), (30), (31), (32) и (33) стануваат ставови (26), (27), (28), (29), (30), (31), (32), (33), (34), (35), (36) и (37).

По ставот (37) се додаваат два нови става (38) и (39), кои гласат:

„(38) Под имот се подразбира пари или други инструменти за плаќање, хартии од вредност, депозити, друга сопственост од секаков вид и тоа материјална или нематеријална, движна или недвижна, други права врз предметите, побарувања, како и јавни исправи и легални документи за сопственост и актива во пишан или во електронски облик или инструменти со кои се докажува правото на сопственост или интерес во таквиот имот.

(39) Под предмети се подразбираат движни и недвижни предмети кои се целосно или делумно искористени или требало да бидат искористени или настанале со извршување на кривично дело.“

Член 20

Во членовите 137 став (3), 138 став (3), 148 став (2), 149 став (5), 157 став (6), 157-б став (3), 157-в став (3), 162 став (3), 166 став (2), 167 став (2), 170 став (3), 171 став (2), 204 став (4), 206 став (2), 212 став (3), 213 став (3), 215 став (5), 218 став (5), 219 став (4), 220 став (4), 222 став (5), 223 став (4), 225 став (3), 226 став (5), 230 став (5), 231 став (6), 232 став (3), 248 став (2), 249 став (2), 250 став (4), 254 став (2), 255 став (2), 256 став (4), 257 став (4), 264 став (3), 266 став (2), 273 став (12), 274 став (5), 275 став (5), 276 став (2), 277 став (3), 278 став (6), 278-а став (5), 278-б став (3), 279 став (1), 280 став (3), 284 став (3), 288 став (5), 289 став (3), 358 став (1), 377 став (6), 378 став (4), 380 став (2), 396-а став (2), 418-а став (5) и 418-г став (6) зборовите: „од став 1“ се заменуваат со зборовите: „од овој член“.

Член 21

Во членот 142 став (1) зборовите: „од една до пет години“ се заменуваат со зборовите: „од три до осум години“.

Во ставот (2) зборовите: „од една до десет години“ се заменуваат со зборовите: „најмалку четири години“.

Член 22

Во членот 143 зборовите: „од шест месеци до пет години“ се заменуваат со зборовите: „од една до пет години“.

Член 23

Во членот 144 став (5) бројот “(4)“ се заменува со бројот “(1)“.

Член 24

Во членот 149-а по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Ставот (3) станува став (4).

Член 25

Во членот 150 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Ставот (3) станува став (4).

Член 26

Во членот 151 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Ставот (6) станува став (7).

Член 27

Во членот 152 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Ставот (3) станува став (4).

Член 28

Во членот 153 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Ставот (3) станува став (4).

Член 29

Во членот 156 пред зборот „Тој “ се додава бројот „(1)“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 30

Во членот 157-а став (5) зборовит: „од ставовите 1 и 3“ се заменуваат со зворовите: „од овој член“.

Член 31

Во членот 159 ставот (3) се брише.

Член 32

Во членот 160 ставот (3) се брише.

Член 33

Во членот 161 ставот (3) се брише.

Член 34

Во членот 162 став (1) зборовите: „друга лична корист“ се заменуваат со зборовите: „друга корист“.

По членот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако користа е од помала вредност, сторителот
ќе се казни со парична казна
или со затвор до една година.“

Ставот (3) станува став (4).

Член 35

Во насловот на членот 164 зборовите: „изборни исправи“ се заменуваат со зборовите: „изборен материјал“.

Член 36

Во членот 164 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако делото е сторено од група, со употреба на оружје или насилство, сторителот
ќе се казни со затвор
од најмалку пет години.“

Член 37

Во членот 165-а став (1) пред зборот „Организатор “ се додава бројот “(1)“.

По ставот (1) се додаваат четири нови става (2), (3), (4) и (5), кои гласат:

„(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни одговорно лице во правно лице кое со непријавување на донации и други средства за финансирање на изборна кампања, со спречување на надзорот над финансирањето или помагањето на друг начин на изборна кампања, со неподнесување на финансиски извештај или со давање на лажни или непотполни податоци за дадени донации и други средства, со пречекорување на законските ограничувања на средства дозволени за изборна кампања, со обезбедување на недозволени средства за изборна кампања, со исплати спротивни на намената за финансирање на кампањата или на друг начин го злоупотреби своето овластување определено со закон.

(3) Тој што спротивно на ограничувањата определени со закон тајно ќе донира за туѓа изборна кампања или кампања за избори во кои самиот учествува со износ кој во поголема вредност го надминува законскиот максимум,
ќе се казни со парична казна
или затвор до три години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Незаконски обезбедените средства се конфискуваат.“

Член 38

По членот 165-а се додава нов наслов и нов член 165-б, кои гласат:

„Задолжително изрекување на казната
забрана за вршење на професија, дејност или должност

Член 165-б

За кривичните дела од членовите 158 до 165-а на овој законик судот ќе му изрече на сторителот забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б од овој законик.“

Член 39

Во членот 172 став (2) зборовите: „тешки последици за оштетениот“ се заменуваат со зборовите: „тешки последици по животот и здравјето на оштетениот или нему блиско лице“.

Член 40

Во членот 173 ставот (2) се менува и гласи:

„Тој што друг јавно ќе изложи на подбив по пат на компјутерски систем поради неговата припадност на група која се разликува според расата, бојата на кожата, национална припадност или етничко потекло, или ќе ја изложи на подбив групата на лица која се одликува со некоја од тие особености,
ќе се казни со парична казна
или со затвор до една година.“

Член 41

Во членот 174 став (2) зборовите: „тешки последици за оштетениот“ се заменуваат со зборовите: „тешки последици по животот и здравјето на оштетениот или нему блиско лице“.

Член 42

Во членот 176 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Во случаите од ставот (1) на овој член нема да се казни за клевета тој што известува за нешто што е јавно соопштено од друг, како и тој на кого му е оневозможено остварувањето на правото на пристап до информации од јавен карактер спротивно на прописите за слободен пристап до информациите, на кое се повикува во својата одбрана.“

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Член 43

Во членот 188 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) На сторителот на делото од ставот (2) на овој член судот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б од овој законик.“

Член 44

Во членот 189 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) На сторителот на делото од ставот (2) судот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б на овој законик.“

Член 45

Во членот 191 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Ставот (5) станува став (6).

Член 46

Во членот 192 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 47

Во членот 193 став (3) по зборовите: “или за порнографска претстава“ се додаваат зборовите: “како и тој што учествува во претставата“.

По ставот (3) се додаваат три нови става (4), (5) и (6), кои гласат:

„(4) Тој што ќе присили малолетно лице на изработување и снимање слики или други предмети со порнографска содржина или за порнографска претстава,

ќе се казни со затвор

од најмалку осум години.

(5) Ако делото од ставот (4) на овој член е сторено врз малолетник кој не наполнил 14 години, сторителот

ќе се казни со затвор

најмалку четири години.

6) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Ставот (4) кој станува став (7) се менува и гласи:

„(7) Предметите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член ќе се одземат.“

Член 48

Насловот на членот и членот 193-а се менуваат и гласат:

„Производство и дистрибуција на детска порнографија

Член 193 - а

(1) Тој што произведува детска порнографија со цел за нејзина дистрибуција или ја пренесува или ја нуди или на друг начин ја прави достапна детската порнографија,

ќе се казни со затвор

од најмалку пет години.

(2) Тој што набавува детска порнографија за себе или за друг или поседува детска порнографија,

ќе се казни со затвор

од пет до осум години.

(3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено преку компјутерски систем или друго средство за масовна комуникација, сторителот

ќе се казни со затвор

од најмалку осум години.

(4) Ако делото од овој член  го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 49

По членот 193-а се додаваат нов наслов и нов член 193-б, кои гласат:

„Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години

Член 193 –б

Тој што преку компјутерско-комуникациски средства со закажување средба или на друг начин намамува малолетник кој не наполнил 14 години на обљуба или друго полово дејствие или на производство на детска порнографија и ако со таквата намера е остварена непосредна средба со малолетникот,

ќе се казни со затвор

од една до пет години.“

Член 50

Во членот 194 став (2) зборот „не“ се брише.

Член 51

Во членот 205 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 52

Во членот 211 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Ставот (3) станува став (4).

Член 53

Во членот 214 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 54

Во членот 215 став (1) зборовите: „една до десет години“ се заменуваат со зборовите: „од три до десет години“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено со наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од помало количество, сторителот

ќе се казни со затвор

од шест месеца до три години.“

Ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4), (5), (6) и (7).

Член 55

Во членот 216 по ставот (2)  се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Ставот (3) станува став (4).

Член 56

Во членот 218 ставот (2) се менува и гласи:

„Службено или одговорно лице во правно лице кое со непридржување кон прописите за заштита на животната средина ќе пропушти да постави уреди за пречистување или ќе дозволи изградба, пуштање во дејство

или користење на погон кој ја загадува животната средина или на друг начин ќе пропушти преземање мерки за спречување или оневозможување на загадување на воздух, почва, вода, водна површина или водотек кое ја надминува дозволената граница или за спречување бучава што значително ја надминува дозволената граница и со тоа ќе предизвика опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на животинскиот и растителниот свет во поголеми размери,

ќе се казни со казна затвор

најмалку пет години."

Во ставот (4) зборовите: „од ставовите 1 и 2" се бришат.

Член 57

По членот 225 се додава нов наслов и нов член 225-а, кои гласат:

„Незаконита експлоатација на минерални суровини

Член 225-а

(1) Тој што врши експлоатација на минерални суровини определени со закон без концесија или дозвола за истото,

ќе се казни со затвор

шест месеца до три години и со парична казна.

(2) Ако поради делото од ставот (1) на овој член се стекне корист или настапи штета од големи размери, сторителот

ќе се казни со затвор

од три до осум години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(4) Предметите кои се направени или употребени за извршување на кривичното дело ќе се одземат."

Член 58

Во членот 227 став (1) зборовите: „поголеми размери„ се заменуваат со зборовите: „големи размери".

Член 59

Во членот 229 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна."

Ставот (4) станува став (5).

Член 60

Во членот 230 став (3) зборовите: „од една до пет години" се заменуваат со зборовите: „од четири до десет години".

Член 61

Во членот 231 став (2) зборовите: „од една до десет години" се заменуваат со зборовите: „најмалку три години".

Член 62

Во членот 232 став (1) зборовите: „шест месеци до пет години" се заменуваат со зборовите: „од една до десет години".

Во ставот (2) зборовите: „од една до десет години" се заменуваат со зборовите: „најмалку три години".

Член 63

Во членот 234 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Ако поради делата од членовите 218 ставови (1) и (2), 219 став (1), 230 ставови (1) и (2) и 232 ставови (1) и (2) настапи тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на повеќе лица, сторителот

ќе се казни со затвор

од една до десет години.

(2) Ако поради делата од членовите 218 став (3), 219 став (3) и 230 став (3) настапи смрт на едно или повеќе лица или промените од загадувањето не можат долго време да се отстранат, сторителот

ќе се казни со затвор

од најмалку четири години."

Во ставот (3) по зборовите: „222 став 1" се додаваат зборовите: „и 225-а ставови (1) и (2)".

Член 64

Во членот 235 ставовите (3) (4) и (5) се менуваат и гласат:

„(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и сторителот што ќе одземе од туѓа шума дрвја чие количество е поголемо од еден кубен метар со намера за противправно присвојување.

(4) Обидот од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е казнив.

(5) Гонењето за делото од ставот (2) на овој член се презема по приватна тужба."

Член 65

Во членот 236 став (1) точката 6 се менува и гласи:

„6) за искористување на немоќта или несреќата на друг,

ако предметите се од поголема вредност, сторителот

ќе се казни со затвор

од една до пет години,

а ако предметите се од значителна вредност, сторителот

ќе се казни со затвор

од една до десет години."

Ставот (2) се менува и гласи:

„За кражба на предмети со вредност од големи размери, сторителот

ќе се казни со затвор

од една до десет години."

Ставот (3) се менува и гласи:

„Ако украдениот предмет е добро под привремена заштита, културно наследство, природна реткост или уред или друг предмет од посебно значење за сигурноста на луѓето и имотот и сигурноста на јавниот сообраќај или објект на јавни инсталации, сторителот

ќе се казни со затвор

најмалку четири години."

Во ставот (4) зборот „мала" се заменува со зборот „помала".

Член 66

Во членот 237 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако вредноста на одземениот предмет е помала, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години."

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 67

Во членот 238 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако вредноста на одземениот предмет е помала, сторителот

ќе се казни со затвор

од една до пет години."

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 68

Во членот 244-а став (1) зборовите: „најмалку четири години" се заменуваат со зборовите: „од три до осум години".

Во ставот (2) зборовите: „од три до осум години“ се заменуваат со зборовите: „најмалку четири години“.

Во ставот (5) зборовите: „од ставовите 1, 2 и 3“ се заменуваат со зборовите: „од овој член“.

Член 69

Во членот 247 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Ставот (7) станува став (8).

Член 70

По членот 249 се додаваат нов наслов и нов член 249-а, кои гласат:

„Измама на штета на средства на Европската заедница

Член 249-а

„(1) Тој што со употреба или прикажување на лажни, неточни и непотполни изјави или исправи или пропуштање на давање податоци противправно присвои, задржи или предизвика штета на средствата на Европската заедница, средства со кои управува Европската заедница или се управува во нивно име,

ќе се казни со затвор

од шест месеца до пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што средствата од ставот (1) на овој член ги искористил спротивно на одобрената намена.

(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што со употреба или прикажување на лажни, неточни и непотполни изјави или исправи или пропуштање на давање податоци, противправно ќе ги намали средствата на Европската заедница, средствата со кои управува Европската заедница или се управува во нивно име.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.“

Член 71

Во членот 251 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што неовластено ќе пресретне, со употреба на технички средства, пренос на компјутерски податоци кој нема јавен карактер до, од и внатре во одреден компјутерски систем, вклучувајќи и електромагнетни емисии од компјутерски систем кој поддржува такви компјутерски податоци.“

Во ставот (3) кој станува став (4) зборовите: „ставовите 1 и 2“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1), (2) и (3) на овој член“.

Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите: „ставовите 1 и 2“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1), (2) и (3) на овој член“.

Ставот (5) станува став (6).

Ставот (6) кој станува став (7) се менува и гласи:

„(7) Тој што неовластено изработува, набавува, продава, држи или прави достапни на друг посебни направи, средства, компјутерска лозинка, код за пристап и сличен податок со кој целината или дел од компјутерскиот систем се оспособува за пристап, компјутерски програми или компјутерски податоци наменети или погодни за извршување на делата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член,

ќе се казни со парична казна или

со затвор до една година.“

Ставот (7) станува став (8).

По ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

„(9) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Ставот (8) станува став (10).

Член 72

Во членот 251-а по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 73

Во членот 251-б став (1) по зборовите: „вистинити податоци“ се додаваат зборовите: „со менување, бришење или прикривање на компјутерски податоци“.

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Ставовите (8) и (9) стануваат ставови (9) и (10).

Член 74

Во членот 261 став (1) по зборот „предмет“ се додаваат зборовите: „или имот“.

Во ставот (2) по зборот „предметот“ се додаваат зборовите: „или имотот“.

Во ставот (3) по зборовите: „на предметот“ се додаваат зборовите: „или имотот“, а по зборовите: „или предмет“ се додаваат зборовите: „или имот“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Ставот (4) станува став (5).

Член 75

Во членот 264 став (1) зборовите: „парична казна или затвор до три години“ се заменуваат со зборовите: „парична казна или затвор од шест месеца до три години“.

Член 76

Во членот 265 бројот (1) пред ставот (1) се брише.

Ставот (2) се брише.

Член 77

Во членот 266 став (1) зборовите: „од една до десет години“ се заменуваат со зборовите: „од три до десет години“.

Член 78

Во членот 266-а зборовите: „од една до пет години“ се заменуваат со зборовите: „од три до десет години“.

Член 79

Во членот 266-б зборовите: „од една до десет години“ се заменуваат со зборовите: „од три до десет години“.

Член 80

Во членот 267 зборовите: „парична казна или со затвор до три години“ се заменуваат со зборовите: „парична казна или со затвор од една до три години“.

Член 81

Во членот 271 ставот (2) се менува и гласи:

„Тој што неовластено изработува, набавува, држи, продава или дава на употреба инструменти, предмети, компјутерски програми и други сигурносни заштити или компоненти кои служат за заштита против фалсификување, како и средства за неовластено прибавување на банкарски податоци, заради правење лажни пари или преправање на вистински пари или, други инструменти за плаќање, хартии од вредност или лажни платежни картички

ќе се казни со затвор

од три до десет години.“

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Со казната од ставот (2) на овој член ќе се казни тој што средствата за изработување на лажни платежни картични неовластено ќе ги монтира на банкарските уреди или ќе ги употреби на друг начин со намера за прибавување на банкарски податоци од вистински платежни картички и податоци за носителите на таквите картички.“

Ставот (3) станува став (4).

Член 82

По членот 271 се додава нов наслов и нов член 271-а, кои гласат:

„Посебни случаи на фалсификување на пари, хартии од вредност или знаци за вредност

Член 271 – а

(1) За дело на фалсификување на пари, хартии од вредност или знаци за вредност ќе се казни согласно со членовите 268, 269 и 270 од овој законик и:

1) тој што ќе направи пари, хартии од вредност или знаци од вредност, спротивно на одлуката на надлежен орган за нивниот вид, количина или други карактеристики и

2) тој што спротивно на посебно овластување од надлежен орган за повлекување од оптек или уништување, ќе остави во оптек пари, хартии од вредност или знаци од вредност.

(2) За делото од овој член правното лице ќе се казни со парична казна.“

Член 83

Во членот 273 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Тој што ќе пушти во оптек или промет, прими, преземе, замени или раситни пари или друг имот што го прибавил со казниво дело или за кој знае дека е прибавен со казниво дело, или со претворање, промена, пренос или на друг начин ќе прикрие дека потекнува од таков извор или ќе ја прикрие неговата локација, движење или сопственост,

ќе се казни со затвор

од една до десет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што поседува или употребува имот или предмети за кои знае дека се прибавени со извршување на казниво дело или со фалсификување на исправи, непријавување на факти или на друг начин ќе прикрие дека потекнуваат од таков извор, или ќе ја прикрие нивната локација, движење и сопственост.“

Во ставот (4) зборовите: „другата имотна корист или предмети“ се заменуваат со зборовите: „други приноси од казниво дело“.

Во ставот (5) зборовите: „имотна корист“се заменуваат со зборовите: „други приноси од казниво дело“.

Ставот (6) се менува и гласи:

„Службено лице, одговорно лице во банка, осигурително друштво, друштво што се занимава со приредување игри на среќа, менувачница, берза или друга финансиска институција, адвокат, освен кога постапува како бранител, нотар или друго лице кое врши јавни овластувања или работи од јавен интерес, што ќе овозможи или ќе дозволи трансакција или деловен однос, спротивно на неговата законска должност или ке изврши трансакција спротивно на забраната изречена од надлежен орган или привремена мерка одредена од суд или нема да го пријави перењето пари, имот или имотна корист, за кое дознало во вршењето на својата функција или должност,

ќе се казни со затвор

најмалку пет години.“

По ставот (6) се додаваат пет нови става (7), (8), (9), (10) и (11), кои гласат:

„(7) Службено, одговорно лице во банка или друга финансиска институција, или лице кое врши работи од јавен интерес, кое според закон е овластен субјект за примена на мерки и дејствија за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, кое неовластено ќе открие на клиент или на неповикано лице податоци што се однесуваат на постапката на испитување на сомнителни трансакции или на примена на други мерки и дејствија за спречување на перење пари,

ќе се казни со затвор

од три месеца до пет години.

(8) Ако делото е сторено од користољубие или заради користење на податоци во странство, сторителот

ќе се казни со затвор

најмалку една година.

(9) Ако делото од ставот (7) на овој член е сторено од небрежност, сторителот

ќе се казни со парична казна

или со затвор до три години.

(10) Ако постојат фактички или правни пречки за утврдување на претходното казниво дело и гонење на неговиот сторител, постоењето на такво дело се утврдува врз основа на фактичките околности на случајот и постоењето на основано сомнение дека имотот е прибавен со такво дело.

(11) Знаењето на сторителот, односно должноста и можноста да знае дека имотот е прибавен со казниво дело можат да бидат утврдени врз основа на објективните фактички околности на случајот.“

Ставот (7) станува став (12).

Ставот (8) кој станува став (13) се менува и гласи:

„(13) Приносот од казнивото дело се одзема, а ако одземањето не е можно од сторителот ќе се одземе друг имот што одговара на неговата вредност.“

Член 84

Во насловот на членот 274 зборот „кредитна“ се заменува со зборот „платежна“.

Член 85

Во членот 274 став (2) зборот „кредитна“ се заменува со зборот „платежна“.

Член 86

По членот 274-а се додава нов наслов и нов член 274-б, кои гласат:

„Изработка и употреба на лажна платежна картичка

Член 274-б

(1) Тој што ќе направи лажна платежна картичка со намера да ја употреби како вистинска, или прибавува лажна картичка со таква намера, или ќе му ја даде на друг на употреба или тој што лажната картичка ќе ја употреби како вистинска,

ќе се казни со затвор од шест месеца до пет години

и со парична казна.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што прибавува банкарски податоци од вистински платежни картички и податоци за носители на тие платежни картички со намера да ги искористи за изработка и употреба на лажна платежна картичка или вака прибавените податоци ги дава на друг со таква намера.

(3) Ако сторителот од ставот (1) на овој член стекне поголема имотна корист,

ќе се казни со затвор

од една до осум години.

(4) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од член на група, банда или друго злосторничко здружение, сторителот

ќе се казни со затвор

најмалку четири години.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.“

Член 87

Во членот 275 ставот (3) се менува и гласи:

„Одговорно лице во правно лице, лице со посебни овластувања, друг вработен во правното лице, акционерите или содружниците во правното лице или надворешен соработник на правното лице што има пристап до внатрешни информации, кое во своето работење ќе стекне доверливи информации или други внатрешни информации од значење за работењето на правното лице и вредноста на хартиите од вредност или уделите и нив неовластено самиот ќе ги искористи или ќе ги пренесе на трето лице кое врз основа на тие информации со купување или продавање на хартии од вредност или уделите на правното лице или се обелоденуваат други невистинити податоци и ќе прибави за себе или за друг поголема имотна корист,

ќе се казни со затвор

од една до пет години.“

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Тој што на пазарот на хартии од вредност ќе склучи трансакција или ќе даде налог за тргување кој содржи невистинити податоци за понудата, побарувачката или цената на хартиите од вредност, ќе даде невистинити информации или ќе пропушти да даде неопходни информации кои се однесуваат на цената на хартиите од вредност или со друго измамничко дејствие ќе предизвика заблуда кај продавачите или купувачите на хартии од вредност,

ќе се казни со парична казна

или со затвор до три години.“

Во ставот (4) кој станува став (5) по зборовите: „се оштетени поголем број лица“ се додаваат зборовите: „или предизвикал нарушување или растројство на пазарот на хартии од вредност“.

Ставот (5) станува став (6).

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Судот на сторителот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од овој законик.“

Член 88

По членот 275 се додаваат три нови наслови и три нови члена 275-а, 275-б и 275-в, кои гласат:

„Повреда на правата од хартии од вредност

Член 275-а

(1) Одговорно лице во правно лице, друг вработен во правното лице, акционер или содружник или лице овластено од одговорното лице кое попречува сопственик на хартии од вредност во остварувањето на правата од хартии од вредност или врши повреда на правата од хартии од вредност,

ќе се казни со парична казна

и затвор до три години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено спрема две или повеќе лица, сторителот

ќе се казни со парична казна

и затвор од една до пет години.“

Незаконито постапување на овластен ревизор

Член 275-б

(1) Овластен ревизор кој потпишал неточен или некомплетен финансиски извештај, односно финансиски извештај што предизвикува заблуда или кој е во спротивност со меѓународните стандарди за финансиско известување и меѓународните стандарди за ревизија на издавач на хартии од вредност кои се тргуваат на овластена берза и со тие активности довел определено лице да претрпи штета или оствари имотна корист преку влијание на обемот на тргување или цената на хартијата од вредност на издавачот на начин што се зголемува или намалува цената на хартиите од вредност и ги наведува инвеститорите да ги купуваат или продаваат хартиите од вредност или се предизвикува привид на активно тргување со хартии од вредност за да се наведат инвеститорите да купуваат односно продаваат хартии од вредност,

ќе се казни со парична казна

и затвор до пет години.

(2) Ако делото е сторено спрема повеќе лица, сторителот

ќе се казни со парична казна

и затвор од една до пет години.

(3) Ако со делото од ставовите (1) и (2) на овој член сторителот прибавил за себе или за друг поголема имотна корист или за друг предизвикал поголема имотна штета, или се оштетени поголем број лица,

ќе се казни со затвор

од една до десет години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Судот на сторителот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од овој законик.

Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство

Член 275-в

(1) Тој што свесно ќе ги повреди прописите за постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство со поднесување невистинита документација, со договарање со други можни учесници заради изигрување на постапката за доделување на договори за јавна набавка, со неизвршување на обврските од договорот со намера истиот да се изигра или на друг начин намерно ќе ги повреди правилата на таа постапка и со тоа за себе или за друг ќе оствари поголема имотна корист, или ќе предизвика поголема штета, ако не се исполнети обележјата на друго потешко дело,

ќе се казни со парична казна

или со затвор до три години.

(2) Ако сторителот со извршување на делото од ставот (1) на овој член остварил за себе или за друг значителна имотна корист или предизвикал значителна штета,

ќе се казни со затвор

од најмалку четири години.

(3) Ако сторителот со извршување на делото од ставот (1) на овој член остварил за себе или за друг имотна корист од поголеми размери или предизвикал штета од поголеми размери,

ќе се казни со затвор

од најмалку пет години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Обидот на делото од ставот (1) на овој член е казнив.

(6) Судот ќе му изрече на сторителот од ставовите (1), (2) и (3) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б на овој законик.

(7) Со паричната казна, судот ќе му изрече на правното лице и забрана за учество во постапки за доделување на договори за јавна набавка.“

Член 89

Во членот 278 ставот (1) се менува и гласи:

„Тој што се занимава со пренесување непријавени стоки или стоки различни од декларираните или пријавените преку царинска линија, избегнувајќи ја царинската контрола, или тој што избегнувајќи ја царинската контрола ќе пренесе непријавена или стока различна од декларираната или пријавената од поголема вредност,

ќе се казни со парична казна или
со затвор до четири години.“

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако стоката е од големи размери, сторителот
ќе се казни со парична казна и
со затвор најмалку четири години.“

Во ставот (3) кој станува став (4) по зборот “друго“ се додава зборот “злосторничко“.

Ставовите (4), (5), (6), (7) и (8) стануваат ставови (5), (6), (7), (8) и (9).

Член 90

Во членот 278-а по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Ако износот на давачките и даноците кои се плаќаат при увоз или извоз е од значителна вредност сторителот
ќе се казни со затвор
од една до десет години.“

Ставовите (2), (3), (4) и (5) стануваат ставови (3), (4), (5) и (6).

Член 91

Во членот 279 став (1) по зборовите: „ дава лажни податоци за своите при¬ходи“ се додаваат зборовите: „или за приходите на правното лице“.

Член 92

Во членот 280 став (1) по зборовите: „деловна исправа“ се додаваат зборовите: „трговска книга, финансиски извештај“.

Во ставот (2) по зборовите: „невистинита деловна исправа“ се додаваат зборовите: „трговска книга, финансиски извештај“.

Член 93

Во членот 281 став (3) зборовите: „или ако сторителот примил поткуп“ се бришат.

Член 94

Насловот на членот 283 се менува и гласи: „Спречување, ограничување или нарушување на конкуренција“.

Член 95

Во членот 283 ставот (1) се менува и гласи:

„Одговорно лице во правно лице кое ќе склучи договор или ќе учествува во склучување на договор, одлука или договорена практика, забранети со закон, кои имаат за цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, па поради тоа правното лице ќе се здобие со имотна корист од големи размери или ќе предизвика штета од големи размери,

ќе се казни со затвор
од една до десет години.“

Ставот (2) се брише.

Член 96

Во членот 284 ставот (2) се менува и гласи:

„Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член се здобил со имотна корист од големи размери или предизвикал штета од големи размери,

ќе се казни со затвор
од една до десет години.“

Член 97

Насловот на членот и членот 285 се менуваат и гласат:

„Повреда на права од индустриска сопственост
и неовластена употреба на туѓа фирма

Член 285

(1) Тој што спротивно на прописите за индустриска сопственост со намера да измами купувачи или корисници на услуги ќе повреди туѓа заштитена трговска марка, туѓ заштитен индустриски дизајн, туѓа заштитена ознака на потеклото на производот и географска ознака,

ќе се казни со казна затвор
од најмалку три години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што со намера да измами купувачи неовластено ќе произведе, пушти во промет, увезе, извезе, понуди на продажба или складишти производи што се предмет на заштита на правата од ставот (1) на овој член.

(3) Тој што неовластено ќе употреби туѓа фирма или неовластено ќе внесе во својата фирма обележја од правата од ставот (1) на овој член,

ќе се казни со парична казна
или со затвор до три години.

(4) Тој што со делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член прибавил значителна имотна корист или предизвикал значителна имотна штета,

ќе се казни со затвор од една до пет години
и парична казна.

(5) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од организирана група или со делото е предизвикана опасност за животот и здравјето на луѓето, сторителот

ќе се казни со затвор
од најмалку пет години.

(6) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(7) Предметите што се направени или употребени за извршување на кривичното дело ќе се одземат.“

Член 98

Насловот на членот и членот 286 се менуваат и гласат:

„Повреда на правото од пријавен или заштитен пронајдок и топографија на интегрални кола

Член 286

(1) Тој што со намера да оштети друг или да прибави противправна имотна корист неовластено ќе поднесе пријава на патент или во пријавата нема да го наведе или лажно ќе го наведе пронаоѓачот или ќе ја направи достапна на јавноста суштината на пронајдокот пред тој да биде објавен на начин утврден со закон,

ќе се казни со парична казна
или со затвор до три години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што со намера да оштети друг или да прибави противправна имотна корист неовластено ќе произведе, пушти во промет, увезе, извезе, понуди на продажба, складишти или користи производ или постапка која е предмет на заштита со патент или неовластено ќе употреби, репродуцира, увезе, извезе или дистрибуира заштитена топографија на интегрално коло или софтвер.

(3) Тој што со делото од ставовите (1) и (2) на овој член прибавил значителна имотна корист или предизвикал значителна имотна штета,

ќе се казни со затвор од една до пет години
и парична казна.

(4) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено од организирана група или со делото е предизвикана опасност за животот и здравјето на луѓето, сторителот

ќе се казни со парична казна

или со затвор од најмалку три години.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(6) Предметите кои се направени или употребени за извршување на кривичното дело ќе се одземат.“

Член 99

Во членот 295 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 100

Во членот 353 став (3) зборовите: „од една до десет години“ се заменуваат со зборовите: „најмалку три години“.

Во ставот (5) зборовите: „од став 1“ се заменуваат со зборовите: „од ставовите (1) и (4)“, а зборовите: „најмалку четири години“ се заменуваат со зборовите: „најмалку пет години“.

Член 101

Во членот 353-в став (3) зборовите: „од една до десет години“ се заменуваат со зборовите: „најмалку три години“.

Член 102

Во членот 354 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Со казната од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице кое има претставништво во Република Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност, определено со закон.“

Член 103

Во членот 357 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Службено лице кое директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок или друга корист или ќе прими ветување за подарок или друга корист за себе или за друг за да изврши во рамките на своето службено овластување службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши,

ќе се казни со затвор од

четири до десет години.

(2) Службено лице кое директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок или друга корист или ќе прими ветување за подарок или друга корист за себе или за друг, за да изврши во рамките на своето службено овластување службено дејствие што би морало да го изврши, или да не изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши,

ќе се казни со затвор од

една до пет години.“

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Ако со делото е прибавена поголема имотна корист, сторителот

ќе се казни со затвор

најмалку четири години.

(5) Ако со делото е прибавена значителна имотна корист, сторителот

ќе се казни со затвор

најмалку пет години.“

Ставот (4) кој станува став (6) се менува и гласи:

„(6) Со казна од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе се казни и одговорно лице кое врши работи од јавен интерес, одговорно лице во странско правно лице, како и странско службено лице ако делото е извршено со повреда на неговите овластувања, во врска со стекнување, остварување или одземање права утврдени со закон или заради стекнување корист или нанесување штета на друг.“

Ставот (5) станува став (7).

Член 104

Во членот 358 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Тој што директно или индиректно на службено лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за него или за друг за да изврши во рамките на своето службено овластување службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши или тој што посредува при ова,

ќе се казни со затвор

од една до пет години.

(2) Тој што директно или индиректно на службено лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за него или за друг за да изврши во рамките на своето службено овластување службено дејствие што би морало да го изврши или да не изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или тој што посредува при ова,

ќе се казни со парична казна или

со затвор до три години.“

Член 105

Во членот 359 став (4) зборовите: „на штета на Република Македонија, нејзин“ се бришат.

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.“

Член 106

Насловот на членот и членот 359-а се менуваат и гласат:

„ Противправно стекнување и прикривање имот

Член 359-а

(1) Службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, кое спротивно на законската должност за пријавување на имотната состојба или нејзина промена ќе даде лажни или непотполни податоци за својот имот или имотот на членовите на неговото семејство, кој во значителна вредност ги надминува неговите законски приходи,

ќе се казни со затвор од шест месеца до пет години

и со парична казна.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал кое, кога во законски уредена постапка ќе се утврди дека за време на вршењето на функцијата или должноста тоа или член на неговото семејство стекнал имот што во значителна вредност ги надминува неговите законски приходи, дава лажни податоци или ги прикрива неговите вистински извори.

(3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено во однос на имот кој во големи размери ги надминува неговите законски приходи, сторителот

ќе се казни со затвор од една до осум години

и со парична казна.

(4) За делата од ставовите (2) и (3) на овој член сторителот нема да се казни ако во постапката пред судот даде прифатливо објаснување за потеклото на имотот.

(5) Имотот кој ги надминува приходите што сторителот законски ги остварува и за кои дал лажни или непотполни податоци или не дава податоци или ги прикрива неговите вистински извори се конфискува, а ако неговото конфискување не е можно од сторителот се конфискува негов друг имот што одговара на неговата вредност.

(6) Имотот од ставот (5) на овој член се конфискува и од членовите на семејството на сторителот за кои е остварен или врз кои е пренесен ако е очигледно дека не дале противнадоместок што одговара на неговата вредност, како и од трети лица ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на нивната вредност."

Член 107

По членот 362 се додаваат два нови наслова и два нови члена 362-а и 362-б, кои гласат:

„Гонење за кривичните дела против службената должност

Член 362-а

За делата од членовите 357, 358 и 359 на овој законик сторени во странство од лице кое не е државјанин на Република Македонија, гонењето се презема по одобрение на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Задолжително изрекување на казната забрана за вршење на професија, дејност или должност

Член 362-б

Под условите определени со членот 38-б од овој законик за кривичните дела од членовите 357, 358 и 359 судот на сторителот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од една до десет години."

Член 108

Во членот 364 став 2 по бројот „165" се додава бројот „165-а".

Член 109

Во членот 377 ставот (4) се менува и гласи:

„Ако со делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се предизвикало потешка повреда на правата на друг или значителна имотна штета, сторителот

ќе се казни со затвор

од една до десет години."

Член 110

Во членот 379 пред зборот „Ќе" се става бројот „(1)".

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна."

Член 111

Во членот 394-б ставот (1) се менува и гласи:

„Тој што ќе изврши едно или повеќе дела на убиство, телесно повредување, грабнување на лица, уништување на јавни објекти, транспортни системи, објекти на инфраструктура, компјутерски системи и други објекти во општа употреба, грабнување на авиони или други средства на јавен транспорт, производство, поседување, транспорт, трговија, набавка или примена со нуклеарно оружје, биолошки, хемиски оружја и други видови на оружја и опасни материи, како и истражувања во насока на развој на биолошко и хемиско оружје, пуштање на опасни радиоактивни, отровни и други опасни супстанции или предизвикување на пожар или експлозија, уништување на постројки за снабдување со вода, енергија или други основни природни извори, со намера за загрозување на животот и телото и создавање чувство на несигурност или страв кај граѓаните,

ќе се казни со затвор

најмалку десет години или со доживотен затвор."

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Тој што сериозно ќе се закани со извршување на делото од ставот (1) на овој член непосредно или посредно, со употреба на електронски средства или на друг начин, со намера за загрозување на животот и телото и создавање чувство на несигурност или страв кај граѓаните,

ќе се казни со затвор

најмалку осум години."

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

„(3) Тој што јавно повикува, со ширење или сторување на кој било друг начин достапна на јавноста порака, со намера за поттикнување на извршување на некое од дејствијата предвидени во ставот (1) на овој член, кога самото повикување создава опасност од извршување на такво дејствие,

ќе се казни со затвор

од четири до десет години."

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што ќе присили некого на извршување на делото од ставот (1) на овој член со сила или сериозна закана дека ќе го нападне неговиот живот и тело или животот и телото на нему блиски лица."

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (5) и (6).

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Тој што ќе стори дело на тешка кражба за да дојде до предмети за извршување на делото од ставот (1) на овој член,

ќе се казни со казна затвор

од најмалку четири години."

Во ставот (5) кој станува став (8) зборовите: „од ставовите 2 и 4" се бришат.

Ставот (6) станува став (9).

Член 112

Во членот 394-в ставот (2) се менува и гласи:

„Тој што јавно повикува, со ширење или сторување на кој било друг начин достапна на јавноста порака, со намера за поттикнување на извршување на некое од дејствијата предвидени во ставот (1) на овој член, кога самото повикување создава опасност од извршување на такво дејствие,

ќе се казни со затвор

од четири до десет години."

Во ставот (4) зборовите: „најмалку четири години" се заменуваат со зборовите: „најмалку осум години".

По ставот (6) се додаваат три нови става (7) (8) и (9), кои гласат:

"(7) Службено лице, одговорно лице во банка или друга финансиска институција, или лице кое врши работи од јавен интерес, кое според закон е овластено за преземање на мерки и дејствија за спречување на финансирање на тероризам, што свесно ќе пропушти да ги преземе со закон предвидените мерки и со тоа ќе овозможи извршување на делото од ставот (1) на овој член,

ќе се казни со затвор

најмалку четири години.

Провизијата од ставот 1 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 30 јуни и 30 декември секоја година.

На износот на заемот кој нема да се плати во предвидените рокови, ќе се плаќа затезна камата во висина на базичната каматна стапка на Централната банка на СР Германија, зголемена за 3% годишно.

Член 5

Корисници на средствата од заемот од членот 1 на овој закон се општините и јавните комунални претпријатија основани од општините, кои ги исполнуваат условите за задолжување согласно Законот за јавен долг и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Член 6

За регулирање на правата и обврските меѓу Република Македонија и корисниците на средствата на заемот од членот 5 на овој закон, Министерството за финансии ќе склучи посебни договори за заем.

Член 7

Република Македонија, заемот од членот 1 на овој закон ќе го отплаќа од средствата кои ќе се прибираат со отплатата на позајмените средства од корисниците на средствата од заемот од членот 5 на овој закон согласно со посебните договори за заем од членот 6 на овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I G J
## PËR NGARKIMIN E REPUBLIKES SË MAQEDONISE ME HUA TE BANKA KREDITORE PËR RINDERTIM-KFV SIPAS MARREVESHJES PËR HUA PËR PROJEKTIN “UJESJELLES DHE KANALIZIM TË KOMUNAVE FAZA I“

Neni 1

Republika e Maqedonise ngarkohet te Banka Kreditore për Rindertim - KFV nga Republika Federale e Gjermanise me hua në shume prej 8.635.000 EURO, dedikuar për realizimin e projektit “Ujesjelles dhe kanalizim të komunave faza I”.

Neni 2

Kushtet dhe menyra e shfrytezimit të huas nga neni 1 i ketij ligji, percaktohen me Marreveshjen për hua për projektin “Ujesjelles dhe kanalizim të komunave faza I, që do të lidhet ndermjet Republikes së Maqedonise dhe Bankes Kreditore për Rindertim-KFV.

Në emer të Republikes së Maqedonise, Marreveshjen për hua nga paragrafi 1 i ketij neni do ta nenshkruaje ministri i Financave ose personi i autorizuar nga ai.

Neni 3

Afati për pagesen e huas nga neni 1 i ketij ligji eshte 30 vjet, me grejs periudhe të lidhur prej 10 vjetesh.

Shkalla vjetore e kamates eshte shkalle fikse e kamates dhe e njejta eshte 2%.

Huaja do të paguhet në dy keste gjysmevjetore që arrijne për pagese më 30 qershor dhe 30 dhjetor çdo vit, duke filluar prej 30 dhjetorit 2019, e duke mbaruar më 30 dhjetor 2039.

Neni 4

Për shumen e mjeteve të paterhequra nga huaja i paguhet provizion Bankes Kreditore për Rindertim–KFV në shume prej 0,25% nga shuma e huas në nivel vjetor.

Provizioni nga paragrafi 1 i ketij neni paguhet në gjysmevjetor edhe atë më 30 qershor dhe 30 dhjetor çdo vit.

Për shumen e huas e cila nuk duhet të paguhet në afatet e parapara, do t’i paguhet kamatevonese në lartesi të shkalles së kamates baze Bankes Qendrore të RF të Gjermanise, e rritur për 3% në vit.

Neni 5

Shfrytezues të mjeteve të huas nga neni 1 të ketij ligji jane komunat dhe ndermarrjet publike komunale të themeluara nga komunat, që i plotesojne kushtet ngarkim me hua në pajtim me Ligjin për borxh publik dhe Ligjin për financim të njesive të vetadministrimit lokal.

Neni 6

Për rregullimin e të drejtave dhe të obligimeve ndermjet Republikes së Maqedonise dhe shfrytezuesve të mjeteve të huazuara nga neni 5 të ketij ligji, Ministria e Financave do të lidhe marreveshje të vecanta për hua.

Neni 7

Republika e Maqedonise, huan nga neni 1 i ketij ligji do ta paguaje nga mjetet që do të grumbullohen me pagesen e mjeteve të huazuara nga shfrytezuesit e mjeteve të huas nga neni 5 të ketij ligji në pajtim me marreveshjet e vecanta për hua nga neni 6 i ketij ligji.

Neni 8

Ky ligj hyn në fuqi me diten e shpalljes në „Gazeten zyrtare të Republikes Maqedonise“.

---

**2169.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ, ПО ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЦИВИЛНАТА ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој, по договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 септември 2009 година.

Бр. 07-3899/1
10 септември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ, ПО ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЦИВИЛНАТА ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската банка за обнова и развој, по договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба (“Службен весник на Република Македонија” број 61/2002), членот 4 се брише.

Член 2

Членот 5 се менува и гласи:

“Кредитот од членот 1 на овој закон го отплаќа акционерското друштво со еден акционер, државата - давател на услуги на воздухопловната навигација, како правен следбеник на Управата за цивилна воздушна пловидба од сопствени и други приходи, во рокови и услови утврдени во Договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба и корисникот на аеродромската инфраструктура.“

Член 3

Членот 7 се брише.

Член 4

Висината на делот од кредитот по основ на Договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба и начинот на неговата отплата од страна на акционерското друштво со еден акционер, државата - давател на услуги на воздухопловната навигација, како и висината на делот од кредитот и начинот на неговата отплата, кој корисникот на аеродромската инфраструктура е должен да го префрли на акционерското друштво со еден акционер, државата - давател на услуги на воздухопловната навигација, ги пропишува Владата на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Акционерското друштво со еден акционер, државата - давател на услуги на воздухопловната навигација, потпишува договор со Министерството за финансии за регулирање на правата и обврските кои произлегуваат од Договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба.

Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR HYRJE NË BORXH TË REPUBLIKES SË MAQEDONISE TE BANKA EVROPIANE PËR RINDERTIM DHE ZHVILLIM, SIPAS MARREVESHJES PËR KREDI PËR PROJEKTIN PËR PERPARIMIN E AVIACIONIT CIVIL AJROR**

Neni 1

Në Ligjin për hyrje në borxh të Republikes së Maqedonise me kredi te Banka Evropiane për Rindertim dhe Zhvillim, sipas marreveshjes për kredi për Projektin për parimin e aviacionit civil ajror ("Gazeta zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer (61/2002), neni 4 fshihet.

Neni 2

Neni 5 ndryshohet si vijon:

“Kredine nga neni 1 të ketij ligji e paguan shoqata aksionare me një aksionar, shteti-dhenes i sherbimeve të navigacionit ajror, si trashegues juridik i drejtorise së aviacionit civil ajror nga të ardhurat personale dhe të tjera, në afate dhe kushte të verifikuara në Marreveshje për kredi për Projektin për perparimin e aviacionit civil ajror dhe shfrytezuesin e infrastruktures së aeroportit.”

Neni 3

Neni 7 fshihet.

Neni 4

Lartesine e pjeses së kredise sipas bazes së Marreveshjes për kredi për Projektin për perparimin e aviacionin civil ajror dhe menyren e pageses së tyre nga ana e shoqates aksionare me një aksionar, shteti - dhenes i sherbimeve të navigacionit ajror, si dhe lartesine e pjeses nga kredia dhe menyren e pageses së tyre, të cilen shfrytezuesi i infrastruktures së aeroportit eshte i obliguar t'ia transferoje shoqates aksionare me një aksionar, shteti-dhenes i sherbimeve të navigacionit ajror, i percakton Qeveria e Republikes së Maqedonise, na afat prej 30 ditesh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

Neni 5

Shoqata aksionare me një aksionar, shteti - dhenes i sherbimeve të navigacionit ajror, nenshkruan marreveshje me Ministrine e Financave për rregullimin e të drejtave dhe obligimeve që dalin nga Marreveshja për kredi për Projektin për perparimin e aviacionit civil ajror.

Neni 6

Ky Ligj hyn në fuqi diten vijuese nga dita e shpalljes në „Gazeten zyrtare të Republikes së Maqedonise“.

---

**2170.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ ЕБОР ПО ДОГОВОРОТ ЗА ПРОЕКТОТ АКЦИОНА ПРОГРАМА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО КУМАНОВО, ВЕЛЕС, ШТИП, СТРУМИЦА, ОХРИД/СТРУГА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 септември 2009 година.

Бр. 07-3900/1
10 септември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ ЕБОР ПО ДОГОВОРОТ ЗА ПРОЕКТОТ АКЦИОНА ПРОГРАМА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО КУМАНОВО, ВЕЛЕС, ШТИП, СТРУМИЦА, ОХРИД/СТРУГА**

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга („Службен весник на Република Македонија” број 107/2000), членот 6 се менува и гласи:

“(1) Во случај Република Македонија преку Министерството за финансии, во име на крајните корисници да изврши плаќање на пресметаните ануитети утврдени согласно со договорите склучени со Министерството за финансии, Министерството за финансии има право на наплата на достасаното побарување кое вклучува главнина, камата, затезна камата и други трошоци настанати заради неможност на крајниот корисник на кредитот

да изврши сервисирање на обврската настаната на датумот на пристигнување и во рок од 30 дена да ги примени мерките на наплата на средствата од општината/општините основачи на јавните претпријатија согласно со Законот за јавен долг.

(2) Министерството за финансии, за достасаните обврски по основ на кои извршило плаќање, може за наплата на достасаните побарувања од крајните корисници на кредитот, да им овозможи репрограм на долгот, со рок на отплата до 36 месечни рати и пресметка на редовна камата, во висина на есконтната каматна стапка на Народната банка на Република Македонија."

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR NGARKIMIN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË ME KREDI TE BEZHR SIPAS MARRËVESHJES PËR PROJEKT-PROGRAMIN AKSIONAR PËR PËRPARIMIN E KOMUNAVE DHE MJEDISIT JETËSOR NË KUMANOVË, VELES, SHTIP, STRUMICË, OHËR/STRUGË**

Neni 1

Në Ligjin për ngarkimin e Republikës së Maqedonisë te BEZHR sipas Marrëveshjes për Projekt-programin aksionar të komunave dhe mjedisit jetësor në Kumanovë, Veles, Shtip, Strumicë, Ohër/Strugë ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 107/2000), neni 6 ndryshohet si vijon:

"(1) Në rast se Republika e Maqedonisë nëpërmjet Ministrisë së Financave, në emër të shfrytëzuesve të fundit të kryejë pagesën e anuiteteve të llogaritura të verifikuara në pajtim me marrëveshjet e lidhura me Ministrinë e Financave, Ministria e Financave ka të drejtë të arkëtimit të kërkesave të maturuara që përshin kryegjënë, kamatën, kamatës së vonuar dhe shpenzimeve të tjera të bëra për shkak të pamundësisë së shfrytëzuesit të fundit të kredisë, të kryejë servisimin e detyrimit të ndodhur në datën e arritjes dhe në afat prej 30 ditësh ti zbatojë masat e arkëtimit të mjeteve nga komuna/komunat themeluese të ndërmarrjeve publike në pajtim me Ligjin për borxh publik.

(2) Ministria e Financave, për detyrimet e maturuara në bazë të së cilave i është bërë pagesën, për arkëtimin e maturuar të kërkesës nga shfrytëzuesit e fundit të kredisë, mund t'u mundësojë riprogram të ri të borxhit me afat pagese prej 36 këstesh mujore dhe llogaritje të kamatës së rregullt, në lartësi të shkallës së kamatës eskonte të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë."

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën vijuese nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**2171.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за јавните патишта,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 септември 2009 година.

Бр. 07-3901/1
10 септември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА**

Член 1

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/2008 и 52/2009), во членот 57 став 2 по зборовите: „при регистрација на возилата" се става точка, а запирката и зборовите: „а возилата регистрирани надвор од Република Македонија, на граничен премин при излез од Републиката. Наплатата на граничниот премин ја вршат царинските служби" се бришат.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR RRUGËT PUBLIKE**

Neni 1

Në Ligjin për rrugët publike („Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 84/2008 dhe 52/2009), në nenin 57 në paragrafin 2 pas fjalëve: "gjatë regjistrimit të automjeteve" vihet pikë, ndërsa presja dhe fjalët: "ndërsa automjetet e regjistruara jashtë Republikës së Maqedonisë, në vendkalimin kufitarë gjatë daljes nga Republika. Pagesën në vendkalimin kufitar e kryejnë shërbimet doganore" shlyhet.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën vijuese nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**2172.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 септември 2009 година.

Бр. 07-3902/1
10 септември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 68/2004 и 127/2006), во членот 3 точката 4-а се менува и гласи:

“4-а. Извод од лиценца е исправа што ја издава органот надлежен за издавање на лиценци за секое возило одделно;“.

Точката 36 се менува и гласи:

“36. Дозвола на Европската конференција на министрите за транспорт (ЕКМТ) е мултилатерална дозвола за извршување на меѓународен превоз на стока во патниот сообраќај на територијата на државите членки на ЕКМТ, со возила регистрирани во една од државите членки на ЕКМТ;“.

Во точката 37 зборот “образец“ се заменува со зборот “документ“.

Точката 38 се менува и гласи:

„38. Товарен лист е документ кој го прати превозот и содржи податоци за фирмата, односно името и седиштето на превозникот, на испраќачот и примачот на стоката, местото на утовар и растовар, името на стоката, нејзината категоризација и количина, регистарскиот број на возилото и посебните забелешки и упатства за превозникот, а се употребува при извршување на превозот на стока во внатрешниот и меѓународен патен сообраќај;“.

По точката 39 се додаваат седум нови точки 40, 41, 42, 43, 44, 45 и 46, кои гласат:

“40. Далечинар е документ со кој се утврдува оддалеченоста меѓу автобуските станици, односно автобуските стојалишта издаден од надлежен државен орган за патишта и се користи при одобрувањето на возните редови за линиски превоз на патници;

41. Патник е лице кое превозникот за одредена цена го превезува со возилото за превоз на патници во патниот сообраќај;

42. Посебен линиски превоз е превоз само на определена група патници и ги исклучува другите патници;

43. Наизменичен превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај е превоз на претходно организирани групи патници за повеќе патувања од исто место на поаѓање до исто место на пристигнување, при што секоја група на патници која го извршила патувањето во заминување се враќа во местото на тргнување со некое подоцнежно возење во ист состав според термините од циклусот на патувањето. Првото возење при враќање и последното возење во заминување се извршуваат со празно возило;

44. Комплет возила се меѓусебно поврзани возила од најмалку едно влечно и едно приклучно возило, кои во сообраќајот на патиштата учествуваат како целина;

45. Најголема дозволена маса е масата на возилото заедно со неговата носивост и

46. Бис возење е превоз на определена линија во меѓуопштинскиот и меѓународниот патен сообраќај кој се врши со повеќе возила на кои е истакнат натпис “бис возење” со назначување на бројот и редоследот на автобусите со римски броеви.“

Член 2

По членот 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

“Член 4-а

Изводот од лиценцата што ја издава органот надлежен за издавање на лиценци за секое поединечно возило содржи податоци за органот што ја издава лиценцата, превозникот, даночниот број на превозникот, број на лиценцата и рокот на важење, регистарскиот број и типот на возилото, видот на превозот што може да се врши со возилото согласно со издадената лиценца, дата на издавање и потпис и печат на овластеното лице.“

Член 3

Во членот 6 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

“При вршењето на превозот на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај превозникот е должен во возилото да има:

- извод од лиценца,
- дозвола за вршење на превоз во патниот сообраќај,
- сертификат за учество на возач во меѓународниот патен сообраќај и
- уредно пополнет патен налог.

Одредбите од ставот 1 алинеи 2, 3 и 4 на овој член не се однесуваат на автотакси превозот и за вршење на превоз со возила од членот 7 став 2 на овој закон.“

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

“Одредбата од ставот 1 алинеја 3 на овој член не се однесува за вршење на превоз во внатрешниот патен сообраќај.“

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

Член 4

Во членот 7 став 1 зборот “јавен“ се брише.

Во ставот 1 точка 1 алинејата 3 се менува и гласи:

“- слободен превоз на патници и посебен линиски превоз на патници,“.

Во ставот 3 по зборот “член“ се додаваат зборовите: “и извод од лиценцата за секое возило од членот 4-а на овој закон“.

Член 5

Во членот 8 став 1 точките 1 и 2 се менуваат и гласат:

“1) да е впишан во Централниот регистар на Република Македонија и да има регистрирано приоритетна дејност/главна приходна шифра вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај;

2) да е сопственик на едно или повеќе регистрирани возила за превоз или да има договор за лизинг, што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на одделни видови на превоз во внатрешниот и/или меѓународниот патен сообраќај, при што за меѓуопштински и меѓународен линиски превоз на патници да е сопственик или да има договор за лизинг за најмалку две возила со капацитет од најмалку 22+1 седиште по возило, за општински линиски превоз на патници да е сопственик на две или повеќе регистрирани возила или да има договор за лизинг за возила со најмалку 16+1 седиште, а за слободен превоз и посебен линиски превоз на патници да е сопственик или да има договор за лизинг за најмалку две возила со капацитет со најмалку 8+1 седиште по возило, што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на одделни видови на превоз;“.

Точките 7 и 8 се менуваат и гласат:

“7) да има солидна финансиска состојба;

8) да има добар углед;“.

Во точката 9 по зборот “превоз“ зборовите: “како и“ се заменуваат со зборот “односно“.

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

“Одредбите од ставот 1 точки 1 и 7 на овој член не се однесуваат за добивање на лиценца за превоз на патници и стока за сопствени потреби во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај.“

Ставот 5 кој станува став 6 се менува и гласи:

“Начинот и постапката за добивање и одземање на лиценцата за одделни видови на превоз ги пропишува министерт за транспорт и врски.“

Член 6

Во членот 8- а ставовите 3 и 4 се менуваат и гласат:

“Испитот за добивање на сертификат од ставот 1 на овој член се полага пред Комисија за полагање на испит за професионална компетентност (во натамошниот текст: Комисијата) формирана од министерт за транспорт и врски.

Комисијата од ставот 3 на овој член се состои од пет члена од кои три члена се од Министерството за транспорт и врски и два члена од разни облици на здружување на превозниците.“

По ставот 8 се додава нов став 9, кој гласи:

“Министерството за транспорт и врски води евиденција за лицата кои го положиле испитот за добивање на сертификат за професионална компетентност.“

Член 7

Во членот 8-б ставовите 3 и 4 се менуваат и гласат:

“Испитот за добивање на сертификат од ставот 1 на овој член се полага пред Комисија за полагање на испит за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај (во натамошниот текст: Комисијата) формирана од министерот за транспорт и врски.

Комисијата од ставот 3 на овој член се состои од пет члена од кои три члена се од Министерството за транспорт и врски и два члена од разни облици на здружување на превозниците.“

По ставот 8 се додава нов став 9, кој гласи:

“Министерството за транспорт и врски води евиденција за лицата кои го положиле испитот за добивање на сертификат за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај.“

Член 8

По членот 8- б се додаваат два нови члена 8- в и 8- г, кои гласат:

“Член 8- в
Солидна финансиска состојба

Солидна финансиска состојба во согласност со овој закон има превозник кој има на располагање капитал и резерви во висина од најмалку 3.000,00 евра во денарска противвредност за првото возило и по 2.000,00 евра во денарска противвредност за секое наредно возило.

Финансиската состојба се докажува врз основа на еден од следниве документи:

- потврда од надлежен орган за намирени јавни давачки спрема државата и платени придонеси за осигурување (здравствено, пензиско и инвалидско) за последните шест месеца од денот на поднесување на барањето, која не смее да биде постара од еден месец,

- копија од билансот на состојба за претходната година издадена и заверена од Централниот регистар на Република Македонија (завршна сметка) или

- доказ за сопственост на основни средства кои не се под хипотека или

- договор за наменски депозит во банка или

- потврда од банка за депонирани парични средства орочени на рок кој е соодветен на рокот на важење на лиценцата, на износ даден во ставот 1 од овој член, како и гаранција на возила под лизинг кои не се основни средства во фирмата.

Солидна финансиска состојба нема превозник кој шест месеца едно по друго не ги намирил јавните давачки спрема државата и не ги платил придонесите за осигурување (здравствено, пензиско и инвалидско).

Добар углед

Член 8- г

Добар углед согласно со овој закон мора да има правното лице и одговорното лице во правното лице, односно физичко лице кое сака да извршува превоз во патниот сообраќај.

Добар углед согласно со овој закон немаат правните и физичките лица и одговорното лице во правното лице ако има:

- правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството и од областа на безбедноста во јавниот сообраќај и

- правосилна судска пресуда за други казниви дела со затворска казна подолга од една година.“

Член 9

Членот 9 се менува и гласи:

“Лиценцата и изводот од лиценцата за секое возило со кое ќе се врши превозот предвидени со членот 7 од овој закон ги издава Министерството за транспорт и врски, освен лиценцата и изводот на лиценцата за општински превоз на патници и автотакси превоз на патници кои ги издава градоначалникот на општината, односно за градот Скопје градоначалникот на градот Скопје.

Лиценцата и изводот од лиценцата се издаваат со рок на важење од четири години.

Превозникот е должен во рок од шест месеца пред истекот на важноста на лиценцата да поднесе барање за издавање на нова лиценца до надлежниот орган за нејзино издавање во согласност со одредбите од членот 8 на овој закон.

Органите од ставот 1 на овој член за издадените лиценци и изводот од лиценцата водат регистар.

Формата и содржината на регистарот од ставот 4 на овој член ја пропишува министерот за транспорт и врски.“

Член 10

Во членот 13 став 2 по зборот “работи“ се додаваат зборовите: “Централниот регистар на Република Македонија, Царинската управа“.

Член 11

Во членот 14 став 5 по зборот “работи“ се додаваат зборовите: “Централниот регистар на Република Македонија, Царинската управа“.

Член 12

Членот 17 се менува и гласи:

“Превозот на патници во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај може да се врши како линиски превоз, слободен превоз на патници и превоз на патници за сопствени потреби.

Јавниот превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај може да се врши како општински линиски превоз, меѓуопштински линиски превоз, слободен превоз, посебен линиски превоз, автотакси превоз, како и превоз на патници за сопствени потреби.

Превозот на патници во меѓународниот патен сообраќај може да се врши како јавен линиски превоз на патници, како слободен превоз на патници и превоз на патници за сопствени потреби.“

Член 13

По членот 17 се додава нов член 17-а, кој гласи:

“Член 17-а

Патниците кои користат јавен линиски превоз, за цело време на возење, треба да имаат возен билет.

Патникот мора на барање на инспекторот за патен сообраќај да го даде билетот на увид.

Возачот на возилото е должен врз основа на расположливите места во возилото да ги смести патниците и нивниот личен багаж.

Возачот на возилото не смее да качува или слегува патници и товара или истовара багаж надвор од автобуските станици или стојалишта кои се одредени во возниот ред.“

Член 14

Во членот 19 став 3 зборовите: “четири години“ се заменуваат со зборовите: “пет години“.

Член 15

По членот 19 се додаваат два нови члена 19- а и 19- б, кои гласат:

"Член 19- а

При утврдување на општинскиот линиски превоз на патници треба да се води сметка за:

- меѓусебната поврзаност меѓу меѓуопштинскиот превоз и општинскиот линиски превоз на патници и
- меѓусебната поврзаност на општински превоз на патници со други видови на превоз.

Член 19- б

Во општини со над 100.000 жители општината е должна да организира општински линиски превоз на патници како јавна служба."

Член 16

Во членот 23 став 1 по зборот "патници" се брише точката и се додаваат зборовите: "со обврска да го запазат временскиот интервал на станиците од делот на заедничката траса на одобрените возни редови за меѓуопштински линиски превоз при склучување на спогодбата".

По ставот 3 се додаваат три нови става 4, 5 и 6, кои гласат:

"Согласност на спогодбата од ставот 2 на овој член дава министерот за транспорт и врски.

Еден примерок од спогодбата на која е дадена согласност се задржува во Министерството за транспорт и врски.

Доколку општините склучат спогодба, а за истата немаат добиено согласност од министерот за транспорт и врски, истата нема правно дејство, односно е неважечка."

Ставот 4 се брише.

Член 17

Членот 24-а се менува и гласи:

"Одобрување на возни редови за нови линии или промена на возни редови на одобрени линии врши Министерството за транспорт и врски по барање на заинтересираните превозници.

За одобрување на возни редови за нови линии или промена на возни редови на одобрени линии, Министерството за транспорт и врски секоја година објавува оглас на својата интернет страница и во дневниот печат.

Огласот од ставот 2 на овој член се објавува двапати во текот на годината и тоа најдоцна до 1 март и до 1 септември во тековната година.

Постапката за одобрување на возни редови за нови линии или промена на возни редови на одобрени линии се врши по електронски пат.

Право да учествуваат на огласот имаат сите превозници кои имаат лиценца за меѓуопштински превоз на патници.

Во електронското барање за одобрување на возни редови за нови линии или промена на возни редови на одобрени линии превозникот пополнува задолжителни податоци за исполнување на условите (критериумите) за одобрување на возниот ред, и тоа:

- број на возила со кои располага регистрирани на име на фирма или за кои има договор за лизинг (најмалку две возила за еден возен ред, а за секој нареден возен ред по едно возило со капацитет 22+1 седиште по возило), број на регистрација, марка и тип на возило, број на шасија, број на мотор, број на седишта и дата на важење на регистрација,
- потврда за секое возило дека ги исполнува посебните техничко-експлотациони услови пропишани за возила за вршење на меѓуопштински и меѓународен линиски превоз пропишани со Правилникот за посебните техничко-експлотациони услови за возилата за вршење на одделните видови на превоз во патниот сообраќај и за формата и содржината на потврдата за исполнување на посебните техничко-експлотациони услови. Потврдата за техничко-експлотациони услови се внесува во скенирана форма и
- за возачите во редовен работен однос кај превозникот, податоци за платени придонеси по основ на пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување согласно со закон.

Доколку возниот ред за линијата е со повеќе поаѓања кои не можат да се одржуваат со едно возило, превозникот треба за тие возни редови да поседува толку возила колку што е потребно за да може да ги одржува сите поаѓања земајќи ги предвид и возилата кои му се потребни за одржување на веќе одобрените возни редови.

Постапката за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на возни редови за одобрени линии ја следи и контролира Комисија за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на возни редови за одобрени линии (во натамошниот текст: Комисијата) формирана од министерот за транспорт и врски.

Врз основа на добиените резултати од компјутерски обработените барања, Комисијата од ставот 8 на овој член подготвува предлог листа на одобрени, односно одбиени барања и ја доставува до министерот за транспорт и врски на одобрување.

Врз основа на одобрените листи министерот за транспорт и врски донесува решение со кое возниот ред за линијата се одобрува или барањето се одбива.

Против решението од ставот 9 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на транспортот и врските.

Комисијата од ставот 8 на овој член се состои од пет члена од кои три члена се од Министерството за транспорт и врски и два члена од здруженијата на превозници од патниот сообраќај.

Начинот, постапката и поблиските услови за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на одобрени линии во меѓуопштинскиот и меѓународниот превоз на патници, издавање, продолжување и одземање на дозволата за одобрена линија, формата и содржината на образецот на дозволата и на возниот ред, ги пропишува министерот за транспорт и врски."

Член 18

Во членот 25 став 2 зборот "четири" се заменува со зборот "пет".

Член 19

Во членот 26 ставот 5 се менува и гласи:

"За време на вршење на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници во возилото мора да се наоѓа извод од лиценцата, дозвола, регистриран возен ред и патен налог во оригинал."

Член 20

Членот 28 се менува и гласи:

"Возниот ред и правецот на движење (итинерер) можат да се менуваат само еднаш во текот на важењето на дозволата со спроведување на постапка од членот 24-а на овој закон.

По исклучок од ставот 1 на овој член, без спроведување на постапката од членот 24-а на овој закон, возниот ред и правецот на движење (итинерерот) може да се изменат пред истекот на важноста на дозволата, доколку:

- превозникот се откаже од одреден број поаѓања во возниот ред,
- во постапката за издавање на транзитни дозволи за редовни линии во меѓународниот патен сообраќај, државата што треба да се транзитира бара измена на должината на трасата и/или времето на патување, или граничните премини за влез и излез,
- во меѓународниот линиски превоз странскиот превозник има добиено согласност за промена на возниот ред од надлежниот орган на странската држава,

- тоа е потребно заради промени кои настанале поради виша сила,
- има промени предизвикани поради реконструкција и пуштање во сообраќај на нови патишта или заради други вонредни настани,
- се менува итинерерот без промена на времињата на поаѓање,
- превозникот бара бришење на одреден број на станици од возниот ред и
- превозникот бара скратување на релацијата или менување на начинот на одржување на линијата од постојана во сезонска линија и обратно.

За случаите од ставот 2 на овој член, врз основа на писмено барање од превозникот со решение одлучува министерот за транспорт и врски.“

Член 21

Во членот 30 став 2 по зборот “месеца“ се додаваат зборовите: “во текот на важењето на дозволата“.

Ставот 3 се менува и гласи:

“Со донесувањето на решението за трајно запирање на превозот на патници на одредена линија се одзема дозволата и се врши бришење на возниот ред од евиденцијата на регистрирани возни редови.“

Член 22

Во членот 32 став 2 по точката се додава нова реченица која гласи: “По правосилноста на решението за одземање на дозволата, возниот ред се брише од евиденцијата на регистрирани возни редови.“

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

“Министерството за транспорт и врски е должно примерок од решението од ставот 2 на овој член да достави до Државниот инспекторат за транспорт најдоцна во рок од седум дена по правосилноста на решението.“

Член 23

Членот 33 се менува и гласи:

“Превозникот мора да продава возни билети на организирани места за продавање како што се автобуските станици.

По исклучок од ставот 1 на овој член превозникот може да продава возни билети и во автобусот, таму каде што нема организирани места за продажба при што е должен да издаде фискална сметка за продадените билети.

Превозникот и автобуската станица можат да продаваат возни билети само за одобрените линии за кои е издадена дозвола во согласност со одобрениот возен ред и цената.

Возниот билет што го издава превозникот содржи:
- назив на превозникот,
- место на тргнување и пристигнување, односно зона на вршење за општинскиот линиски превоз,
- период на важење на билетот и
- цена на превозот.

Превозникот може на целата линија да врши превоз и со повеќе возила (бис возење).“

Член 24

Во членот 37 став 2 по зборот “итинерер“ се додава запирка и зборовите: “план за возење на возачите“.

Ставот 5 се менува и гласи:

“Составен дел на дозволата се заверен возен ред, ценовник, итинерер и план за возење на возачите.“

Член 25

Во членот 38 став 1 по зборовите: “согласност со“ се додаваат зборовите: “дозволата, планот за возење на возачите“.

Во ставот 2 по зборот “Дозволата“ се додаваат зборовите: “план за возење на возачите“.

Член 26

По членот 38 се додаваат два нови члена 38-а и 38-б, кои гласат:

“Член 38-а

За редовно одржување на превозот согласно со издадената дозвола одговорни се двата превозника на кои им се издадени дозволите.

Доколку превозниците превозот од ставот 1 на овој член не го вршат согласно со издадената дозвола и одобрениот возен ред Министерството за транспорт и врски ќе ја одземе дозволата и возниот ред и истите ќе ги брише од регистарот на издадени дозволи.

Член 38-б

Доколку на домашен превозник му е одземена дозволата, Министерството за транспорт и врски го известува надлежниот орган на странската држава каде што има седиште странскиот превозник.

Странскиот превозник е должен во рок од три месеца од известувањето од ставот 1 на овој член да склучи договор за заедничко одржување на предметната линија со друг домашен превозник.

Доколку странскиот превозник во рок од три месеца од известувањето од ставот 1 на овој член склучи договор за заедничко одржување на предметната линија со друг домашен превозник, на домашниот превозник кој склучил договор со странскиот превозник, ќе му се одобри возниот ред и ќе му се издаде дозвола согласно со членот 24-а од овој закон.

Доколку во рокот од ставот 3 на овој член странскиот превозник не склучи договор со нов домашен превозник му се одзема дозволата и возниот ред и на странскиот превозник.“

Член 27

Членот 39 се менува и гласи:

“Странски превозник не може да врши внатрешен превоз на патници (каботажа) при извршувањето на меѓународниот линиски превоз на патници, доколку со меѓународна спогодба и договор поинаку не е определено.

Доколку со меѓународна спогодба и договор е определено да може да се врши превоз од ставот 1 на овој член, во тој случај странскиот превозник треба да поседува дозвола издадена од Министерството за транспорт и врски.“

Член 28

Членот 41 се брише.

Член 29

Членот 43 се менува и гласи:

“Посебен линиски превоз на патници е превоз само на определена група патници со исклучување на други патници. Со посебниот линиски превоз на патници се врши превоз на ученици од дома до училиште и обратно, на работници од дома до местото на работа и обратно, на војни лица од дома до работа и обратно и превоз на лица кои имаат потреба од медицинска нега од дома до здравствената установа и обратно, доколку превозот на тие лица го организира истата.

Посебен линиски превоз на патници е и превозот кој е неопходен за извршување на друг вид на превоз (превоз од и до аеродром) при што патниците кои се превезуваат не треба да се наведени во списокот на патници кој е составен дел на договорот за извршување на овој вид на превоз.

За извршувањето на посебниот линиски превоз на патници од ставот 1 на овој член, нарачател на превозот може да биде училиштето во кое учат учениците кои се превезуваат, фирмата или органот во кој се вработени работниците кои се превезуваат, здравствената установа во која се лекуваат лицата кои се превезуваат и претпријатието кое врши аеродромски услуги.

Нарачателот на превозот и превозникот склучуваат писмен договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

Составен дел на договорот за извршување на превозот е списокот на патниците кои се превезуваат. При извршување на посебен линиски превоз од став 2 на овој член не е потребен список на патници.

Посебниот линиски превоз на патници се врши со автобуси, а може да се врши и со патнички возила со 8+1 седиште, врз основа на договор склучен во писмена форма меѓу правно лице кое го нарачува превозот и превозникот правно лице.

При извршувањето на посебниот линиски превоз на патници од ставот 1 на овој член во возилото мора да се наоѓа извод од лиценца, дозвола и договор со список на патници.

При извршување на посебен линиски превоз од ставот 2 на овој член во возилото мора да се наоѓа извод од лиценца, дозвола и договор."

Член 30

Во членот 44 став 7 алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

"- копија од лиценцата за вршење на посебен линиски превоз на патници заверена на нотар,

- доказ дека поседува најмалку две возила во сопственост или по договор за лизинг (со најмалку 8+1 седиште) кое ги исполнува посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возилата за вршење на превоз на патници,".

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

"- извод од лиценцата за возилата во зависност од потребниот број на возила."

Член 31

Членот 46 се менува и гласи:

"Слободниот превоз на патници може да се врши во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај, доколку превозникот поседува лиценца за слободен превоз на патници и лиценца за меѓународен слободен превоз на патници.

Слободниот превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај може да се врши со автобуси или со возила со 8+1 седиште, а слободниот превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај може да се врши со автобуси (возила со над 8+1 седиште).

Слободниот превоз на патници во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај е превоз на однапред организирана група на патници, без попатно качување и слегување на патници, за кои релацијата, цената на превозот и другите услови се утврдуваат со договор меѓу превозникот и нарачателот на превозот како правно лице.

Слободниот превоз на патници не смее да има елементи на линиски и посебен линиски превоз како што се релација, време на поаѓање и пристигнување и места за влегување и излегување на патници.

Меѓународниот слободен превоз на патници може да се врши како повремен и наизменичен."

Член 32

Во членот 48 став 2 по зборот "програмата" точката се брише и се додаваат зборовите: "при што термините на патување не можат да бидат во помали интервали од седум дена".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"При извршувањето на наизменичниот превоз, во возилото треба да се наоѓаат патните листи од сите извршени превози од циклусот на патувањето."

Член 33

Во членот 49 став 1 по зборот "наоѓа" се додаваат зборовите: "извод од лиценца, патен налог во оригинал".

Во ставот 2 по зборот "има" се додаваат зборовите: "извод од лиценца, патен налог во оригинал".

Член 34

Во членот 50 став 2 се додава нова реченица која гласи: "Министерството за транспорт и врски дозволите за слободен превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај ги разменува со надлежниот орган на другата земја врз основа на меѓународна спогодба или договор, на крајот на тековната година за наредната година."

Член 35

Во членот 51 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

"Министерството за транспорт и врски води регистар на издадени дозволи за слободен превоз во меѓународниот патен сообраќај.

Формата, содржината и начинот на водење на регистарот од ставот 2 на овој член ја пропишува министерот за транспорт и врски."

Член 36

Во членот 54 по ставот 2 се додаваат три нови става 3, 4 и 5, кои гласат:

"Во општините каде што има аеродром, такси станицата не може да биде определена во просторот со кој стопанисува претпријатието со аеродромот.

Претпријатието кое стопанисува со аеродромот може да склучи договор за услуги за превоз на патници од и до аеродромот со една или повеќе такси компании при што начинот на користење на просторот со кој стопанисува претпријатието ќе се уреди со договорот за услуги.

Претпријатието кое стопанисува со аеродромот е должно да обезбеди пристап до аеродромскиот патник заради непречено слегување на патниците кои се превезуваат до аеродромот. Автотакси компаниите кои вршат ваков превоз до аеродромот, а немаат склучено договор со претпријатието кое стопанисува со аеродромот, по извршената услуга се должни веднаш да го напуштат аеродромот."

Член 37

Во членот 55 став 2 точката се брише и се додаваат зборовите: "со издавање на фискална сметка".

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"Во возилото задолжително на видно место над таксиметарот треба да биде истакнат ценовник со утврдени тарифи за чинење на превозот и извод од лиценцата за возилото со кое се врши превозот истакнат на ветробранското стакло од страната на возачот."

Член 38

Во членот 56 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"На автобуските станици може да се врши резервација и продажба на билети само за линии за кои е издадена дозвола и регистриран возен ред."

Член 39

Во членот 57 по ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

"Доколку е извршена категоризација на автобуска станица, ново барање од правното или физичкото лице кое управува со автобуската станица за повисока категорија не може да се поднесе пред истекот на 60 дена од правосилноста на решението за категоризација."

Ставот 6 станува став 7.

Член 40

Во членот 64 став 3 по зборот "должен" зборовите: "лиценцата секогаш да ја носи во возилото" се заменуваат со зборовите: "изводот од лиценцата секогаш да го носи во возилото".

Во ставот 4 зборот "лиценцата" се заменува со зборовите: "изводот од лиценцата".

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

"Формата и содржината на товарниот лист за внатрешниот превоз на стока го пропишува министерот за транспорт и врски."

Член 41

Во членот 66 ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат:

"Покрај изводот од лиценцата во возилото превозникот мора да има патен налог, меѓународен товарен лист и дозвола за меѓународен превоз на стока доколку таа се бара согласно со меѓународна спогодба или договор за превоз на патници и стока во патниот сообраќај склучена меѓу Република Македонија и земјата до, од или преку чија територија се извршува превозот (во натамошниот текст: поединечни дозволи).

Меѓународниот превоз на стоки може да се врши и врз основа на дозволи од мултилатералната квота на дозволи од Европската конференција на министрите за транспорт (ЕКМТ) (во натамошниот текст: ЕКМТ дозволи). Според рокот на важење ЕКМТ дозвола може да биде месечна со важност од 30 дена и годишна, со важност од една календарска година."

Член 42

Во членот 68 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Распределбата и дистрибуцијата на дозволите се врши по електронски пат врз основа на следниве критериуми:

1) број на товарни моторни возила регистрирани за вршење на меѓународен превоз на стоки за кои има извод од лиценца;

2) број и квалитет на возниот парк за поединечните транспортни дозволи од Е0-Е5 и повеќе, а за ЕКМТ дозволи од Е3-Е5 и повеќе;

3) број на возачи во редовен работен однос кои поседуваат соодветен сертификат;

4) број на правилно искористени поединечни транспортни дозволи, односно ефикасно користени ЕКМТ дозволи;

5) висина на добивка од работењето по оданочување (биланс на успех од претходната година);

6) висина на вкупен приход од претежна дејност (образецот на структура на приход од дејност - СПД образец од претходната година) и

7) минимум една година вршење основна дејност меѓународен јавен превоз за учество во распределба на ЕКМТ дозволи."

Ставот 2 кој станува став 3 се менува и гласи:

"Начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеност на дозволите за меѓународен превоз на стока согласно со критериумите од ставот 2 на овој член ги пропишува Владата на Република Македонија."

Член 43

Членот 69 се менува и гласи:

"Дозвола за меѓународен превоз на стока може да добие превозник кој има лиценца за вршење на меѓународен превоз на стоки и кој ги исполнува критериумите од членот 68 став 2 на овој закон.

Барањето за добивање на дозвола од ставот 1 на овој член се поднесува до Министерството за транспорт и врски.

За добивање на ЕКМТ дозвола превозникот покрај критериумите од членот 68 став 2 на овој закон мора да поседува и сертификат за подготвеност за сообраќај на возилата.

Сертификатот од ставот 3 на овој член го издава правно лице овластено од министерот за транспорт и врски, кое за вршење на дејноста располага со соодветен простор, технички уреди за вршење на дејноста и најмалку пет лица во редовен работен однос од кои три лица со високо образование со машински факултет и со најмалку пет години работно искуство во струката и две лица со средно стручно образование машински, сообраќаен или електротехничар.

Поблиските услови за просториите, техничките уреди од ставот 4 на овој член, како и формата и содржината на сертификатот од ставот 3 на овој член го пропишува министерот за транспорт и врски."

Член 44

Во членот 69-а кратенката "ЦЕМТ" се заменува со кратенката "ЕКМТ".

Во ставот 2 по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

"- дозволата ја отстапил на друг превозник."

Член 45

По членот 69-а се додаваат пет нови члена 69-б, 69-в, 69-г, 69-д и 69-ѓ, кои гласат:

"Член 69-б

Пренос на целиот вкупен годишен план за распределба на меѓународни дозволи од еден превозник на друг е дозволен само во случај кога новиот превозник е правен следбеник на превозникот кој престанал да постои.

Доколку постои раздвојување на имотот на превозник на два или повеќе нови превозници е дозволено пренесување на вкупниот план за распределба на меѓународни дозволи на секој нов превозник согласно со спогодбата за раздвојување заверена на нотар или согласно со решение на надлежен суд.

Член 69-в

Меѓусебно пренесување на меѓународните транспортни дозволи и размена на истите меѓу превозниците не е дозволено.

Размена на ЕКМТ дозволи во процесот на распределба се дозволува по пат на пишана изјава од субјектите доставена до Министерството за транспорт и врски.

Член 69-г

ЕКМТ дозвола се користи за превоз меѓу државите членки на организацијата ЕКМТ и транзит преку нивните територии. Корисникот на дозволата мора да ги почитува одредбите од Резолуцијата на ЕКМТ за начинот на користење на дозволите.

Со ЕКМТ дозвола не е дозволено вршење на каботажа внатре во одредена земја членка на ЕКМТ, како и превози на стока меѓу земји членка и земји кои не се членки на ЕКМТ.

Упатството за користење на ЕКМТ дозвола, Министерството за транспорт и врски го објавува на својата интернет страница.

Член 69-д

Министерството за транспорт и врски со решение ќе ја одземе ЕКМТ дозволата, ако:

- на превозникот му истекол рокот на важност на лиценцата за извршување меѓународен превоз на стока или со решение му е одземена лиценцата,

- трошокот, односно цената по дете врз основа на месечната цена за престој на дете во општинска јавна установа за деца – детска градинка за делот што се финансира од буџетски средства со претпоставено зголемување на цената на ресурсите за затоплување, како и со коректив за трошок направен за превоз на храна за општинска јавна установа за деца – детска градинка која остварува згрижување и воспитание на деца во други просторни услови на оддалеченост над 8 км од седиштето на установата, односно од централна кујна (главен магацин) и коректив во трошоците за затоплување доколку се остварува продолжен престој до 22 часот;
- должината на периодот за греење со вкалкулирани трошоци за греење за 2 (два) месеци повеќе од останатите општински јавни установи за деца – детски градинки каде што периодот на греење значително е подолг од периодот на греење во останатите места;
- простор за тековно одржување пресметан според норма за простор по дете (8 м2 по дете).

Член 4

Распределбата на блок дотации се врши според следната формула:

БД = П + ТД + ТКО

БД – блок дотација за дејноста згрижување и воспитание на деца – општински јавни установи за деца – детски градинки за општината и општината во Градот Скопје;

П – плати, наемнини и надоместоци за вработените во дејноста згрижување и воспитание на деца – општински јавни установи за деца – детски градинки во општината и општината во Градот Скопје;

ТД – трошок за стоки и услуги за згрижување и воспитание на децата во општинските јавни установи за деца – детски градинки за општината и општината во Градот Скопје;

ТКО – трошок за тековно и капитално одржување на објектите – општински јавни установи за деца – детски градинки за општината и општината во Градот Скопје.

Член 5

Средствата за блок дотации за општинските јавни установи за деца – детски градинки ќе се насочуваат во општините и општините во Градот Скопје каде што е седиштето на установата од Буџетот на Република Македонија преку Министерството за труд и социјална политика, месечно или во динамика договорена со Министерството за финансии.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-4107/1<br>7 септември 2009 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

---

**2177.**

Врз основа на член 36, став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.09.2009 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПРИМЕНУВАЊЕ НА РЕГУЛАТИВИТЕ НА КОМИСИЈАТА НА ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА

Член 1

Во Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/07 и 84/08), во член 1, во став 2 по Прилог број 60 се додаваат 16 нови Прилози: 61, 62, 63, 64, 65, 66, 67, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75 и 76 кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-4328/1<br>7 септември 2009 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

**Прилог 61**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 323/2008 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Пластичен свитлив производ со специфична форма кој содржи обоена течност, раствор со следен состав (% по волумен):<br>- вода 40<br>-пропилен гликол 60<br>Овој производ е дизајниран за отстранување на главоболка кога се става на лице, а претходно изладен во фрижидер. | **3824 90 97** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванија за тар. број 3824 и тар. подброеви 3824 90 и 3824 90 97.<br>Растворот содржан во пластичиот плик се користи како разладувач и му дава на производот суштински карактер на препарат од тар. број 3824.<br>Производот нема терапевтски или профилактички ефект, согласно Глава 30. |
| 2. Плик изработен од пластични листови со содржина на мешавина на вода и масло за вметнување во чашките од пливачки оддела или градници. | **3926 20 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванија за тар. број 3926 и тар. подброј 3926 20 00.<br>Со тоа што производот е диизајниран за вметнување во чашките од пливачки оддлеа или градници за жени, во смисол на тар. број 3926, треба да се распореди како прибор за облека од тар. подброј 3926 20 00. |
| 3. Ткаено марамче во форма на појас, со содржина на обични пченични зрна, кое откако ќе се загрее во микровална, се користи за ослободување од болка во долниот дел на грбот. | **1001 90 99** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванија за тар. број 1001 и тар. подброеви 1001 90 и 1001 90 99.<br>Обичната пченица која е содржана во појасот се користи за трансфер на акумулираната топлина и му дава на производот битен карактер на жито од тар. број 1001.<br>Производот нема терапевтски или профилактички ефект, согласно Глава 30. |

**Прилог 62**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 334/2008 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот е со следен состав (% по маса):<br>- етил алкохол преку 90,0 | **2207 20 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванија за тар. број 2207 и тар. подброј 2207 20 00. |

| | | |
|---|---|---|
| - вода помалку од 7,4<br>- Етилен гликол 1,3<br>- бутанон 1,3<br><br>Производот е спакуван во шишиња од 1 и 3 литри и во контејнери од околу 100 литри.<br><br>Согласно на пакувањето производот може директно да се користи или може да се разреди со вода за употреба како флуид против замрзнување или флуид за размрзнување. | | Додатокот на бутанон , и во помала мера етилен гликол, го прави производот непогоден за човечка консумација но не за индустриски цели.<br><br>Нискиот процент на етилен гликол не му дава на производот карактер на флуид против замрзнување или флуид за размрзнување од тар. број 3820.<br><br>Оттука производот се распоредува како денатуриран етил алкохол од тар. подброј 2207 20 00. |

**Прилог 63**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 457/2008** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ составен од кварцна плоча превлечена со хром и фотоотпорен слој со димензии од 15 (висина) x 15(ширина) x 0,6 (дебелина) см (таканаречена „ photomask blank„).<br><br>Производот се осветлува и развива за да биде „фотомаска„ за употреба во производство на полупроводнички единици. | **3701 99 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванија за тар. број 3701 и тар. подброј 3701 99 00.<br><br>Производот се распоредува во тар. број 3701 бидејќи е неосветлена фотографска плоча прекриена со фотоосетлив материјал (види Коментар на ХС за тар. број 3701). |
| 2. Производ составен од кварцна плоча прекриена со хром со димензии од 15 (висина) x 15(ширина) x 0,6 (дебелина) см на која е произведен дијаграм од печатено коло на ист начин како во случај на осветлени и развиени фотографски плочи (т.н. „фотомаск„).<br><br>Производот се употребува во производство на полупроводнички вафери (подметувачи) за фотографско трансферирање на дијаграмите на колата на ваферите. | **3705 90 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 од Глава 37 и наименуванија за тар. број 3705 и тар. подброеви 3705 90 и 3705 90 90.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8486 е исклучено, зашто „фотомаската„ не е интегрален дел од машината која се користи за производство на полупроводнички картички или плочи, туку независен, потрошен и изменлив алат со карактеристични својства.<br><br>Плочата се распоредува во тар. број 3705 зашто истиата е осветлена и развиена фотографска плоча од вид кој се употребува за проекцијата на сликата на ваферот (плоча). |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Уред дизајниран да ја зголеми количината на природна светлина во соба, сочинет од призматичен купола објектив, систем од цевки и дифузер леќи.<br><br>Уредот ја фаќа светлината преку купола на покривот и ја трансферира до плафонот на собата преку неговиот внатрешен рефлективен систем, каде светлината се растура. | **9013 80 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувања за тар. број 9013 и тар. подброеви 9013 80 и 9013 80 90.<br><br>Распоредувањето во тар. број 9405 како лампа или расветна опрема е исклучено зашто уредот не креира светло, туку ја фаќа светлината, трансферира и растура со користење оптички средства.<br><br>Оттука уредот треба да се распореди како оптички уред во тарифен број 9013. |

## Прилог 64

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 724/2008 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот во течна состојба направен како сос од пиперки, подготвен од чаури од пиперки кој е измешан со сол и е ферментиран преку три години.<br><br>После ферментацијата додаден е оцет. Производот е достапен во различни вариетити, пр. како сос од зелена пиперка. | **2103 90 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувања за тар. број 2103 и тар. подброеви 2103 90 и 2103 90 90.<br><br>Мешањето со сол, ферментацијата и додатокот на оцет се смета како процес на производство кој не припаѓа на процесот спомнат во Забелешка 1 кон Глава 9. Оттука производите повеќе не го задржуваат својот суштински карактер на стоки од Глава 9<br><br>Заради составот и употребата на производот, истиот се распоредува во тар. број 2103. Види исто така и Коментар на Хармонизиран Систем за тар. број 2103 (А), став два, последна реченица. |

## Прилог 65

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 725/2008 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ составен од (% по маса):<br>урда 32,4<br>Обрано млеко 32,9<br>Павлака (33,5 % маснотии) 12,4<br>шеќер 4,5 | **0406 10 20** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувања за тар. број 0406 и тар. подброеви 0406 10 и 0406 10 20.<br><br>Производот содржи повеќе од 70% по маса млечни производи, каде урдата го дава |

| | | |
|---|---|---|
| и исто така овошен препарат , сурутка, стабилизатор, јогурт култура.<br><br>Содржина на маснотии е 4,3 % по маса. Бојата на производот е светло црвена. На изглед супстанцијата е како свежо сирење. Делови од овошниот препарат може да се видат во производот.<br><br>Производот е спакуван во контејнери со содржина од 150 г. | | суштинскиот карактер. Истиот, оттука ја задржува природата на свежо сирење и сурутка.<br><br>Од тие причини производот се распоредува во тарифен број 0406. |
| 2. Производ составен од (% по маса):<br>Урда 41,7<br>Обран јогурт 29,7<br>Овошен препарат 20<br>Фруктозен сируп 5<br>Протеински концентрат 2<br>Врзиво 0,9<br>Павлака 0,7<br><br>Содржина на маснотии е 0,4 % по маса. Производот има два слоја: белата супстанција ја содржи урдата на површината и овошниот препарат е под него. На изглед супстанцијата на површината е како свежо сирење.<br><br>Производот е спакуван во контејнери со содржина од 125 г. | **0406 10 20** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванија за тар. број 0406 и тар. подброеви 0406 10 и 0406 10 20.<br><br>Производот содржи повеќе од 70% по маса млечни производи, каде урдата го дава суштинскиот карактер. Истиот, оттука ја задржува природата на свежо сирење и сурутка.<br><br>Од тие причини производот се распоредува во тарифен број 0406. |

## Прилог 66

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива на ЕЦ бр. 833/2008 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Несоставена аголна туш кабина која се состои од:<br>- Туш-када од пластика со следните димензии: 80 см (ширина) x 80 см (дијаметар) x 10 см (висина),<br>- Конструкција целосно изработена од алуминиум,<br>- Четири панели од стакло прицврстени во алуминиумски рамки со следните димензии: 40 см (ширина) x 180 см (висина). | **3922 10 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а), 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованиата на тарифните броеви 3922, 3922 10 00.<br><br>Производот е сложен артикал, кој се презентира несоставен, а се состои од различни компоненти.<br><br>Компонентата која на туш кабината и дава суштински карактер е пластичната туш-када, бидејќи е основа за конструкцијата на* |

* Производот е веќе составен.

| | | |
|---|---|---|
| Овалната конструкција се монтира на туш-кадата и прицврстува на ѕидовите.<br><br>Двата стаклени панели функционираат како лизгачки врати.<br><br>(Види слика)(*)<br><br> | | кабината.<br><br>Затоа производот се распоредува во тарифниот број 3922 10 00 како туш-када. |

**Прилог 67**

| **Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 977/2008** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Филм од поли(етилен терафталат) (PET), со дебелина што не надминува 0,35 мм, со метализирана површина. | **3920 62 19** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 10 кон Глава 39 и наименованиата на тарифните броеви 3920, 3920 62 и 3920 62 19.<br><br>Површинската метализација се смета дека е површинска обработка со која не се зајакнува филмот. Затоа стоката се распоредува во тарифниот број 3920 (види го коментарот на ХС за тарифниот број 3920, став четири).<br><br>Филмот нема карактеристики на стока што се распоредува во тарифните подброеви 3920 62 11 00 до 3920 62 13.<br><br>Филмот се распоредува во тарифниот подброј 3920 62 19 бидејќи наименованието на филм од поли(етилен терефталат) (PET) од тарифниот подброј 3920 62 19 опфаќа филм со дебелина што не надминува 0,35 мм, кој не може да биде распореден во тарифните подброеви 3920 62 11 до 3920 62 13. |
| 2. Филм од поли(етилен терафталат) (PET), со дебелина што надминува 0,35 мм, со метализирана површина. | **3920 62 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 10 кон Глава 39 и наименованиата на тарифните броеви |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3920, 3920 62 и 3920 62 90.<br><br>Површинската метализација се смета дека е површинска обработка со која не се зајакнува филмот. Затоа стоката се распоредува во тарифниот број 3920 (види го коментарот на ХС за тарифниот број 3920, став четири).<br><br>Филмот нема карактеристики на стока што се распоредува во тарифните подброеви 3920 62 11 00 до 3920 62 13.<br><br>Филмот се распоредува во тарифниот подброј 3920 62 90 бидејќи наименованието на филм од поли(етилен терефталат) (PET) од тарифниот подброј 3920 62 90 опфаќа филм со дебелина што надминува 0,35 мм. кој не може да биде распореден во тарифните подброеви 3920 62 11 до 3920 62 13. |

## Прилог 68

| **Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1141/2008** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Систем за линеарно движење составен од лизгачки механизам со два жлеба и правоаголно куќиште во кое е сместено тркалечко лежиште.<br><br>Куќиштето се движи долж жлебовите во лизгачкиот механизам со помош на тркалечко лежиште.<br><br>Системот за линеарното движење се употребува со различни видови на машини, на пример, опрема за ракување со стоки, алатни машини или DVD плеери. | **8482 10 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2(а) кон Оддел XVI и наименованиата на тарифните броеви 8482, 8482 10 и 8482 10 90.<br><br>Со оглед на тоа што системот за линеарно движење може да биде употребен со различни видови на машини, тој не може да се смета како дел погоден за употреба само или главно со посебни видови на машини опфатени со Забелешката 2(б) кон Оддел XVI. Затоа, распоредувањето на системот како дел од машина од тарифните броеви 8431, 8466 или 8522 е исклучено.<br><br>Системот за линеарно движење се смета како лизгачки механизам со тркалечко лежиште од типот на слободно движење од тарифниот број 8482 (види ги, исто така,коментарот на ХС за тарифниот број 8482, (А), (3)).<br><br>Бидејќи системот за линеарно движење е производ опфатен во тарифниот број 8482, тој треба да се распореди во тој тарифен број, согласно со Забелешката 2(а) кон Оддел XVI. |

## Прилог 69

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1142/2008 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Кабел со приближна должина од 250 см, од вид кој што се употребува само со машина за видео игри од тар. број 9504.<br><br>Кабелот од едната страна е опремен со специфично дизајниран конектор за машината за видео игра, а на другиот крај со пет конектори за поврзување со монитор или телевизиски сет.<br><br>Податоците можат да бидат пренесени од машината за видео игра до мониторот или телевизискиот сет преку кабелот, а податоците во зависност од содржината можат да се пренесат визуелно како видео игра, видео или неподвижна слика или репродуцирани како глас. | **8544 42 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованиата на тарифните броеви 8544, 8544 42 и 8544 42 90.<br><br>Распоредувањето во тарифниот број 9504 како прибор за машина за видео игра е исклучено, бидејќи тарифниот број 8544 обезбедува најспецифично наименование за кабли и други електрични проводници.<br><br>Производот затоа се распоредува во тарифниот подброј 8544 42 90 како електричен проводник опремен со конектори. |

## Прилог 70

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1143/2008 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Сет приготвен за продажба на мало се состои од:<br>- Уред со електронски компоненти кои имаат форма на цигара;<br>- Два патрона;<br>- Две литиумски батерии со можност за повторно полнење;<br>- Полнач на батерии.<br>Уредот се состои од од школка од нерѓосувачки челик со микроелектронско коло, високо-осетлив сензор, комора за батерии и комора за сместување на патронот.<br><br>Секој патрон е составен од инхалатор и ампула. Ампулата содржи никотин, мирисливо соединение за цигари и обични адитиви за храна. И инхалаторот и ампулата се расположиви.<br><br>Електронското коло, кога се активира со инхалација, почнува атомизација на никотинскиот раствор и создава атомизиран "смог", што треба да биде инхалиран од пушачот. | **8543 70 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованиата на тарифните броеви 8543, 8543 70 и 8543 70 90.<br><br>Компонентата која на сетот му го дава неговиот суштински карактер е електронскиот уред бидејќи тоа е електронско коло кое ја активира атомизацијата на никотинскиот раствор и создава атомизиран "смог" што треба да биде инхалиран од пушачот.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8424 е исклучено поради тоа што уредот не е механички уред за исфрлање, дисперзија и распрснување на течности.<br><br>Електронскиот уред се смета за електричен апарат, со индивидуална функција, која не е спомената или опфатена било каде во Глава 85.<br><br>Врз основа на Основното правило 3(б), сетот треба да се распореди во тар. број 8543 (види го, исто така, коментарот на ХС за тар. број 8543, став три). |

## Прилог 71

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1156/2008 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Апарат за снимање, репродукција и прикажување на слики (така наречен "дигитална фото рамка"- "digital photo frame"), со приближни димензии 17 см (должина) x 12,9 см (ширина) x 12,3 см (дијагонала), во едно куќиште, составен од следните главни компоненти:<br>- Колор екран LCD тип со дијагонала на екранот од 13 см (5,1 инчи) и резолуција од 320 x 240 пиксли,<br>- Отвор (влез) за SIM (Претплатнички идентификационен модул) картичка,<br>- Инфра-црвен меѓусклоп,<br>- Внатрешна меморија, и<br>- Контролни копчиња.<br>Сликите се пренесуваат до внатрешната меморија на апаратот од компатибилен уред (како мобилен телефон, автоматска машина за обработка на податоци или дигитална камера) преку инфра-црвен сигнал или со SIM картичка преку Мултимедиумски сервис за пораки (MMS).<br><br>Сликите, исто така можат да бидат пренесени од апаратот преку инфра-црвениот сиглал до некој компатибилен уред.<br><br>Апаратот подржува JPEG и GIF формати со максимална резолуција од 1 024 x 728 пиксли.<br><br>Сликите можат да бидат прикажани или како единечни слики или како слајдшоу.<br><br>Неговата внатрешна меморија може да складира до 50 слики. | **8528 59 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименованиата на тарифните броеви 8528, 8528 59 и 8528 59 90.<br><br>Со оглед на тоа што апаратот е комбинирана машина, согласно Забелешката 3 кон Оддел XVI, тој се распоредува како да се состои само од онаа компонента која ја врши главната функција.<br><br>Поради неговата способност на прикажување на слики, главната функција на апаратот е дека тој е монитор, кој е со индивидуална функција специфицирана во тар. број 8528.<br><br>Фактот дека сигналите не се прикажуваат директно од надворешни извори не го исклучува распоредувањето во тар. број 8528 со оглед на тоа што мониторите од тој тар. имаат можност да примаат различни сигнали од различни извори (види Коментар на ХС за тар. број 8528, став три).<br><br>Затоа апаратот се распоредува во тар. ознака 8528 59 90 како монитор во боја. |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Апарат за снимање, репродукција и прикажување на слики (така наречен "дигитална фото рамка"- "digital photo frame"), со приближни димензии 33 см (ширина) x 24,1 см (висина) x 4,1 см (дијагонала), во едно куќиште, составен од следните главни компоненти:<br>- Колор екран LCD тип со дијагонала на екранот од 25,4 см (10 инчи) и резолуција од 800 x 480 пиксли,<br>- Внатрешна меморија со капацитет на складирање од 128 MB,<br>- Отвори за мемориска картичка,<br>- Вградени звучници,<br>- Два USB меѓусклопови, и<br>- Контролни копчиња.<br>Тој ги подржува следните формати:<br>- Аудио: MP3,<br>- Слика: JPEG, GIF,<br>- Видео: MPEG1, MPEG4, MOV, AVL.<br><br>Различните типови на уреди за складирање цврсти постојани мемориски единици (solid state non-volatile storage devices), можат да бидат вметнати во отворите за мемориска картичка.<br><br>Сликите можат да бидат прикажани како единечна слика, слајдшоу или џуџест модел.<br><br>Апаратот може да биде поврзан со компатибилен апарат, на пример, дигитална камера, принтер или автоматска машина за обработка на податоци. | **8528 59 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименованиата на тарифните броеви 8528, 8528 59 и 8528 59 90.<br><br>Со оглед на тоа што апаратот е комбинирана машина, согласно Забелешката 3 кон Оддел XVI, тој се распоредува како да се состои само од онаа компонента која ја врши главната функција.<br><br>Дадениот дизајн и концептот на апаратот, неговата цел е да прикажува слики и видео слики. Снимањето на слики и видео слики се смета како секундарна функција на апаратот. Затоа неговата главна функција се смета дека е мониторот, кој е со индивидуална функција специфицирана во тар. број 8528.<br><br>Фактот дека сигналите не се прикажуваат директно од надворешни извори не го исклучува распоредувањето во тар. број 8528 со оглед на тоа што мониторите од тој тар. имаат можност да примаат различни сигнали од различни извори (види Коментар на ХС за тар. број 8528, став три).<br><br>Затоа апаратот се распоредува во тар. ознака 8528 59 90 како монитор во боја. |

**Прилог 72**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1172/2008 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Апарат кој работи на батерии се состои од систем на ласерски читач за видео репродукција и монитор во боја (таканаречен "портабл DVD плеер")."Неговите приближни димензии се 19 см (висина) x 14,2 см (ширина) x 3,7 см (висина) и тежина од 800 г.<br>Мониторот е со LCD екран со дијагонала 21,6 см (8,5 инчи).<br>Апаратот може да биде свиткан, а неговиот монитор да ротира.<br><br>Апаратот е опремен со вградени звучници.<br>Ги има следните меѓуспоеви:<br>- слот за проширување на мемориска картичка,<br>- УСБ влез,<br>- Комбиниран видео влез и излез, и<br>- џекови за слушалки<br><br>Тој може да чита оптички медиуми (на пример, CD, DVD) и полупроводнички медиуми (на пример USB флеш меморија) во различни аудио и видео форми. | **8528 59 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI, како и наименованието на тарифниот број 8528, 8528 59 и 8528 59 90.<br><br>Со оглед на тоа што апаратот е комбинирана машина, согласно Забелешката 3 кон Оддел XVI, тој се распоредува како да се состои само од онаа компонента која ја врши главната функција. Со оглед на дизајнот и концептот на апаратот, неговата цел е приказ на видео.<br><br>Во поглед на величината на екранот, кој овозможува гледање на видео секвенци за подолг период, главната функција на апаратот е приказ на видео.<br><br>Апаратот затоа се распоредува во тарифната ознака 8528 59 90 како колор монитор. |
| 2. "Лаптоп" тип апарат кој работи на батерии се состои од систем на ласерски читач за видео репродукција и монитор во боја со TV тјунер (таканаречен "портабл DVD плеер"). Неговите приближни димензии се 19,5 см (висина) x 14,9 см (ширина) x 3,1 см (висина) и тежина од 800 г.<br>Мониторот во апаратот е со течен кристал од тип (LCD) со дијагонала 17,8 см (7 инчи) и може да биде свиткан.<br>Производот е опремен со:<br>- вградени звучници, и<br>- DVB-T (Digital Video Broadcasting | **8528 72 20** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тарифниот број 8528, 8528 72 и 8528 72 20.<br><br>Поради присуството на TV тјунер, суштинскиот карактер на производот е како апарат приемник за телевизија со екран вклучувајќи радио-приемник и апарат за видео репродукција.<br><br>Можната употреба на апаратот како машина за игра е второстепена и затоа не треба да му дава суштински карактер на апаратот.<br><br>Апаратот затоа се распоредува во тарифната |

| | | |
|---|---|---|
| Terrestrial) и аналоген видео тјунер.<br>Ги има следните меѓуспоеви:<br>- слот за проширување на мемориска картичка,<br>- USB влез,<br>- Комбиниран видео влез и излез, и<br>- џекови за од тип слушалки<br><br>Тој може да чита оптички медиуми (на пример, CD, DVD) и полупроводнички медиуми (на пример USB флеш меморија) во различни аудио и видео форми.<br><br>Тој може да биде употребен како дигитален-емитувачки приемник или како уред за видео-игри. | | ознака 8528 72 20 како приемен апарат за телевизија вклучувајќи радио-приемник и апатрат за видео репродукции. |

**Прилог 73**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 51/2009** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Прошиен правоаголен производ, со мерки приближно 260 см x 240 см, составен од три слоја, двата надворешни се изработени од памучна ткаенина, средниот слој е синтетичка вата која го образува внатрешното полнење. Горниот слој има сошиен пораб, приближно 30 см широк , во контрастна боја. Слоевите се држат заедно со декоративно прошивање.<br>(покривка за кревет)<br>(Види фотографија 645)<br><br> | **9404 90 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 1 (њ) од Оддел XI и наименуванија за тар. број 9404 и тар. подброеви 9404 90 и 9404 90 90.<br><br>Производите за постелина и слична опрема кои се внатрешно полнети со било кој материјал се распоредуваат во тар. број 9404. Види исто Коментар на ХС за тар. број 9404 параграф (Б) (2), каде експлицитно споменува јоргани и покривки за кревети.<br><br>Распоредувањето во тар. број 6304 е исклучено бидејќи Оддел XI не опфаќа постелнина од Глава 94 (види забелешка 1 (њ) од Оддел XI. Меѓуоа, тар. број 6304 исклучува производи за опремување од тар. број 9404 како прекривки (види коментар на ХС за тар. број 6304, став два).<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 9404 90 90. |

**Прилог 74**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 56/2009 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Торба изработена од ткаенина од полипропиленски ленти со ширина помала од 5 мм ширина, со квадратна форма и приближни мерки 54,5 см x 74 см x 25 см, со две цврсти рачки направени од истиот материјал сошиени на двете подолги страни од торбата, секоја надолжно поставени кон долната страна на торбата.<br><br>Торбата е видливо прекриена со пластични листови од двете страни, нема внатрешни делови како прегради, и може да се затвори со помош на патент затворач. Краевите се зајакнати со сошиена – пораб трака.<br><br>(контејнер сличен на торба за пазарење)<br><br>(види фотографија 649)<br><br> | **4202 92 19** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 2 (ј) од Глава 39, Дополнителна забелешка 1 од Глава 42 и наименување за тар број 4202 и тар. подброеви 4202 92 и 4202 92 19.<br><br>Со оглед на тоа што формата е типична за торби за пазарење и со две зајакнати рачки на начин погоден за носење при пазаерње, пластичните листови, патентот, зајакнатите ивици, овозможуваат подолготрајна употреба , торбата има објективни карактеристики на "контејнер сличен на торба за пазарење. "<br><br>Контејнерите слични на торба за пазарење се опфатени со тар. број 4202 ( види исто Хармонизиран систем за тар. број 4202, прв став, каде експлицитно се споменува дека овој тар. број ги опфаќа само производите специфично наведени овде и слични контејнери.<br><br>Од споменатите карактеристики предметниот производ не е контејнер од типот кој главно се користи за пакување и носење на сите видови стоки, оттука распоредувањето во тар. број 3923 е исклучено согласно значењето на забелешка 2 (ј) од Глава 39 (види Коментар на ХС за тар. број 3923, став еден, точка (а) и став два).<br><br>Од причина што надворешната површина на производот е покриена со лист од пластична маса видливо со голо око, истиот производ треба да се распореди како производ со надворешна површина од пластика (види Дополнителна забелешка 1 од Глава 42).<br><br>Оттука следствено производот се рапоредува во тар. ознака 4202 92 19. |

## Прилог 75

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 446/2009) | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Бели без лушпа и безципа кикирики (бланширани).<br><br>Лупените кикирики се бланширани со поминување низ гасна печка со четири топлотни зони каде јатките се третираат на пареа со распрскување со 88-93$^{0}$ Ц жешка пареа., пред да поминат низ двете зони за ладење.<br><br>Постепеното зголемување на температурата доведува до експандирање на јатките и на тој начин ја губат црвената кожица (ципа) од јатката. Кожицата (ципата) потоа се отстранува механички.<br><br>Кикириките, кои не се третирани понатаму после отстранување на кожицата, се увезуваат во растурена состојба или во „големи вреќи„ од приближно 1000 кг. | **1202 20 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванија за тар. број 1202 и тар. подброј 1202 20 00.<br><br>Бланширањето на фстаците се смета како топлотно третирање направено главно за отстранување на црвната кожица (ципа) од јатката и на овој начин ја олеснува нивната примена. Ваковиот третман не го менува карактерот на фстаците како природни производи и не ги прави повеќе погодни за специфична употреба отколку за општа употреба (види Коментар на Хармонизиран Систем за Глава 12, општи одредби, став два).<br><br>Оттука, производот се распоредува во тарифен број 1202. |

## Прилог 76

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 447/2009 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Инвертен шеќерен сируп составен од (% по маса):<br>- шеќер (изразен како сахароза) 66,5<br>- вода 31<br>- пропилен гликол 2,5<br><br>Производот се употребува меѓудругото во тутунската индустрија како супстанција за навлажнување и се увезува во растурлива состојаба. | **1702 90 95** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванија за тар. број 1702 и тар. подброеви 1702 90 и 1702 90 95.<br><br>Додадениот пропилен гликол во дадената количина не го менува карактерот на производот до тој степен за да се смета хемиски производ од тарифен број 3824.<br><br>Производот има карактер на шеќерен сируп од тарифен број 1702. |

**2178.**

Врз основа на член 54, став 2 и член 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр.8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.04.2009 година, донесе:

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за информатичко општество му престанува користењето на движни ствари и тоа:

| | **Печатач** | **LCD проектор** | **Мултифункциски уред** |
|---|---|---|---|
| Број на опрема во средни училишта | 278 | 161 | 102 |
| Број на опрема во основни училишта | 604 | 407 | 333 |
| **Вкупно** | **882** | **568** | **435** |

### Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на основните и средните училишта, и тоа:

| **Ред.бр.** | **Општина** | **ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ** | **Вкупен број на видео проектор по училиште** | **Вкупен број на печатачи по училиште** | **Вкупен број на мултифункциски уред по училиште** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | ДЕДО ИЉО МАЛЕШЕВСКИ | 2 | 3 | 1 |
| 2 | Берово | НИКОЛА ПЕТРОВ РУСИНСКИ с.Русиново | 1 | 1 | 1 |
| 3 | Пехцево | ВАНЧО КИТАНОВ с.Пехчево | 2 | 4 | 1 |
| 4 | Битола | АЛЕКСАНДАР ТУРУНЏЕВ с.Кукуречани | 1 | 2 | 1 |
| 5 | Битола | ДАМЕ ГРУЕВ | 1 | 2 | 1 |
| 6 | Битола | ЕЛПИДА КАРАМАНДИ | 1 | 2 | 1 |
| 7 | Битола | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 1 | 2 | 1 |
| 8 | Битола | ГОРГИ СУГАРЕВ | 1 | 1 | 1 |
| 9 | Битола | КИРИЛ И МЕТОДИЈ | 1 | 1 | 1 |
| 10 | Битола | КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ | 1 | 2 | 1 |
| 11 | Битола | КОЛЕ КАНИНСКИ | 1 | 2 | 1 |
| 12 | Битола | КРСТЕ МИСИРКОВ с.Бистрица | 1 | 1 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Битола | СТИВ НАУМОВ | 1 | 1 | 1 |
| 14 | Битола | ТОДОР АНГЕЛОВСКИ | 1 | 2 | 1 |
| 15 | Битола | ТРИПУН ПАНОВСКИ | 2 | 3 | 1 |
| 17 | Могила | БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ с.Добрушево | 1 | 2 | 1 |
| 18 | Могила | КОЧО РАЦИН с.Ивањевци | 1 | 1 | 1 |
| 19 | Новаци | СЛАВКО ЛУМБАРКОВСКИ с.Новаци | 2 | 3 | 1 |
| 20 | М.Брод | СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ | 2 | 3 | 1 |
| 21 | Пласница | СТИВ НАУМОВ с.ПЛАСНИЦА | 1 | 1 | 1 |
| 22 | Пласница | МИРЧЕ АЦЕВ с.ЛИСИЧАНИ | 1 | 1 | 1 |
| 23 | Валандово | ЈОСИП БРОЗ ТИТО | 2 | 4 | 1 |
| 24 | Валандово | СТРАШО ПИНЏУР с.ЈОСИФОВО | 1 | 2 | 1 |
| 25 | Виница | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 1 | 1 | 1 |
| 26 | Виница | КОЧО РАЦИН с.БЛАТЕЦ | 0 | 0 | 1 |
| 27 | Виница | НИКОЛА ПАРАПУНОВ с.ДРАГОБРАШТЕ | 1 | 1 | 1 |
| 28 | Виница | СЛАВЧО СТОЈМЕНСКИ | 1 | 1 | 1 |
| 29 | Гевгелија | КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ с.МИРАВЦИ | 1 | 1 | 1 |
| 30 | Гевгелија | КРСТЕ МИСИРКОВ | 1 | 1 | 1 |
| 31 | Гевгелија | РИСТО ШУКЛЕВ с. НЕГОРЦИ | 1 | 1 | 1 |
| 32 | Гевгелија | ВЛАДО КАНТАРЏИЕВ | 2 | 3 | 1 |
| 34 | Богданци | КИРИЛ И МЕТОДИЈ с.СТОЈАКОВО | 1 | 1 | 1 |
| 35 | Богданци | ПЕТАР МУСЕВ с. БОГДАНЦИ | 2 | 3 | 1 |
| 36 | Дојран | КОЧО РАЦИН - НОВ ДОЈРАН | 2 | 3 | 1 |
| 37 | Гостивар | ЃОН БУЗУКУ -с.СРБИНОВО | 1 | 1 | 1 |
| 38 | Гостивар | ЧАЈЛАс.Чајле | 1 | 1 | 1 |
| 39 | Гостивар | БРАТСТВО ЕДИНСТВО | 2 | 3 | 1 |
| 40 | Гостивар | ФАИК КОНИЦА с.ДЕБРЕШЕ | 1 | 1 | 1 |
| 41 | Гостивар | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 1 | 2 | 1 |
| 42 | Гостивар | ИСМАИЛ ЌЕМАЛИ | 2 | 3 | 1 |
| 43 | Гостивар | К.АТАТУРК | 2 | 3 | 1 |
| 44 | Гостивар | ПРПАРИМИ с.ЧЕГРАНЕ | 2 | 3 | 1 |
| 45 | Гостивар | ЗЛАТЊЕ ДАМЈАНОВСКИ с.ВРУТОК | 1 | 2 | 1 |
| 47 | Маврово и Ростуше | ЃОРЃИ ПУЛЕСКИ с.РОСТУШЕ | 1 | 1 | 1 |
| 48 | Маврово и Ростуше | BLA@E KONEVSKI s.SKUDRINE | 1 | 1 | 1 |
| 49 | Маврово и Ростуше | ДЕНЧЕ ДЕЈАНОВСКИ - М.АНОВИ | 1 | 1 | 1 |
| 50 | Маврово и Ростуше | МАРШАЛ ТИТО- с.ЖЕРОВНИЦА | 2 | 4 | 1 |
| 51 | Врапчиште | ЧЕДЕ ФИЛИПОСКИ с.ВРАПЧИШТЕ | 2 | 4 | 1 |
| 52 | Врапчиште | МЕХМЕТ ДЕРАЛА с.ГРАДЕЦ | 1 | 1 | 1 |
| 53 | Врапчиште | САЛИ ЛИСИ с.ДОБРИДОЛ | 1 | 2 | 1 |
| 54 | Врапчиште | НАИМ ФРАШЕРИ с.НЕГОТИНО | 1 | 2 | 1 |
| 55 | Дебар | БРАТСТВО ЕДИНСТВО | 1 | 2 | 1 |
| 56 | Дебар | РИСТЕ РИСТЕВСКИ с.ДОЛНО КОСОВРАСТИ | 1 | 1 | 1 |
| 57 | Дебар | САИД НАЈДЕНИ | 1 | 1 | 1 |
| 58 | Центар Жупа | МОША ПИЈАДЕ - ЦЕНТАР ЖУПА | 2 | 3 | 1 |
| 59 | Центар Жупа | НЕЏАТИ ЗЕКИРИЈА с.КОЏАЏИК | 1 | 2 | 1 |
| 60 | Делчево | СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ | 1 | 2 | 1 |
| 61 | Делчево | ВАНЧО ПРКЕ | 2 | 4 | 1 |
| 62 | Ма. Каменица | КИРИЛ И МЕТОДИЈ М.КАМЕНИЦА | 2 | 4 | 1 |
| 63 | Д.Хисар | БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ- с..ЖВАН | 1 | 1 | 1 |
| 64 | Д.Хисар | ДАМЕ ГРУЕВ с.СМИЛЕВО | 1 | 1 | 1 |
| 65 | Д.Хисар | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 2 | 3 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 66 | Кавадарци | ДИМКА АНГЕЛОТ ГАБЕРОТ с. ВАТАША | 1 | 1 | 1 |
| 67 | Кавадарци | ДИМКА АНГЕЛОТ ГАБЕРОТ -Кавадарци | 1 | 1 | 1 |
| 68 | Кавадарци | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 1 | 1 | 1 |
| 69 | Кавадарци | СТРАШО ПИНЏУР | 1 | 1 | 1 |
| 70 | Кавадарци | ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО | 1 | 1 | 1 |
| 71 | Кавадарци | ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ | 1 | 2 | 1 |
| 73 | Росоман | ПЕРЕ ТОШЕВ С.РОСОМАН | 1 | 1 | 1 |
| 74 | Кичево | КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ | 1 | 1 | 1 |
| 75 | Кичево | САНДЕ ШТЕРЈОСКИ | 2 | 3 | 1 |
| 76 | Кичево | Д-р.ВЛАДО ПОЛЕЖИНОВСКИ | 1 | 1 | 1 |
| 77 | Другово | ХРИСТО УЗУНОВ С.ДРУГОВО | 1 | 1 | 1 |
| 78 | Осломеј | ЃОРЃ КАСТРИОТИ СКЕНДЕРБЕГ с.СРБИЦА | 1 | 1 | 1 |
| 79 | Осломеј | МИЛТО ЃУРА с.СТРЕЛЦИ | 1 | 1 | 1 |
| 80 | Осломеј | НАИМ ФРАШЕРИ с.ЈАГОЛ ДОЛЕНЦИ | 1 | 1 | 1 |
| 81 | Зајас | ФАИК КОНИЦА с.ГРЕШНИЦА | 2 | 3 | 1 |
| 82 | Зајас | РЕЏО РУШИТ ЗАЈАЗИ с,ЗАЈАС | 1 | 2 | 1 |
| 84 | Кочани | КИРИЛ И МЕТОДИЈ | 1 | 2 | 1 |
| 85 | Кочани | КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ С.ОРИЗАРИ | 1 | 1 | 1 |
| 86 | Кочани | МАЛИНА ПОПИВАНОВА. | 1 | 1 | 1 |
| 87 | Кочани | НИКОЛА КАРЕВ | 1 | 1 | 1 |
| 88 | Кочани | РАДЕ КРАТОВЧЕ | 1 | 2 | 1 |
| 89 | Зрновци | ТОДОР АРСОВ ЗРНОВЦИ | 1 | 1 | 1 |
| 90 | Чешиново-Облешево | КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ с. ОБЛЕШЕВО | 2 | 3 | 1 |
| 91 | Чешиново-Облешево | СТРАШО ПИНЏУРс. СОКОЛАРЦИ | 1 | 1 | 1 |
| 92 | Кратово | КОЧО РАЦИН | 2 | 4 | 1 |
| 93 | К.Паланка | ИЛИНДЕН | 1 | 2 | 1 |
| 94 | К.Паланка | ЈОАКИМ КРЧОВСКИ | 2 | 3 | 1 |
| 95 | Ранковце | ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ -КАРПОШ-С.РАНКОВЦИ | 2 | 3 | 1 |
| 96 | Крушево | КИРИЛ И МЕТОДИЈ С.БУЧИН | 1 | 1 | 1 |
| 97 | Крушево | НИКОЛА КАРЕВ | 1 | 2 | 1 |
| 98 | Куманово | 11 ОКТОМВРИ | 1 | 1 | 1 |
| 99 | Куманово | БАЈРАМ ШАБАНИ | 1 | 2 | 1 |
| 100 | Куманово | БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ | 2 | 4 | 1 |
| 101 | Куманово | БРАЌА РИБАР С.ТАБАНОВЦЕ | 2 | 3 | 1 |
| 102 | Куманово | ЈЕРОНИМ ДЕ РАДА С.ЧЕРКЕЗИ | 1 | 1 | 1 |
| 103 | Куманово | КАРПОШ С.УМИН ДОЛ | 1 | 1 | 1 |
| 104 | Куманово | КИРИЛ И МЕТОДИЈ С.РОМАНОВЦЕ | 1 | 1 | 1 |
| 105 | Куманово | КОЧО РАЦИН | 1 | 2 | 1 |
| 106 | Куманово | КРСТЕ МИСИРКОВ | 2 | 4 | 1 |
| 107 | Куманово | МАГДАЛЕНА АНТОВА с.КАРПОШ | 1 | 1 | 1 |
| 108 | Куманово | КОНГРЕСИ И МАНАСТИРИТ с.ЛОПАТЕ | 1 | 1 | 1 |
| 109 | Куманово | НАИМ ФРАШЕРИ | 1 | 2 | 1 |
| 110 | Куманово | ТОЛИ ЗОРМУЛИС | 1 | 1 | 1 |
| 111 | Куманово | ВЕРА КОТОРКА с.КЛЕЧОВЦЕ | 1 | 1 | 1 |
| 112 | Куманово | ВУК КАРАЏИЌ | 1 | 1 | 1 |
| 113 | Куманово | ХРИСТИЈАН КАРПОШ - Куманово | 2 | 3 | 1 |
| 115 | Липково | АНТОН ЗАКО ЧАЈУПИ С.ОТЉА | 1 | 1 | 1 |
| 116 | Липково | ДИТУРИА с.ЛИПКОВО | 2 | 3 | 1 |
| 117 | Липково | ФАИК КОНИЦА с.СЛУПЧАНЕ | 1 | 2 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 118 | Липково | КУЛТУРА с.МАТЕЈЧЕ | 1 | 2 | 1 |
| 119 | Липково | РИЛИНДИЈА с.ЛОЈАНЕ | 2 | 3 | 1 |
| 120 | Липково | 7 МАРСИ с..ОПАЈЕ | 1 | 1 | 1 |
| 121 | Ст. Нагоричане | ХРИСТИЈАН КАРПОШ с.ДРАГОМАНЦЕ | 1 | 2 | 1 |
| 122 | Ст. Нагоричане | ХРИСТИЈАН КАРПОШ с.М.НАГОРИЧАНИ | 1 | 2 | 1 |
| 123 | Ст. Нагоричане | СВЕТОЗАР МАРКОВИЌ с.С.НАГОРИЧАНЕ | 1 | 1 | 1 |
| 124 | Неготино | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 1 | 2 | 1 |
| 125 | Неготино | СТРАШО ПИНЏУР | 1 | 2 | 1 |
| 127 | Демир Капија | ДИМКА АНГЕЛОТ ГАБЕРОТ - Д.КАПИЈА | 1 | 1 | 1 |
| 128 | Охрид | ЖИВКО ЧИНГО с.ВЕЛГОШТО | 1 | 1 | 1 |
| 129 | Охрид | БРАТСТВО ЕДИНСТВО | 2 | 4 | 1 |
| 130 | Охрид | ГРИГОР ПРЛИЧЕВ | 1 | 2 | 1 |
| 131 | Охрид | ХРИСТО УЗУНОВ | 1 | 2 | 1 |
| 132 | Охрид | КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ | 1 | 1 | 1 |
| 133 | Охрид | КОЧО РАЦИН | 1 | 1 | 1 |
| 134 | Охрид | НАУМ ОХРИДСКИ с.ПЕШТАНИ | 1 | 2 | 1 |
| 135 | Охрид | ВАНЧО НИКОЛЕСКИ с.ЛЕСКОЕЦ | 1 | 1 | 1 |
| 137 | Дебарца | ДЕБАРЦА с.БЕЛЧИШТА | 2 | 4 | 1 |
| 138 | Прилеп | БЛАЖЕ КОНЕСКИ | 1 | 2 | 1 |
| 139 | Прилеп | ДОБРЕ ЈОВАНОСКИ | 1 | 2 | 1 |
| 140 | Прилеп | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 1 | 2 | 1 |
| 141 | Прилеп | КИРЕ ГАВРИЛОСКИ-ЈАНЕ Р.О.О.У.Ц.О. | 2 | 4 | 1 |
| 142 | Прилеп | КИРИЛ И МЕТОДИЈ с. КАНАТЛАРЦИ | 2 | 3 | 1 |
| 143 | Прилеп | КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ | 1 | 1 | 1 |
| 144 | Прилеп | КОЧО РАЦИН | 1 | 2 | 1 |
| 145 | Прилеп | КРУМЕ ВОЛНАРСКИ-с.ТОПОЛЧАНИ | 2 | 3 | 1 |
| 146 | Прилеп | РАМПО ЛЕВКАТА | 1 | 1 | 1 |
| 147 | Прилеп | СТРАШО ПИНЏУР с.М. КОЊАРИ | 1 | 2 | 1 |
| 149 | Долнени | ГОРЧЕ ПЕТРОВ с.РОПОТОВО | 1 | 1 | 1 |
| 150 | Долнени | МИРЧЕ АЦЕВ с.ЛАЖАНИ | 1 | 1 | 1 |
| 151 | Долнени | ПЕЦО ДАСКАЛОТ с.ДОЛНЕНИ | 1 | 2 | 1 |
| 152 | Долнени | ПЕРЕ ТОШЕВ с.ДУПЈАЧАНИ | 1 | 2 | 1 |
| 153 | Долнени | ПЕТРЕ ГЛИГУРОСКИ с.КОСТИНЦИ | 1 | 1 | 1 |
| 154 | Долнени | ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА сДЕБРЕШТЕ | 1 | 1 | 1 |
| 155 | Долнени | ЛИРИЈА С.ЖИТОШЕ | 1 | 1 | 1 |
| 156 | Кривогаштани | ЈОНЧЕ СМУГРЕСКИ с.ОБРШАНИ | 1 | 1 | 1 |
| 157 | Кривогаштани | МАНЧУ МАТАК с.КРИВОГАШТАНИ | 1 | 1 | 1 |
| 158 | Пробиштип | БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ | 2 | 4 | 1 |
| 159 | Пробиштип | НИКОЛА КАРЕВ | 1 | 2 | 1 |
| 160 | Радовиш | КИРИЛ И МЕТОДИЈ с.ОРАОВИЦА | 1 | 1 | 1 |
| 161 | Радовиш | КОСТА РАЦИН с.ПОДАРЕШ | 1 | 1 | 1 |
| 162 | Радовиш | КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ | 1 | 2 | 1 |
| 163 | Радовиш | НИКОЛА КАРЕВ | 1 | 1 | 1 |
| 164 | Радовиш | ОРЦЕ НИКОЛОВ с.ИЊЕВО | 2 | 4 | 1 |
| 165 | Конце | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ с.КОНЧЕ | 2 | 3 | 1 |
| 166 | Ресен | БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ с.ЦАРЕВ ДВОР | 1 | 2 | 1 |
| 167 | Ресен | ДИМИТАР ВЛАХОВ с.ЉУБОЈНО | 1 | 2 | 1 |
| 168 | Ресен | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 1 | 2 | 1 |
| 169 | Ресен | МИТЕ БОГОЕВСКИ | 2 | 4 | 1 |
| 170 | Ресен | СЛАВЕЈКО АРСОВ с.ПОДМОЧАНИ | 1 | 2 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 171 | Св.Николе | ДАМЕ ГРУЕВ с.ЕРЏЕЛИЈА | 1 | 1 | 1 |
| 172 | Св.Николе | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 1 | 1 | 1 |
| 173 | Св.Николе | КИРИЛ И МЕТОДИЈ | 1 | 1 | 1 |
| 174 | Лозово | МЕТОДИ МИТЕВСКИ-БРИЦО с.ЛОЗОВО | 1 | 2 | 1 |
| 175 | Чаир | НИКОЛА ВАПЦАРОВ | 1 | 2 | 1 |
| 176 | Чаир | РАЈКО ЖИНЗИФОВ | 2 | 2 | 1 |
| 177 | Чаир | ВАСИЛ ГЛАВИНОВ | 1 | 2 | 1 |
| 179 | Чаир | ЦВЕТАН ДИМОВ | 1 | 1 | 1 |
| 180 | Чаир | 7 МАРСИ | 1 | 2 | 1 |
| 181 | Чаир | ЈАНЕ САНДАНСКИ | 1 | 1 | 1 |
| 182 | Чаир | ТЕФЕЈУЗ | 1 | 1 | 1 |
| 183 | Чаир | КОНГРЕСИ И МАНАСТИРИТ | 1 | 1 | 1 |
| 184 | Чаир | ЛИРИЈА | 1 | 2 | 1 |
| 185 | Ш. Оризари | 26 ЈУЛИ - ШУТО ОРИЗАРИ | 2 | 3 | 1 |
| 186 | Ш. Оризари | БРАЌА РАМИЗ ХАМИД- ШУТО ОРИЗАРИ | 1 | 2 | 1 |
| 187 | Чуцер –Сандево | АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ с. САНДЕВО | 1 | 2 | 1 |
| 188 | Чуцер –Сандево | КИРИЛ И МЕТОДИЈ с. КУЧЕВИШТЕ | 1 | 1 | 1 |
| 189 | Чуцер –Сандево | МИХАЉ ГРАМЕНО с. БРЕСТ | 1 | 1 | 1 |
| 190 | Бутел | ЖИВКО БРАЈКОВСКИ | 1 | 2 | 1 |
| 191 | Бутел | АЦО ШОПОВ -РАДИШАНИ | 1 | 1 | 1 |
| 192 | Бутел | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ с.ЉУБАНЦИ | 1 | 1 | 1 |
| 193 | Бутел | КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ нас. БУТЕЛ | 2 | 4 | 1 |
| 194 | Бутел | ЛИМАН КАБА с. ЉУБОТЕН | 1 | 1 | 1 |
| 195 | Бутел | ПАНАЈОТ ГИНОВСКИ . | 1 | 2 | 1 |
| 196 | Бутел | ПЕТАР.З.ПЕНКО . | 1 | 2 | 1 |
| 197 | Центар- | 11 ОКТОМВРИ | 2 | 3 | 1 |
| 198 | Центар | ДИМИТАР МИЛАДИНОВ | 2 | 3 | 1 |
| 199 | Центар | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 1 | 1 | 1 |
| 200 | Центар | Ј.Х. ПЕСТАЛОЦИ | 2 | 3 | 1 |
| 201 | Центар | КИРИЛ И МЕТОДИЈ | 2 | 3 | 1 |
| 202 | Центар | КОЧО РАЦИН | 2 | 3 | 1 |
| 203 | Центар | КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ | 1 | 1 | 1 |
| 204 | Центар | МБУЦ ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ ЛУЈ | 2 | 2 | 1 |
| 205 | Г. Баба | 25 МАЈ нас.СИНГЕЛИК | 1 | 2 | 1 |
| 206 | Гази Баба | ДАНЕ КРАПЧЕВ –МАЏАРИ | 1 | 2 | 1 |
| 207 | Гази Баба | ГРИГОР ПРЛИЧЕВ - ЖЕЛЕЗАРА | 2 | 2 | 1 |
| 208 | Гази Баба | КИРИЛ И МЕТОДИЈ - с.СТАЈКОВЦИ | 1 | 1 | 1 |
| 209 | Гази Баба | КРСТЕ МИСИРКОВ - МАЏАРИ | 2 | 3 | 1 |
| 210 | Гази Баба | КРУМ ТОШЕВ С. ТРУБАРЕВО | 1 | 1 | 1 |
| 211 | Гази Баба | НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ -МАЏАРИ | 1 | 1 | 1 |
| 212 | Гази Баба | НАУМ ОХРИДСКИ с.БУЛЧАНИ | 1 | 1 | 1 |
| 213 | Ѓази Баба | СТИВ НАУМОВ | 2 | 3 | 1 |
| 214 | Гази Баба | ВЕРА ЈОЦИЌ -МАЏАРИ | 1 | 2 | 1 |
| 215 | Гази Баба | ЊЕГОШ -кол.ИДРИЗОВО | 1 | 2 | 1 |
| 216 | Арачиново | БАЈРАМ ШАБАНИ с.ГРУШИНО | 1 | 1 | 1 |
| 217 | Арачиново | ЃОРЃ КАСТРИОТИ СКЕНДЕРБЕУ с.Арачиново | 2 | 3 | 1 |
| 218 | Илинден | БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ с.Миладиновци | 1 | 1 | 1 |
| 219 | Илинден | ГОЦЕ ДЕЛЦЕВ -нас. ИЛИНДЕН | 1 | 1 | 1 |
| 220 | Илинден | РИСТО КРЛЕ с.КАДИНО | 1 | 2 | 1 |
| 221 | Петровец | БРАТСТВО ЕДИНСТВО с. КОЊАРИ | 1 | 1 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 222 | Петровец | КОЧО РАЦИН с. ПЕТРОВЕЦ | 2 | 3 | 1 |
| 223 | Карпош | АВРАМ ПИСЕВСКИ с.БАРДОВЦИ | 1 | 1 | 1 |
| 224 | Карпош | БРАТСТВО -ТАФТАЛИЏЕ | 1 | 1 | 1 |
| 225 | Карпош | ДИМО ХАЏИ ДИМОВ - ВЛАЕ | 1 | 2 | 1 |
| 226 | Карпош | ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ | 1 | 2 | 1 |
| 227 | Карпош | ЈАН АМОС КОМЕНСКИ | 2 | 3 | 1 |
| 228 | Карпош | ЛАЗО ТРПОВСКИ | 1 | 2 | 1 |
| 229 | Карпош | ПЕТАР ПОП АРСОВ | 1 | 2 | 1 |
| 230 | Карпош | ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА | 1 | 2 | 1 |
| 231 | Карпош | ВЛАДО ТАСЕВСКИ | 1 | 2 | 1 |
| 232 | Карпош | ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ | 2 | 4 | 1 |
| 233 | Ѓорце Петров | ДИМИТАР ПОП БЕРОВСКИ | 1 | 1 | 1 |
| 234 | Ѓорце Петров | ГОРЧЕ ПЕТРОВ | 1 | 2 | 1 |
| 235 | Ѓорце Петров | ЈОАКИМ КРЧОВСКИс. ВОЛКОВО | 1 | 1 | 1 |
| 236 | Ѓорце Петров | МИРЧЕ АЦЕВ -ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 1 | 1 | 1 |
| 237 | Ѓорце Петров | СТРАШО ПИНЏУР- Н. ПАТ | 1 | 1 | 1 |
| 238 | Ѓорце Петров | ТИХОМИР МИЛОШЕВСКИ -Н.Село | 2 | 3 | 1 |
| 239 | Сарај | БАЈРАМ ШАБАНИ с. КОНДОВО | 1 | 2 | 1 |
| 240 | Сарај | ДИТУРИА с.САРАЈ | 2 | 3 | 1 |
| 241 | Сарај | ДРИТА С.РАШЧЕ | 1 | 1 | 1 |
| 242 | Сарај | ЕМИН ДУРАКУ С.БУКОВИЌ | 1 | 2 | 1 |
| 243 | Сарај | ФАИК КОНИЦА с. РАДУША | 1 | 1 | 1 |
| 244 | Сарај | ИБЕ ПАЛИКУЌА с.БОЈАНЕ | 1 | 1 | 1 |
| 245 | Сарај | САМИ ФРАШЕРИ С.ГЛУМОВО | 1 | 1 | 1 |
| 246 | К.Вода | КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЧ | 2 | 3 | 1 |
| 247 | Кисела вода | КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ- ДРАЧЕВО | 1 | 1 | 1 |
| 248 | Кисела вода | КРУМЕ КЕПЕСКИ | 1 | 1 | 1 |
| 249 | Кисела вода | КУЗМАН ШАПКАРЕВ - ДРАЕВО | 1 | 1 | 1 |
| 250 | Кисела вода | КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ | 1 | 1 | 1 |
| 251 | Кисела вода | НЕВЕНА ГОРГИЕВА ДУЊА | 1 | 1 | 1 |
| 252 | Кисела вода | ПАРТЕНИЕ ЗОГРАФСКИ | 1 | 1 | 1 |
| 253 | Кисела вода | РАЈКО ЖИНЗИФОВ - НАС. ДРАЧЕВО | 1 | 2 | 1 |
| 255 | Аеродром | БЛАЖЕ КОНЕСКИ | 2 | 3 | 1 |
| 256 | Аеродром | БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ | 1 | 1 | 1 |
| 257 | Аеродром | ДИМИТАР МАКЕДОНСКИ | 1 | 1 | 1 |
| 258 | Аеродром | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ - ГОРНО ЛИСИЧЕ | 1 | 1 | 1 |
| 259 | Аеродром | ГОРГИЈА ПУЛЕВСКИ | 1 | 2 | 1 |
| 260 | Аеродром | ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ | 1 | 2 | 1 |
| 261 | Аеродром | ЉУБЕН ЛАПЕ | 1 | 1 | 1 |
| 262 | Сопиште | ДРАГА СТОЈАНОВА с.РАКОТИНЦИ | 2 | 4 | 1 |
| 263 | Студеничани | АЛИЈА АВДОВИЌ с.БАТИНЦИ | 1 | 1 | 1 |
| 264 | Студеничани | ЈОРДАН КОНСТАНТИНОТ- ЏИНОТ с. КОЛИЧАНИ | 1 | 2 | 1 |
| 265 | Студеничани | НАИМ ФРАШЕРИ с.СТУДЕНИЧАНИ | 1 | 2 | 1 |
| 266 | Зелениково | МАРКО ЦЕПЕНКОВ с. ЗЕЛЕНИКОВО | 2 | 4 | 1 |
| 267 | Струга | АШИМ АГУШИ с. РАДОЛИШТА | 1 | 2 | 1 |
| 268 | Струга | БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ . | 2 | 3 | 1 |
| 269 | Струга | ЕДИНСТВО с.ОКТИСИ | 1 | 1 | 1 |
| 270 | Струга | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ с.ЈАБЛАНИЦА | 1 | 2 | 1 |
| 271 | Струга | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ . С.ПОДГОРЦИ | 1 | 1 | 1 |
| 272 | Струга | ЈОСИП БРОЗ ТИТО | 1 | 2 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 273 | Струга | КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ С.ДРАСЛАЈЦА | 1 | 2 | 1 |
| 274 | Струга | МАРШАЛ ТИТО с. ЛАБУНИШТЕ | 1 | 2 | 1 |
| 275 | Струга | НУРИ МАЗАРИ с.ДЕЛОГОЖДА | 1 | 2 | 1 |
| 276 | Струга | ОРХАН ЏЕМАИЛИ с.Г.ТАТЕШИ | 1 | 1 | 1 |
| 277 | Струга | ЗИМИ ХАНИ с. ВЕЛЕШТА | 1 | 1 | 1 |
| 278 | Вевчани | СТРАШО ПИНЏУРс.ВЕВЧАНИ | 1 | 1 | 1 |
| 279 | Струмица | ДАМЕ ГРУЕВ с.КУКЛИШ | 1 | 1 | 1 |
| 280 | Струмица | ГЕРАС ЦУНЕВ с.ПРОСЕНИКОВО | 1 | 1 | 1 |
| 281 | Струмица | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ с.ВЕЉУСА | 1 | 1 | 1 |
| 282 | Струмица | КИРИЛ И МЕТОДИЈ с.ДАБИЛА | 1 | 1 | 1 |
| 283 | Струмица | МАРШАЛ ТИТО | 1 | 1 | 1 |
| 284 | Струмица | МАРШАЛ ТИТО с.МУРТИНО | 1 | 1 | 1 |
| 285 | Струмица | НИКОЛА ВАПЦАРОВ | 1 | 2 | 1 |
| 286 | Струмица | САНДО МАСЕВ | 1 | 2 | 1 |
| 41 | 840-6618 | надомест за заштита на животна средина за добивање на дозвола за увоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка | 718120 |
| 42 | 840-6623 | надомест за заштита на животна средина при регистрација на моторни возила и пловни објекти | 718121 |
| 43 | 840-6639 | надомест за заштита на животна средина при сеча на дрва | 718122 |
| 44 | 840-6644 | надомест за заштита на животната средина за управување со индустриски неопасен отпад | 718123 |
| 45 | 840-6665 | надомест за заштита на животна средина при производство или увоз на тутунски производи | 718124 |
| 46 | 840-6670 | надомест за заштита на животна средина при производство или увоз на нафтени деривати | 718125 |
| 47 | 840-6686 | надомест за заштита на животна средина за пластични производи и амбалажа од пластични маси | 718126 |
| 48 | 840-6691 | надомест кој го плаќаат операторите на инсталациите со Б-интегрирана еколошка дозвола на општината односно градот Скопје | 718127 |
| 49 | 840-6714 | надомест за заштита на природата за влез и посета на заштитено подрачје | 718128 |
| 50 | 840-6735 | надомест за заштита на природата за паркирање во заштитено подрачје | 718129 |
| 51 | 840-6740 | надомест за заштита на природата за посета на посебни објекти во заштитеното подрачје | 718130 |
| 52 | 840-6756 | надомест за заштита на природата за отстрел на диви видови животни и собирање на диви видови растенија и габи и други шумски плодови | 718131 |
| 53 | 840-6761 | надомест за заштита на природата за престој во заштитено подрачје | 718132 |
| 54 | 840-6777 | средства за заштита на природата стекнати со вршење на активности во зона на активно управување | 718133 |
| 55 | 840-6782 | надомест за управување со отпад на општината односно градот Скопје | 718134 |
| 56 | 840-6798 | 2% од наплатените премии за осигурување на моторни возила (Каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила | 725943 |
| 57 | 840-6805 | приходи од продажба на претпријатија со општествен капитал | 731118 |
| 58 | 840-6810 | приходи од продажба на државен капитал при трансформација на јавни установи | 731119 |
| 59 | 840-6831 | приходи од надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиште | 733131 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 60 | 840-6847 | надомест што плаќаат правните лица кои што произведуваат или увезуваат тутунски производи кои содржат штетни материи по здравјето на населението | 718135 |
| 61 | 840-6901 | надоместок што го плаќаат правните лица кои што произведуваат или увезуваат тутунски производи за финансирање на примарното тутунско производство, за дополнително финансирање на примарното земјоделско производство и за промоција на извозот | 718137 |
| 62 | 840-6852 | приходи остварени од наплата на парични казни и трошоци изречени во парничните, прекршочните, кривичните и управните постапки | 724153 |
| 63 | 840-6868 | еднократни надоместоци за добивање на одобренија за користење на радиофреквенциите кои се доделуваат преку јавен тендер | 725944 |
| 64 | 840-6873 | надомест за производство на енергија од фосилни горива | 718138 |
| 65 | 840-6889 | надомест за добивање на лиценца за продажба на алкохолни пијалаци | 718139 |
| 66 | 840-6894 | надомест за одржување на јавна чистота | 718140 |
| 67 | 840-6917 | надомест за добивање на лиценца за изработување на урбанистички планови | 718141 |
| 68 | 840-6922 | надомест за водење на жалбена постапка по јавни набавки | 724154 |
| 69 | 840-6938 | приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште сопственост на РМ | 733132 |
| 70 | 840-6943 | приходи остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште сопственост на РМ во постапки согласно кои паричните средства се распределуваат 60% на Буџетот на РМ и 40% на ЕЛС | 733133 |
| 71 | 840-7001 | надоместок за полагање стручен испит за стекнување звање управувач со чамец | 724155 |
| 72 | 840-7017 | надоместок за издавање одобрение за пристапување на странски пловен објект во внатрешните води на РМ | 724156 |
| 73 | 840-7022 | надоместок за издавање на бродски исправи и книги | 724157 |
| 74 | 840-7038 | надоместок за преглед на чамец | 724158 |
| 75 | 840-7043 | надоместок за вршење надзор над градба на чамец | 724159 |
| 76 | 840-7059 | приходи од продажба на капитални средства кои се имот на општините | 731120 |
| 77 | 840-7064 | надоместок за трајна пренамена на земјоделско земјиште | 733134 |
| 78 | 840-4634 | закуп на објекти и рекламен простор на граничен премин | 723915 |
| 79 | 840-4655 | надоместоци за користење на царински терминали | 725959 |
| 80 | 840-6964 | надомест за добивање на лиценца за проектирање, надзор и изведувач | 718142 |

## II. ПРИХОДИ НА ФОНДОВИТЕ

### 9. Приходи на Фонд за здравствено осигурување на Македонија

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 843-16 | дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување | 712211 |
| 2 | 843-37 | придонес за задолжително здравствено осигурување од бруто плати и надоместоци од плати на вработени кај правни лица | 712213 |
| 3 | 843-63 | придонес за задолжително здравствено осигурување од бруто плати на работници кај лица кои вршат самостојна дејност | 712216 |
| 4 | 843-84 | придонес за задолжително здравствено осигурување од лица кои вршат самостојна дејност | 712215 |
| 5 | 843-58 | придонес за задолжително здравствено осигурување на лица кои се занимаваат со земјоделство, сточарство, живинарство, пчеларство или риболов | 712221 |
| 6 | 843-1905 | придонес за задолжително здравствено осигурување на корисниците на пензии и парични надоместоци според прописите на пензиското и инвалидското осигурување | 712512 |
| 7 | 843-107 | придонес за задолжително здравствено осигурување на невработени лица | 712511 |
| 8 | 843-1926 | придонес за задолжително здравствено осигурување на корисници на права од социјална заштита | 712514 |
| 9 | 843-1947 | придонес за задолжително здравствено осигурување на други осигуреници (осигуреници кај странски работодавци или во служба во меѓународни мисии и организации, странски дипломатски и конзуларни претставништва, граѓани кои пристапиле кон задолжително здравствено осигурување) | 712222 |
| 10 | 843-1910 | средства за задолжително здравствено осигурување од Основниот Буџет | 712513 |
| 11 | 843-864 | придонес за здравствено осигурување за изминати години | 712223 |
| 12 | 843-1989 | приходи од наплата на партиципации | 725946 |
| 13 | 843-1968 | приходи од надомест на штета | 725947 |
| 14 | 843-1973 | други приходи на Фондот за здравствено осигурување | 712225 |
| 15 | 843-495 | камата за ненавремено плаќање на придонесите за здравствено осигурување | 725948 |

**10. Приходи на Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 843-128 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување за стаж на осигурување што се смета со зголемено траење | 712111 |
| 2 | 843-149 | придонес од плати за пензиско и инвалидско осигурување за работниците кај правни лица | 712113 |
| 3 | 843-203 | придонес од плати на вработени кај физички лица кои вршат самостојна дејност | 712114 |
| 4 | 843-180 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување на физички лица што вршат самостојна дејност | 712116 |
| 5 | 843-196 | придонес за продолжено пензиско-инвалидско осигурување | 712117 |
| 6 | 843-112 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување што го плаќа Агенцијата за вработување за невработени лица | 712411 |
| 7 | 843-219 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување за боледување над 21 денаод Фондот за здравствено осигурување | 712412 |
| 8 | 843-913 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување за вработени кај странски и меѓународни органи и организации и дипломатски и конзуларни претставништва | 712121 |
| 9 | 843-432 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување за изминати години | 712122 |
| 10 | 843-448 | дивиденда по основ на акции стекнати од трансформацијата | 734111 |
| 11 | 843-890 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуални земјоделци | 712124 |
| 12 | 843-453 | приходи од продажба на удели, акции и други хартии од вредност | 771212 |
| 13 | 843-411 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување што го плаќа ФПИОМ за корисниците на надоместоци по основ на инвалидност | 712413 |
| 14 | 843-469 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување што го плаќаат Центарот за социјални работи за надоместок на плата за скратено работно време поради нега на хендикепирано дете | 712414 |
| 15 | 843-502 | камата за ненавремено плаќање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување | 725949 |

**11. Приходи на Агенцијата за вработување на Република Македонија**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 843-768 | придонес за вработување од плати на работниците од правни лица | 712311 |
| 2 | 843-789 | придонес за вработување од плати на работниците вработени кај лица кои вршат самостојна дејност, односно кај физички лица | 712315 |
| 3 | 843-747 | придонес за вработување што го уплатуваат работници на привремена работа во странство | 712316 |
| 4 | 843-635 | придонес за вработување за изминати години | 712317 |
| 5 | 843-518 | камата за ненавремено плаќање на придонесите за вработување | 725950 |

## III. ПРИХОДИ НА ДРУГИ ФОНДОВИ И ДРУГИ ПРИХОДИ

**12. Приходи на Фондот за води**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 842-1562 | придонес од доход за водостопанство | 725925 |
| 2 | 842-250 | приходи за водостопанство од физички лица | 725926 |
| 3 | 842-224 | други приходи за водостопанство | 725927 |

**13. Приходи на Агенција за магистрални и регионални патишта**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 842-320 | надомест за употреба на јавните патишта (патна такса) за моторни и приклучни возила што подлежат на регистрација | 718213 |
| 2 | 842-292 | надомест за употреба на јавните патишта (патна такса) за моторни и приклучни возила - странски превозници | 718212 |
| 3 | 842-39981 | надомест за употреба на автопат или магистрален пат, нивен дел или објект на патот (автопатска такса) | 718211 |
| 4 | 842-357 | надомест за изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место | 718215 |
| 5 | 842-362 | надоместоци за штета сторена на патот и објектите на патот | 718216 |
| 6 | 842-196 | други приходи на Агенцијата за магистрални и регионални патишта | 725928 |

**Прилог 2**

**СПИСОК**
**НА ОПШТИНИ СО ОЗНАКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

| Реден број | Назив на општината | Ознака на општината |
|---|---|---|
| 1 | Арачиново | 101 |
| 2 | Берово | 102 |
| 3 | Битола | 103 |
| 4 | Богданци | 104 |
| 5 | Боговиње | 105 |
| 6 | Босилово | 106 |
| 7 | Брвеница | 107 |
| 8 | Валандово | 108 |
| 9 | Василево | 109 |
| 10 | Вевчани | 110 |
| 11 | Велес | 111 |
| 12 | Виница | 112 |
| 13 | Вранештица | 113 |
| 14 | Врапчиште | 114 |
| 15 | Гевгелија | 115 |
| 16 | Гостивар | 116 |
| 17 | Градско | 117 |
| 18 | Дебар | 118 |
| 19 | Дебарца | 119 |
| 20 | Делчево | 120 |
| 21 | Демир Капија | 121 |
| 22 | Демир Хисар | 122 |
| 23 | Дојран | 123 |
| 24 | Долнени | 124 |
| 25 | Другово | 125 |
| 26 | Желино | 126 |
| 27 | Зајас | 127 |
| 28 | Зелениково | 128 |
| 29 | Зрновци | 129 |
| 30 | Илинден | 130 |
| 31 | Јегуновце | 131 |
| 32 | Кавадарци | 132 |
| 33 | Карбинци | 133 |
| 34 | Кичево | 134 |
| 35 | Конче | 135 |
| 36 | Кочани | 136 |
| 37 | Кратово | 137 |
| 38 | Крива Паланка | 138 |
| 39 | Кривогаштани | 139 |
| 40 | Крушево | 140 |
| 41 | Куманово | 141 |
| 42 | Липково | 142 |
| 43 | Лозово | 143 |
| 44 | Маврово и Ростуше | 144 |
| 45 | Македонски Брод | 145 |
| 46 | Македонска Каменица | 146 |
| 47 | Могила | 147 |
| 48 | Неготино | 148 |
| 49 | Новаци | 149 |
| 50 | Ново Село | 150 |
| 51 | Осломеј | 151 |
| 52 | Охрид | 152 |
| 53 | Петровец | 153 |

| | | |
|---|---|---|
| 54 | Пехчево | 154 |
| 55 | Пласница | 155 |
| 56 | Прилеп | 156 |
| 57 | Пробиштип | 157 |
| 58 | Радовиш | 158 |
| 59 | Ранковце | 159 |
| 60 | Ресен | 160 |
| 61 | Росоман | 161 |
| 62 | Старо Нагоричане | 162 |
| 63 | Свети Николе | 163 |
| 64 | Сопиште | 164 |
| 65 | Струга | 165 |
| 66 | Струмица | 166 |
| 67 | Студеничани | 167 |
| 68 | Теарце | 168 |
| 69 | Тетово | 169 |
| 70 | Центар Жупа | 170 |
| 71 | Чашка | 171 |
| 72 | Чешиново и Облешево | 172 |
| 73 | Чучер Сандево | 173 |
| 74 | Штип | 174 |
| 75 | Аеродром | 175 |
| 76 | Бутел | 176 |
| 77 | Гази Баба | 177 |
| 78 | Ѓорче Петров | 178 |
| 79 | Карпош | 179 |
| 80 | Кисела Вода | 180 |
| 81 | Сарај | 181 |
| 82 | Центар | 182 |
| 83 | Чаир | 183 |
| 84 | Шуто Оризари | 184 |
| 85 | Град Скопје | 185 |

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2186.**

Врз основа на член 8 став 4 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата на Советот одржана на 10.09.2009 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За заменик претседател на Судскиот совет на Република Македонија е избран

Насер Хаџи - Ахметагиќ, член на Судскиот совет на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2583/1
10 септември 2009 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Васил Грчев**, с.р.

---

**2187.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.107/2005 година), член 42 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006) и чл.31 став 1 алинеја 4 и член 46 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006 година), Судскиот совет на Република Македонија на редовната 74-та седница одржана на ден 10.09.2009 година, ја донесе следната

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН СУД СТРУГА

За судии поротници на Основен суд Струга се избрани:

1. Абдулазис Даути
2. Исмет Даути
3. Мустафа Даути
4. Артан Кадриоски
5. Беса Кадриоска
6. Нуи Положани
7. Илир Пополжани
8. Јашар Положани и
9. Ариз Даути.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 07-2590/1
11 септември 2009 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Васил Грчев**, с.р.

---

**2188.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно амандман XXVI на Уставот на Република Македонија објавен во („Службен весник на РМ“ бр. 107/2005), на седницата одржана на 10.09.2009 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

Се констатира престанок на судиската функција на Митко Ташов, судија на Основен суд Гевгелија, поради исполнување на условите за старосна пензија од 31.08.2009 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето - 10.09.2009 година.

Бр. 07-2588/1
11 септември 2009 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија,
Претседател,
**Васил Грчев**, с.р.

---

**2189.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно амандман XXVI на Уставот на Република Македонија објавен во („Службен весник на РМ“ бр. 107/2005), на седницата одржана на 10.09.2009 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

Се констатира престанок на судиската функција на Васка Трпеска, судија на Основен суд Гостивар, поради исполнување на условите за старосна пензија од 23.08.2009 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето- 10.09.2009 година.

Бр. 07-2589/1
11 септември 2009 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Васил Грчев**, с.р.

---

**2190.**

Врз основа на член 44 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Сл.весник на РМ“ бр. 60/2006 од 15.05.2006 година), Судскиот совет на Република Македонија објавува

### О Г Л А С

- За избор на претседател на Основен суд Струмица;
- За избор на претседател на Основен суд Делчево и
- За избор на претседател на Основен суд Радовиш.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во чл.45 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/06), да е државјанин на Република Македонија, активно да го владее македонскиот јазик, да е работо способен и да има општа здравствена способност, да има стекнато универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Македонија или нострифицирана диплома од правен факултет од странство и да има положен правосуден испит во Република Македонија), член 47 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/06), кандидатот за претседател на суд кој се избира од редот на судиите во Република Македонија за време од четири години да предложи програма за работа во текот на мандатот), пријавите со потребните документи во оригинал или во заверена копија, да ги поднесуваат до Судскиот совет на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Македонија“.

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

10 септември 2009 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Васил Грчев**, с.р.

**2191.**

Судскиот совет на Република Македонија врз основа на член 39 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.60/06), објавува

## О Г Л А С

1. За избор на 3 (тројца) судии на Апелационен суд Скопје и

2. За избор на 1 (еден ) судија на Апелационен суд Штип.

Кандидатите за избор на судии освен условите предвидени во член 45 од Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр.58/06) и Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр.35/08), потребно е како посебен услов да исполнуваат:

Кандидатите за избор на судии на Апелационен суд, како посебен услов потребно е да имаат работно искуство од најмалку пет години работно искуство на правни работи по положен правосуден испит.

Заинтересираните кандидати пријавите (заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар, а лекарското уверение да не е постаро од една година од денот на нивното издавање), да ги достават до Судскиот совет на Република Македонија, ул„Вељко Влаховиќ“ б.б., во рок од 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ“.

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Судски совет
10 септември 2009 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Васил Грчев**, с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**2192.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Охрид 2 – Општина Охрид.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 10-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Охрид 2, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-14533/1
10 септември 2009 година Директор,
Скопје **Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2193.**

Врз основа на член 19, алинеја 7 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 63/06, 36/07 и 106/08), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ” бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ“ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 14.09.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 25,905 |
| - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | до 27,191 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 24,800 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 24,386 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 22,129 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 61,00
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 62,50

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 48,00

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 37,00

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 26,761

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 60,50 | 60,00 | 59,50 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 62,00 | 61,50 | 61,00 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 47,50 | 47,00 | 46,50 |
| Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | 36,50 | 36,00 | 35,50 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цените за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цените на мазутот М-1 НС важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цените за мазутот М-1 НС, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 0,080
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 0,080

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 0,030

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 0,040

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 22,010
- ЕУРОСУПЕР БС – 98 до 21,995

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 12,148

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 3,230

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,100

Член 5

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М-1 НС | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 15.09.2009 година.

Бр. 02-2050/1
14 септември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

**2194.**

Врз основа на член 45 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/06, 36/07 и 106/08) и членовите 38 и 39 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ” бр. 31/09), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, постапувајќи по Барањето на ОКТА Рафинерија на нафта, Акционерско друштво - Скопје, на седницата одржана на 14 септември 2009 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ**

1. Во Одлуката бр. 02-1192/1 од 18.10.2005 година, за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/05) насловот на Одлуката се менува и гласи: „Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

2. Во точката 1. по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

3. Точката 2 се менува и гласи:

„2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива се утврдени во Прилог 1. „Лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“ кој што е составен дел на оваа Одлука.“

4. Насловот на Прилогот 1. се менува и гласи: „Лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

5. Во Прилогот 1.

- во Точката 2 по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

- во Точката 6 евидентниот број на издадената лиценца се менува и гласи: „НД-03.03.1/05.2/09“.

- во Точката 9, во ставовите 1 и 2 по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

- Во точката 10:

а) во потточката 1 во воведната реченица по зборот „дизел горива“ се додаваат зборовите „биогорива, мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

б) во првата алинеја и во втората алинеја од потточката 1 по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

в) во потточките 2, 3 и 4 по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

- Во точката 11 по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

- Во точката 12, во алинеите 1, 2 и 3 по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

- Во точката 14, во точката 1 на потточката 2 по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

- Во точката 15, во алинеата 1 по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

- Во точките 16, 17 и 18 по зборот „менување“ се додава зборот: „продолжување“.

6. Табелата 1, која што е составен дел на оваа лиценца се менува и гласи како што е дадено во Прилогот кон оваа одлука.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-20551
14 септември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

ПРИЛОГ : ТАБЕЛА 1

НАБАВКА И ПРОДАЖБА НА НАФТА , НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И МЕШАВИНИ НА ТЕЧНИ ГОРИВА
ОД ФОСИЛНО ПОТЕКЛО ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА ТРАНСПОРТ, СО БИОГОРИВА ВО ТЕКОТ НА ________________ ГОДИНА (МЕСЕЦ)

(во тони)

| Вид на нафта и деривати | Состојба на залихи на почетокот на годината (месец) | Н А Б А В К А | | | | ВКУПНО располо-живо (2+6) | П Р О Д А Ж Б А | | | | | Состојба на залихи на крајот на годината (месец) (7-12) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | РМ | | УВОЗ | ВКУПНО набавено (3+4+5) | | во РМ | | | ИЗВОЗ | ВКУПНА продажба (10+11) | |
| | | ОКТА производ. | Други | | | | големопродажба | малопродажаба | ВКУПНО РМ (8+9) | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| **Нафта** | | | | | | | | | | | | |
| **Моторни бензини** | | | | | | | | | | | | |
| ЕУРОСУПЕР-95 | | | | | | | | | | | | |
| ЕУРОСУПЕР-98 | | | | | | | | | | | | |
| ЕУРОСУПЕР-БС 95 | | | | | | | | | | | | |
| ЕУРОСУПЕР-БС 98 | | | | | | | | | | | | |
| Биоетанол | | | | | | | | | | | | |
| **Дизел горива** | | | | | | | | | | | | |
| Еуродизел | | | | | | | | | | | | |
| Еуродизел-БС | | | | | | | | | | | | |
| Биодизел | | | | | | | | | | | | |
| Биодизел-БС | | | | | | | | | | | | |
| **Екстра лесно 1(ЕЛ-1)** | | | | | | | | | | | | |
| **Мазут** | | | | | | | | | | | | |
| М2 | | | | | | | | | | | | |
| М1-НС | | | | | | | | | | | | |
| М2-НС | | | | | | | | | | | | |
| **Пропан- -бутан (ТНГ)** | | | | | | | | | | | | |
| **Млазно гориво** | | | | | | | | | | | | |
| **Биогориво** | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | | | | | | | | | |

Датум: ____________________

М.П.

**Одговорно лице**

____________________
(полно име и презиме)

____________________
(потпис)

**2195.**

Врз основа на член 19, став 1, алинеја 8 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр 63/06, 36/07 и 106/08), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 14 септември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ НАМЕШУВАЊЕ НА ТЕЧНИ ГОРИВА ОД ФОСИЛНО ПОТЕКЛО ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА ТРАНСПОРТ СО БИОГОРИВО

1. На ОКТА Рафинерија на нафта, Акционерско друштво - Скопје, и се издава лиценца за вршење на енергетската дејност намешување на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогориво.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност намешување на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогориво се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетската дејност намешување на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогориво“ кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-2053/1
14 септември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

**Прилог 1**

## Л И Ц Е Н Ц А
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ НАМЕШУВАЊЕ НА ТЕЧНИ ГОРИВА ОД ФОСИЛНО ПОТЕКЛО ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА ТРАНСПОРТ, СО БИОГОРИВО

**1. Име и седиште на носителот на лиценцата**

ОКТА Рафинерија на нафта, Акционерско друштво - Скопје, с. Миладиновци п.фах бб, општина Илинден, 1000 Скопје, Република Македонија.

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Намешување на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогориво.

**3. датум на издавање на лиценцата:**
14 септември 2009 година

**4. период на важење на лиценцата:**
35 години

**5. датум до кога важи лиценцата:**
14 септември 2044 година

**6. Евидентен број на издадената лиценца:**
НД - 14.06.1/09

**7. Број на деловниот субјект** - 4074009

**8. Единствен даночен број** - 4030980254845

**9. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на енергетската дејност намешување на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогориво.

Како намешување на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогориво, во смисла на оваа лиценца се смета мешање во одреден процент на чисто биогориво - ФАМЕ со течно гориво од фосилно потекло - дизел гориво и добивање на финален производ мешавина на течни горива - биодизел.

**10. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста**

1. Енергетската дејност намешување на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогориво, ОКТА Рафинерија на нафта, ќе ја врши во посебни складишни резервоари наменети за оваа дејност, лоцирани на подрачјето каде е сместена Рафинеријата на нафта ОКТА, со седиште с. Миладиновци п.фах бб, општина Илинден, 1000 Скопје, Република Македонија.

2. Процесот на намешување започнува со истовремено препумпување на компонентите за намешување на дизелски биогорива (хидропрочистена керозинска ф-ја, хидропрочистени дизелски ф-ии и биодизел-ФАМЕ) од соодветните складишни резервоари во количини дефинирани по претходни пресметки, во складишни резероварi за дизелски биогорива. Приемот на биодизел (ФАМЕ) ќе се врши со автоцитерни, а истоварот ќе се извршува со пумпи во соодветни складишни резервоари. Количината на намешаните компоненти се контролира преку систем за автоматско следење на промената на нивото во складишните резервоари од секоја компонента поодделно како и со промената на нивото во складишниот резервоар за дизелското биогориво. По завршеното намешување и по завршување на постапката на хомогенизација на намешаните компоненти во складишниот резервоар за дизелско биогориво, се врши узоркување и проверка на квалитетот на намешаното дизелско биогориво.

3. Носителот на лиценцата е должен да обезбеди објектите и постројките во кои се врши намешување на течните горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогориво да ги исполнуваат пропишаните техничко - технолошки услови за безбедно вршење на дејноста и обезбедување на производи со пропишан квалитет.

4. Носителот на лиценцата е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за секоја промена на расположивиот капацитет на постројки за намешување на течните горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогориво, најдоцна во рок од 30 дена по настанатата промена.

**11. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на дејноста намешување на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт со биогориво, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа;

- обезбеди произведените мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користи за транспорт со биогорива да ги исполнуваат пропишаните норми за квалитетот;

- ги почитува техничките правила, нормативи и стандарди за работа на енергетските објекти и опрема, и

- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон, а особено Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**12. Обврска за поседување на раздвоени сметки**

Носителот на лиценцата е должен :

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**13. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

1. Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за финансиското и деловното работење во претходната година (извештајна година).

2. Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

2.1 Добиените мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користи за транспорт со биогорива во текот на извештајната година, презентирани согласно Табелата 1, која е составен дел на оваа лиценца.

2.2 Годишна сметка и финансиски извештај составен од:

- биланс на состојба и биланс на успех,
- извештај за промените во главнината,
- извештај за паричните текови,
- применетите сметководствени политики,
- други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди, и
- интерни пресметки за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца

3. Превземени мерки во текот на извештајна година, за:

- заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;
- заштита при работа;
- обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на дејноста;
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- спроведување на мониторинг врз сопственото работење;
- обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на дејноста;
- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4. Извршување на програмата за ремонти во извештајна година;

5. Состојба со кадровска екипираност за извршување на пооделни задачи во врска со дејноста;

6. Извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

7. Оценка за реализирање на планот за работа за извештајната година; и

8. Бизнис план за тековната година.

**14. бврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста**

- Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува месечни извештаи за добиените мешавини на течни горива од фосилно потекло што се користи за транспорт со биогорива презентирани согласно Табелата 1, која е составен дел на оваа лиценца.

- Носителот на лиценцата е должен да ја известува Регулаторната комисија за енергетика за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на дејноста.

- Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да доставува и други податоци во врска со вршењето на дејноста.

**15. Обврска за овозможување на пристап до објектите и инсталациите и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид од страна на Регулаторната комисија во вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата, увид во целокупната документација на носителот на лиценцата, објектите, деловните простории, простори, инсталациите, како и на средствата и опремата потребни за вршење на дејноста, во согласност со Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**16. Изменување и дополнување на лиценцата**

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**17. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

**Табела 1**

## НАМЕШУВАЊЕ НА ТЕЧНИ ГОРИВА ОД ФОСИЛНО ПОТЕКЛО ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА ТРАНСПОРТ СО БИОГОРИВО ВО ТЕКОТ НА МЕСЕЦОТ _________________, ________________ ГОДИНА

### ПРОИЗВЕДЕНИ КОЛИЧИНИ НА МЕШАВИНИ НА ТЕЧНИ ГОРИВА ОД ФОСИЛНО ПОТЕКЛО ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА ТРАНСПОРТ СО БИОГОРИВО

(во тони)

| Вид на мешавини од течни горива од фосилно потекло со биогорива | Залихи по вид на мешавини во почетокот на месецот ОКТА | Произведени количини на мешавини во текот на месецот | Залихи на мешавини на крајот од извештајниот месец | Произведени количини на мешавини кумулативно од почетокот на годината |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 БИОДИЗЕЛ | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | |

**Датум:** ____________________

**Одговорно лице**

______________________________

**(полно име и презиме)**

______________________________

**(потпис)**

**2196.**

Врз основа на член 45 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08) и членовите 38 и 39 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ” бр. 31/09), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, постапувајќи по Барањето на ОКТА Рафинерија на нафта, Акционерско друштво - Скопје, на седницата одржана на 14 септември 2009 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СКЛАДИРАЊЕ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

1. Во Одлуката бр.02-1191/1 од 18.10.2005 година, за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност складирање на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/05) насловот на Одлуката се менува и гласи: „Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност складирање на нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

2. Во точката 1. по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

3. Точката 2 се менува и гласи:

„2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност складирање на нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива се утврдени во Прилог 1. „Лиценца за вршење на енергетската дејност складирање на нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“ кој што е составен дел на оваа одлука“.

4. Насловот на Прилогот 1. се менува и гласи: „Лиценца за вршење на енергетската дејност складирање на нафта и нафтени деривати и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

5. Во Прилогот 1.

- во Точката 2 по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

- во Точката 6 евидентниот број на издадената лиценца се менува и гласи: „НД-03.04.1/05.2/09“.

- во Точката 9, во ставовите 1 и 2 по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

- Во точката 10:

а) во потточката 1 во воведната реченица по зборовите „деривати“ и „дизел горива“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

б) во првата алинеја и во втората алинеја од потточката 1 по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „биогоривата и мешавината на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

в) во потточките 2 и 3, по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

- Во точката 11, по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

- Во точката 12, во алинеите 1 и 2 по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

- Во точката 14, во точката 1 на потточката 2, по зборот „деривати“ се додаваат зборовите: „и биогорива и мешавина на течни горива од фосилно потекло што се користат за транспорт, со биогорива“.

- Во точките 16, 17 и 18 по зборот „менување“ се додава зборот: „продолжување“.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-2054/1
14 септември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.
Претплатата за 2009 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.
www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk
ISSN 0354-1622
2009114